**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**
**Институт за дефектологија**

# РАЗВОЈОТ НА ПОСЕБНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ПРЕКУ СОДРЖИНИТЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ВО ПОСЕБНИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ЗА УЧЕНИЦИ СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**- МАГИСТЕРСКИ ТРУД -**

**МЕНТОР:** **КАНДИДАТ:**

Проф. д-р ГОРАН АЈДИНСКИ СНЕЖАНА ТРПЕВСКА

**Скопје, 2016 година**

***Магистерскиот труд го посветувам***

***на моите најблиски...***

***„Проблемите поврзани со животната судбина на лицата со пречки во развојот, низ цела историја на човековиот род, претставувале и претставуваат своевидна окупација и предизвик во напорите за нивна посоодветна стручна и научна експликација."***

***Љупчо Ајдински***

## Содржина

Резиме ....... 6

Abstract ....... 7

Вовед ....... 8

I. Теоретски основи на истражувањето ....... 10

1. Дефинирање на состојбата на лицата со пречки во развојот ....... 10

 1.1. Дефиниција и класификација на лицата со пречки во развојот ....... 12

2. Основи за планирање на воспитно-образовната дејност ....... 16

 2.1. Принципи на основното образование и воспитание ....... 18

3. Основно образование и воспитание на ученици со посебни образовни потреби ....... 21

4. Карактеристики на лицата со интелектуална попреченост ....... 26

 4.1.Развојни карактеристики на лица со интелектуална попреченост ....... 27

 4.2. Образовни карактеристики на лица со интелектуална попреченост ....... 28

 4.3. Дефиниција и класификација на интелектуалната попреченост ....... 29

5. Историски развој на посебното училиште за деца со пречки во развојот ....... 31

6. Посебни основни училишта ....... 33

 6.1. Цели и задачи на посебните основни училишта ....... 34

7. Состојба во посебните основни училишта во Република Македонија ....... 35

8. Наставни планови и програми во посебните основни училишта ....... 36

9. Следење и унапредување на работата во посебните основни училишта ....... 42

10. Релевантни истражувања во врска со проблемот ....... 43

II Методологија на истражувањето ....... 54

1. Предмет на истражувањето ....... 54

2. Цели и карактер на истражувањето ....... 54

3. Задачи на истражувањето ....... 55

4. Хипотези на истражувањето ....... 56

5. Методи, техники и инструменти ....... 57

6. Популација и примерок ....... 59

III. Резултати од истражувањето со дискусија ....... 61

1. Анализа на наставните планови и програми за посебни основни училишта ....... 61

2. Квалитативна анализа на истражувањето ....... 124

3.Квантитативна анализа на истражувањето ....... 133

3.1. Прашалник за самоевалуација на наставниците за планирањето на наставата ................ 133
3.2. Прашалник за имплементација на актуелните адаптирани наставни програми (наменет за наставниците во посебните основни училишта) ........................................ 145
IV. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ........................................ 151
1. Заклучоци ........................................ 151
2. Препораки ........................................ 157
Библиографија ........................................ 159
Прилог 1. Прашалник за самоевалуација на наставниците за планирањето на наставата .......... 167
Прилог 2. Прашалник за имплементација на актуелните адаптирани наставни програми (наменет за наставниците во посебните основни училишта) ........................................ 169

# Резиме

Имајќи го во предвид раритетот на научните истражувања за оваа проблематика, голем предизвик но истовремено и обврска и одговорност беше спроведувањето сеопфатна анализа и компарација на наставните програми во посебните основни училишта за ученици со интелектуална попреченост од 1960 година до денес, како и анализа на состојбата во посебното основно образование по инплементација на актуелните адаптирани програми за ученици со интелектуална попреченост.

Трудот е продукт на искуствени и научни сознанија во конципирање и осмислување на модели на адаптирана наставна програма за потребите на учениците со интелектуална попреченост, дизајнирање и примена на нови современи методи, техники и наставни средства во наставата, како и адекватна обуката на специјалните едукатори и рехабилитатори за конкретните цели.

Покрај теоретската стратификација на проблемот и методологијата на истражување, трудот врз основа на истражувањата, ги аспектира сите компоненти значајни за планирањето на наставата (постигнување на целите од програмата, изготвување индивидуален образовен план, планирање разни форми и методи на работа, истражувачки активности, вежби, користење наставни материјали и инструменти и др.).

Целите во магистерскиот труд се дизајнирање на наставните програми, во насока на се поголема нивна компатибилност со потребите и можностите на децата со интелектуална попреченост.

Како мошне значајна се истакнува потребата, при конципирање и обработка на наставните содржини, задолжително да се земат во предвид индивидуалните способности на децата, можноста за разбирање и темпото на напредување, со преферирање на индивидуалната работа и максимално искористување на функционалниот капацитет на секој ученик.

На патот кон успешна образовна инклузија, на децата со интелектуална попреченост им е потребна реална процена на нивните функционални ограничувања и потреби, што претставува добра основа за планирање и конципирање на наставните програми и соодветно обучени кадри, со што ќе се допринесе за побрз развој и поквалитетно посебно основно образование.

Клучни зборови: наставни планови, наставни програми, интелектуална попреченост, посебно образование.

## Abstract

Considering the rarity of the scientific research on this matter, it was a great challenge but also an obligation and responsibility to pursue a comprehensive analysis and comparison of curriculum in special primary schools for students with intellectual disabilities from 1960 to today, and the analysis of the situation in special elementary education after the implementation of the adapted programs for students with intellectual disabilities.

The Thesis is a product of experiential and scientific knowledge in the conception and design of adapted curriculum models for the needs of students with intellectual disabilities, design and application of new modern methods, techniques and teaching aids in teaching, as well as adequate training of special educators and therapists for the specific purposes.

Besides theoretical stratification of the problem and research methodology, this Thesis based on research, is focusing on all components important for planning of the lectures (achieving the objectives of the program, developing an individual educational plan, planning various forms and methods of work, research, exercises, using teaching materials and tools, etc.).

The targets of this thesis are designing curricula, in order to be more compatible with the needs and the abilities of people with intellectual disabilities.

It is very important to stress the need, that during the conception and processing of the curricula, the individual abilities of the children must be taken into account, understanding capabilities and the pace of progress, with preference for individual work and maximum utilization of the functional capacity of each student.

On the path to a successful educational inclusion of children with intellectual disabilities, they require a realistic assessment of their capabilities and needs, which represents a good basis for planning and conception of curricula and properly trained personnel, which will contribute to the faster development and better special primary education.

Keywords: curricula, programs, intellectual disability, special education.

## Вовед

Водени од општо прифатените начела за еднаквост и рамноправност помеѓу луѓето, како и од акомодацијата на општествените добра согласно различностите, со акцент од се поголемата нагласеност на процесот на инклузија во образованието, се пристапи кон создавање на труд на оваа тема.

Сведоци сме на фактот дека во секое општество и во сите општествени слоеви има лица со попреченост, а причините и последиците од попреченоста се варијабилни.

Постојат различни причинители кои доведуваат до определени последици на човековата состојба, на неговиот статус и на улогата и местото во општествената заедница. Имено, видот, степенот и природата на оштетеноста, времето на нејзиното настанување, како и животните услови, може да предизвикаат тешки последици врзани за интегритетот на личноста.

Односот на општеството кон лицата со попреченост, низ историјата и низ различните етапи на развитокот, бил класно-историски, социо-економски и социо-културно определен.

Раководејќи се од хуманизмот и човечката благодарност, нашето општество во највисоките општествено-политички и правни документи прифати обврска за максимално ангажирање во оваа област, со цел обезбедување оптимални услови за заштита и рехабилитација на лицата со попреченост, приклучувајќи им се на бројните релевантни документи на Организацијата на Обединетите Нации.

Соочноста на општеството со овој предизвик, нужно ја наметнува потребата за перманентно градење современ систем на организирана заштита, образование и рехабилитација, кој ќе овозможи континуирано и навремено задоволување на комплексот потреби, преку организирањето на превентивната заштита, ран рехабилитационен третман, посебен воспитно-образовен процес, професионално, односно работно оспособување и создавање на услови за вработување, односно целосна општествена инклузија на лицата со попреченост.

Интелектуалната попреченост како најчеста во однос на другите попречености, се карактеризира со значителни ограничувања во интелектуалното функционирање и адаптивното однесување, кое ги опфаќа секојдневните социјални и практични вештини.

Образованието и воспитанието како мошне значаен сегмент од интегралната рехабилитација и општествената инклузија на учениците со интелектуална попреченост, особено се актуелизира во последниве петнаесет години благодарение на образовната

инклузија чија имплеминтација започна организирано да се спроведува, а во последниве години и интензивно да се омасовува. Меѓутоа, покрај позитивните аспекти и импликации, овој процес допринесе и за генерализација на нереални ставови и иницијативи за укинување на сите облици на посебно образование за ученици со интелектуална попреченост и барање за нивно тотално вклучување во редовниот образовен систем.

Оваа појава предизвика негација на фактите за потребата од посебни воспитно-образовни и рехабилитациони установи кои ќе овозможат спроведување на клиничкиот и едукативниот дел од процесот на рехабилитација на децата со лесна и умерена попреченост. Всушност, посебното образование има специфична задача каде преку посебни програми, дидактички постапки и терапевски средства и со посебен методски пристап, треба да овозможи соодветен степен на образование и оспособување на лицата со интелектуална попреченост. Во наставниот план за посебното основно образование застапени се сите воспитно-образовни подрачја на основното образование со одредени одстапувања во некои наставни предмети и содржини чија што застапеност е оневозможена поради намалените интелектуални способности. Посебните наставни планови и програми за ученици со интелектуална попреченост ја содржат програмската структура на редовните основни училишта, прилагодена на реалните можностите на овие ученици.

Досега во нашата земја не постојат соодветни трудови кои ја опфаќаат областа за развој на посебното образование преку содржините на наставните програми за децата со интелектуална попреченост во посебните училишта во Република Македонија. Затоа со овој труд ќе се акцентира потребата од повремени поголеми или помали промени во наставниот план и програма, бидејќи тоа значи континуирано движење напред, со што ќе се даде придонес кој би го стимулирал развојот на посебното основно образовение. Тоа подразбира соодветни и навремени интервенции во наставните програми и целосна примена на принципот на индивидуализација и диференцијација во наставата, а со тоа и оптимализација на условите за рехабилитација и образование на лицата кои поради тежината и обемот, односно поради спецификата на попреченоста, не може да бидат образовно инклузирани во редовните основни училишта.

Децата со физичка и интелектуална попреченост треба да уживаат полн и квалитетен живот, во услови кои обезбедуваат достоинство, ја зголемуваат самодовербата и го олеснуваат неговото активно учество во заедницата. (Конвенција на Обединетите нации за правата на детето, член 23).

# I. ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Дефинирање на состојбата на лицата со пречки во развојот

Постојат повеќе видови на попречености кои влијаат на индивидуата во однос на нејзината визија, движење, размислување, сеќавање, учење, комуникација, ментално здравје и општествените односи.

Иако „лица со хендикеп" понекогаш се однесува на една популација, ова е сепак хетерогена група со широк спектар на потреби.

Според Светската здравствена организација, инвалидноста има три димензии:

- оштетување на телото;
- оштетување на структурата и
- оштетување на функцијата (ментално функционирање) на индивидуата.

Оштетувањата вклучуваат губење на екстремитетите, губење на видот или губење на меморијата. Ограничување на активност вклучува тешкотии во гледање, слушање, одење или решавање на проблемот. Додека ограничувања на учество се однесуваат на ограничувања на нормални дневни активности, како што се работа, ангажирање во социјални и рекреативни активности, добивање на здравствена заштита и превентивни услуги.

Попреченост е оспорен концепт, со различни значења за различни заедници. Тој може да се користи и да се однесува на физички или ментални атрибути кои некои институции, особено медицината, ги гледаат како потреба да се дефинира модел (медицинскиот модел). Може да се однесува и на ограничувањата кои им се наметнати на луѓе од страна на ограничувања од општество (социјалниот модел), или терминот може да послужи за да именува социјален идентитет од страна на лица со посебни потреби.

Во странската и домашната литература се сретнуваат најразлични поими кои се користат во терминологијата, а се однесуваат на лицата со пречки во развојот. Најчесто употребувани термини се: хендикеп, дефект, абнормалност, растројства во однесувањето, тешкотии во социјалната интеграција, пречки во психофизичкиот развој, специјални потреби, посебни потреби и др. Во таа насока, во продолжение ќе бидат накратко анализирани и интерпретирани некои од споменатите термини.

*Хендикеп* – Термин „хендикеп" наоѓа најчеста примена во секојдневниот живот, а во научната и стручната литература се користи во исклучителни случаи. Овој термин

воопшто не се употребува во законската регулатива со која се регулираат прашањата кои ја третираат проблематиката на лицата со попреченост.

Според авторите Kovacevic V., Stancic V., Mejovsek M, (1986, стр. 79) терминот хендикеп означува пречка поради која е оневозможена некоја активност. Во потесен контекст за хендикепирани се сметаат лицата кои од најразлични причини имаат потешкотии во вклучувањето во општествената средина, пречки кои произлегуваат од некои оштетувања на личноста, негативни ставови на социјалната средина, ограничувања утврдени од општество и „искривена" самоперцепција. Хендикеп предизвикува и неможност за вклучување во волеви активности.

*Дефект* – терминот „дефект"во минатото се користел кај нас и во руската научна и стручна литература, додека во земјите од англиското говорно подрачје, овој термин воопшто не се употребува и не може да се сретне во стручната литература. Авторите (Kovacevic, Stancic, Mejovsek, 1986, стр. 79), исто така истакнуваат дека терминот „дефект" не се употребува во англиско-американската и француската терминологија, но се среќава во шпанската и во руската. Во Русија, лицата со недостатоци биле означувани и третирани како дефектни, иако тие поседуваат одредени способности со кои можат да бидат еднакви, особено после одреден ефикасен третман кој овозможува вклучување на таквите лица во сите сфери на општественото живеење. Како што наведуваат споменатите автори, терминот „дефект" се разликува од терминот дефициентност што значи специфичен недостаток. (Љ. Ајдински, Г. Ајдински, Михаилов, 1999, стр. 16).

Друга негативна страна на терминот „дефект" е неговата практична и секојдневна употреба за исмејување, потценување, навредување и слично.

Значењето на дефектот кај секоја личност зависи од биопсихосоцијалната структура на самата личност. Две лица можат различно да го доживуваат дефектот или со други зборови, за една личност губењето на слухот може да има многу големо значење, додека за друга личност без разлика што се работи за ист интензитет на оштетување, да има помало значење.

*Абнормалност* – Како термин се применува од страна на Светската здравствена организација во дефиницијата на оштетувањата и се употребува за означување на состојбата на лицата со попреченост.

Од психолошки, педагошки и социолошки аспект терминот претставува отстапување од вообичаените и очекувани норми и вредности, пишани и непишани правила, како и отстапување од способностите за интеграција и адаптација.

*Лица со пречки во развојот* – На овој термин му се дава приоритет на користење поради самата поставеност и структурираност на дефектологијата како наука која ги опфаќа лицата со пречки во развојот од самото раѓање, па до адолесценцијата. (Љ. Ајдински и други, 1999, стр. 18).

Овој термин е најприфатен кај нас и се употребува во законската регулатива и во стручната литературата.

Меѓу другото, овој термин е ослободен од сите негативни синтагми и конотации кои ги стигматизираат и ги етикетираат лицата со пречки во развојот.

Терминот *нарушување во однесувањето* е неприфатлив, бидејќи може да се однесува и на лица кои немаат попреченост, но нивното однесување не соодветствува на постојните општествени норми и стандарди.

Терминот *лица со специјални потреби* е исто така неприфатлив, бидејќи подеднакво се однесува на лицата со попреченост и надарените лица, чии способности исто така иницираат посебни потреби.

Врз основа на изнесеното може да се констатира дека најсоодветен и најсеопфатен е терминот лица со пречки во развојот, поради фактот што терминолошки овие лица се опфатени во целиот развоен период, односно од периодот на раѓањето, па сè до крајот на животот.

## 1.1. Дефиниција и класификација на лицата со пречки во развојот

Попреченост е чадор термин што опфаќа оштетувања, ограничувања на активности и ограничувања во учество. Поради оштетување се јавува проблем во телесната функција или структура, ограничување во работата поради тешкотии со кои се соочува индивидуата во извршување на задачи или активности, додека ограничување во учество е проблем на индивидуата за вклучување во животни ситуации.

Поимот, лица со пречки во развојот од различни автори различно се толкува, во зависност од тоа дали се дефинира од медицинско, од педагошко-психолошко или од социјално гледиште.

Така, според Светската здравствена организација, инвалидност е комплексен феномен, како одраз на интеракцијата помеѓу карактеристиките на телото на едно лице и карактеристики на општеството во кое тој или таа живее.

Функционирањето и инвалидитетот се взаемно зависни и од другите контекстуални

фактори, односно тие се менуваат и во зависност од другите влијанија во опкружувањето. Под овој поим, се подразбира таква онеспособеност во физички или психички поглед, што го оневозможува нормалниот психофизички развој кај децата оставајќи социјални, психолошки, педагошки и други последици.

Попреченоста, односно хендикепот суштествено се разликува од болеста. Додека кај болеста состојбата на организмот е динамична (таа има развоен тек), кај попреченоста состојбата е статична. Затоа последиците од преболената болест, од преживеаната повреда или од вродената мана без научно заснована и стручна интервенција на општеството, остануваат како трајни.

Во различни земји постојат различни дефиниции за поимот на попреченоста. Според Американската асоцијација за интелектуални и развојни попречености, попреченост е секоја состојба на телото и умот што предизвикува потешкотии на личноста во вршење на одредени активности (ограничување во активности) и да комуницира со светот околу себе (ограничување во учество).

Попреченост е состојба која може да биде физичка, когнитивна, интелектуална, ментална, сензорна, развојна, или некоја комбинација од наведените, што резултира со ограничување на способноста на поединецот да учествува во сето она што се смета за "нормално" во секојдневното опкружување.

За ублажување или надминување на ограничувањата на способностите предизвикани од самата попреченост, значајна улога има биолошкиот фактор на адаптација, што претставува способност на организмот да се прилагоди на различни услови и барања по пат на супституција на функцијата, на едниот дел од телото со друг. Всушност, факторот на адаптација претставува извор на можности за рехабилитација односно искористување на преостанатите психофизички способности. Притоа, од посебно значење е соодветна детерминација на поимот „попреченост во физичкиот и психичкиот развиток" и аналогно на тоа соодветна класификација, како важен фактор во образованието, заштитата и рехабилитацијата на овие лица. Класификацијата отсекогаш претставувала своевиден проблем бидејќи не била поставена врз стручно-научна основа. Развојот на класификацијата е тесно поврзан и со унапредувањето на соодветните науки: билогијата, медицината, педагогијата, психологијата, дефектологијата и други. (Ајдински, 1997, стр. 10).

Во Република Македонија, сè до 1960 година не постоела официјална класификација. Тогаш, Сојузниот секретаријат за здравство и социјална политика и Сојузниот секретаријат за просвета донеле т.н. Сојузен правилник за категоризација и

евиденција на децата попречени во физичкиот и психичкиот развој. Со укинувањето на овој Правилник, во нашата држава беше донесен нов Правилник за начинот на водење евиденција и за категоризација на децата и младинците со пречки во психофизичкиот развој. Според таквиот Правилник донесен во 1981 година, за лица попречени во физичкиот и психичкиот развој се сметаат:

- лица со пречки во видот (слепи и слабовидни);
- лица со оштетен слух (глуви и наглуви);
- лица со растројства во говорот и гласот (логопати);
- лица со пречки во телесниот развој;
- лица со пречки во психичкиот развој; и
- лица со повеќекратни пречки во развојот.

Како што е познато, дефектологијата ги проучува и лицата попречени во социјалното однесување, аутистичните лица и старите лица што имаат тешкотии во социјалната интеграција (попречени во развојот).

Во финална фаза е спроведувањето на новиот модел за проценка на специфичните потреби на децата и младите со инвалидност во Р. Македонија.

За таа цел Министерството за труд и социјална политика во рамките на програмата за соработка на Канцеларијата на УНИЦЕФ, обезбеди техничка поддршка за ревидирање на процесот на проценка на специфичните потреби на децата и младинците со попреченост. Во оваа активност покрај Министерството за труд и социјална политика партиципираат Министерството за образование и наука и Министерството за здравство. За оваа задача, од страна на Канцеларијата на УНИЦЕФ ангажиран е експертот проф. д-р Јудит Холенвенгер во изготвување на нацрт-концепт за проценка на специфичните потреби на децата и младинците со инвалидност во Република Македонија.

Според предложениот нацрт-концепт проценката се базира на Меѓународната класификација на функционалности - деца и младинци (МКФ-ДМ), која истовремено се воведува и во училиштата како дел од процесот на инклузивното образование. (World Health Organization, 2007).

Во разгледување и изготвување соодветен предлог-модел за проценка формирана е работна група во која се вклучени претставници од посочените министерства, установите кои третираат лица со попреченост, невладиниот сектор, родителите и притоа се истакнати приоритетите кои се однесуваат на:

- унифицирање на документацијата вклучително и формуларите кои се користат во процесот на категоризација;
- подобрување на меѓу-комисиската комуникацијата како и комуникацијата помеѓу другите институции;
- воспоставување централен регистар за подобрување на евиденцијата на лицата со попреченост;
- формирање на координативно тело за следење и евалуација на ревидирањето на процесот на проценка. (Петрушев, 2013, стр. 10-11).

Изготвени се и нацрт упатстава за спроведување на новиот модел за оцена и тоа:

- општ преглед;
- целосна постапка-фази на оценување во кои учествува комисијата;
- нов начин на разбирање на инвалидитетот;
- различни пристапи кон обезбедувањето на неопходните информации;
- резиме на наодите;
- подготовка на мислење;
- упатства за утврдување на наодите;
- собирање информации за ситуацијата во која се наоѓа детето;
- документирање на функционирањето;
- оценка на телесните функции;
- оценување на активностите и учество;
- оценка на факторите на опкружувањето;
- упатство за изработка на резимето на наодите;
- компилирање за различните свери на развој;
- компилирање на општата благосостојба;
- дијагноза;
- од наод до мислење;
- од мислење до конкретни мерки;
- прилози и информации за поединечните МКФ категории. (Џудит Холенвенгер, препораки, 2011).

Главна цел на комисијата е да стекне добро разбирање за севкупното функционирање на детето и да развие соодветно мислење за ситуацијата во која тоа се наоѓа. Постојат три општи принципи, засновани врз три димензии на функционирањето: оценка на учество, оценка на активности и оценка на телесните функции и структурата.

Работата на комисијата, како што е предходно посочено, се заснова врз МКФ моделот на инвалидитет (Меѓународната класификација на функционирање, инвалидитет и здравје на Светската здравствена организација од 2001 година), во рамките на кој се користи био-психолошко-социјалниот пристап.

## 2. Основи за планирање на воспитно-образовната дејност

Образовните определби содржани во Уставот на Република Македонија, Законот за основно образование, анализите за развојот на основното образование и воспитание во Република Македонија и задолжителното образование во развиените земји во светот, се фундаменталните определби врз кои се градат основите за планирање на воспитно-образовната дејност на основното училиште. При конципирањето на системот на основното образование и воспитание во Република Македонија земени се предвид сознанијата од Советот на Европа и други меѓународни организации, кои се однесуваат на образовниот систем. (НЕА, 2007).

Посебно внимание е посветено на теоретските основи и принципи, како и позитивните страни на нашиот образовен систем, во кој целта и задачите на основното образование и воспитание се одредуваат во зависност од општествено-економските услови, традициите и потребите во Република Македонија со интенција, подобрување на квалитетот и ефикасноста на образованието.

Клучните сегменти (Gjorgjevic, 1981, стр. 18) за планирањето на воспитно-образовната дејност на основното училиште поставени врз овие основи се:

- подрачјата за планирање на наставните програми;
- наставниот план за задолжителните, изборните и факултативните предмети, нивниот редослед по одделенија и фондот на часовите;
- целите и задачите на основното образование и воспитание;
- основните функции на наставните предмети и на дополнителната, додатната настава и слободните ученички активности;
- значајни насоки за промените во наставниот процес.

Основите даваат можности еден дел од наставниот план да го утврдуваат училиштата според потребите и интересите на учениците, а особено со изборни и факултативни предмети во одделенската и предметна настава.

При планирањето на воспитно-образовната дејност, особено внимание се посветува

на изработката на наставните програми, промените во системот на следење и оценување на постигањата на учениците, вреднување на работата на наставниот кадар, како и на стручното и педагошкото усовршување на наставниците и другите стручни работници во основното образование и воспитание.

Во организацијата на воспитно-образовната работа, како и при изборот и систематизирањето на содржините особено внимание се посветува на соработката со семејството, локалната самоуправа, хуманитарни, научни, спортски и други институции заинтересирани за работата на основното училиште.

Во Уставот на Република Македонија и во системските закони за образованието и воспитанието, како и во меѓународните правни документи за човековите права и правната држава се содржат темелните норми од кои се изведуваат општите димензии на целта на образованието и воспитанието.

Тука се содржани и битните елементи за планирање на основното образование и воспитание за учениците со посебни образовни потреби.

Гледано во поширoки рамки, теоретските основи и принципи тргнуваат од усвоените стандарди за човековите права и правната држава, кои се земаат како интегрални прифатени стандарди во образованието во повеќе земји.

Во таа смисла, образовните системи во развиените земји се темелат врз начелата на демократичност, со создавање еднакви можности за развој на децата и младите според нивните индивидуални способности. Основна определба е признавање на правото на образование за секое лице, насочено кон целосен развој на човековата личност и достоинство, како и почитување на човековите права и основните слободи. (Wilmshurst &Brue, 2010).

Согласно наведените начела и прописи во повеќето развиени земји и во Република Македонија, основното образование со деветгодишно траење е задолжително и достапно за сите ученици.

Тргнувајќи од ставот дека науката постојано трага за вистината и открива законитости на внатрешната поврзаност и условеност на природните и општествените појави, при изборот и систематизирањето на содржините и методите во наставата и учењето се нагласува функцијата за научните спознанија со цел формирање научен поглед на светот кај младите генерации. Всушност, содржините и активностите што го чинат образованието и воспитанието се научно засновани. (Johnson, 2003, стр. 22-27).

Во откривањето на објективниот свет, покрај науката, широки можности нудат и културата, уметностите, практичните и другите активности во животот и работата на

човекот. Така и најголемиот дел од човековата активност се темели на содржините што се научно проверувани, проучувани и докажувани. Образованието се темели на научните резултати во откривање и запознавање на окружувањето на човекот.

Содржините за основното образование и воспитание, врз основа на научните критериуми, се систематизирани во подрачја за јазикот и литературата, математиката, природните науки, општествените науки, информатиката, техниката, физичкото, здравственото и уметничкото образование.

Значајна е и потребата да се направи избор на содржини од науката, културата, уметноста и преку истражувачките активности во наставата и учењето да се поттикнува целосен развој на личноста на ученикот.

## 2.1. Принципи на основното образование и воспитание

Создавањето услови за систематско усвојување на општообразовни и посебни знаења и оптимален развој на индивидуални способности кај учениците (Бала&Новак,1991, стр. 36-38), подразбира:

- во процесот на учењето во основното училиште, наставниците да водат постојана грижа за индивидуалните разлики на учениците и да се овозможува секој ученик да напредува според своите способности;
- со изборот и систематизирањето на содржините, методите на спознанието и другите организациони претпоставки наставата да се сообразува со индивидуалните разлики во развојот на учениците;
- да се поттикнуваат афинитетите и вештините на учениците за напредување во одредени наставни подрачја;
- да им се овозможува на учениците да усвојуваат квалитетни знаења и успешно да го завршат основното училиште.

Во училиштето е неопходно да се организираат и дополнителни форми на образовна работа, со кои ќе се надополнат потребните знаења на учениците и ќе се прекине негативното влијание од социјалната средина врз развојот и постигањата на учениците. Притоа е потребно добро осмислување на содржините и методите во наставата од страна на наставниот кадар со градење на систем за финансирање на основното образование што ќе обезбеди поддршка и мотивација на наставниците за одржување на секаков вид настава.

Тоа ќе овозможи да не се намалуваат критериумите за оценувањето на постигањата на

учениците од пониските социјални слоеви, туку успешноста да се темели на намалување на разликите во почетните знаења на учениците и да се создаваат услови за постигање подобри резултати во училиштето. (Davidov, 1987, стр. 15-17).
Важно е да јакне комуникацијата меѓу учениците, наставниците и родителите.

*Принцип на ефикасност во образованието*

Основното образование и воспитание се организира на најпогоден начин за да може да се зголемува квалитетот и ефикасноста, не само со редовното напредување на учениците во училиштето, туку и со создавање подобри услови за работа со учениците кои имаат тешкотии во наставата и учењето.
Ова подразбира и осовременување на системот на следење и оценување на учениците, објективно вреднување на нивните постигнувања во процесот на наставата и учењето, согласно индивидуалните способности. Тоа може да се постигне со соодветни подготовки и осмислена примена на описното оценување и воведување стандарди и критериуми за оценување на постигањата на учениците. Со нивна доследна примена и со користење на инструменти за следење и проверување на постигањата на учениците, ќе се постигне објективно оценување на знаењето и останатите способности. (National Education Association, 2007).

*Принцип на воведување основни општообразовни стандарди*

Со стандардите за општото образование и воспитание се опфаќаат знаењата и способностите за усно и писмено изразување, во областа на математиката и информатиката, разбирањето на појавите, процесите, законитостите за природата, општеството, како и за животот и работата на луѓето. Тука спаѓа усвојувањето основни поими, теории и други знаења од науката, техниката, развивањето на способностите за примена на знаењето, спознавањето на себеси и на другите, прифаќање и усвојување на вредностите поврзани со животот и работата на човекот, вредностите од уметноста, културата, физичкото и здравственото образование, како и начинот на однесувањето на граѓаните во општеството. (Stayton & McCollun, 2002).

Современото општо образование и воспитание е проткаено и со содржини за човековите правата и одговорности, здравјето на луѓето, хуманите односи меѓу младите и нивната подготовка за живот во семејството, за развојот на Република Македонија. Основното училиште гарантира општообразовна основа на учениците за натамошно образование.

*Принцип на соработка меѓу учениците, наставниците и родителите*

Соработката меѓу учениците, наставниците и родителите се остварува со развој на спознанието за другите, развивање на толеранција, солидарност и почитување на индивидуалноста и интегритетот на личноста. Училиштето остварува програми за педагошко - психолошко образование на родителите, кои треба навремено да бидат информирани за работата и животот на учениците во образовните институции каде се вклучени нивните деца. Тие треба да се запознаваат со постигањата во наставата и другите активности, со проблемите и условите за работа, да учествуваат во реализацијата на одделни содржини со учениците во училиштето и во други слични активности кои имаат значење за образовната и воспитната работа со учениците.

Образовните институции и наставниците имаат обврска да создаваат поволни услови за работа, додека пак учениците треба редовно да го посетуваат училиштето, да соработуваат со наставниците и другите ученици, активно да учествуваат во наставата, да ги почитуваат правилата за редот, начинот на однесување и прифатените норми што се однесуваат на заедничкиот живот и работа на учениците и наставниците во училиштето.

*Принцип на инклузивност и развој на учениците со посебни образовни потреби*

Основното образование и воспитание за учениците со посебни образовни потреби се организира на начин, соодветен на степенот и видот на попреченоста, како и на потребите, можностите, афинитетите и пред се на нивното функционирање, со цел нивно напредување и што е можно полесно надминување на пречките и последиците во нивниот психофизички развој. Образовната инклузија како особено значаен сегмент на општествената инклузија е општествен приоритет и потреба за вклучување на што поголем број ученици со пречки во физичкиот и психичкиот развој во редовните основни училишта.

За дел од учениците со сериозни потешкотии за кои постојат оправдани причини за неможност од инклузија, образованието се организира и остварува во посебни училишта или во паралелки за ученици со посебни образовни потреби при редовните основни училишта.

## 3. Основно образование и воспитание на ученици со посебни образовни потреби

Во рамките на националниот образовен систем, покрај инклузираноста во редовните училишта, лицата со посебни потреби се образуваат и во посебни основни училишта и дисперзирани паралелки, просторно сместени во редовните училишта.

Министерството за образование и наука е надлежно за посебните училишта и посебните паралелки во редовните основни училишта и дополнително ги надгледува и посебните паралелки, отворени во болниците.

Министерството за труд и социјална политика управува со другите институции за образование и рехабилитација. Министерството за образование и наука, исто така, има споделена одговорност со Министерството за труд и социјална политика, за образовните активности во Заводите за образование и рехабилитација, како на пример за: финансирање на наставниот кадар, образовна потрошувачка и обезбедување и одржување на соодветни образовни услови.

Експерти за посебно образование во Република Македонија примарно се дипломираните дефектолози, или специјални едукатори и рехабилитатори.

Воспитанието и образованието на децата и младинците со посебни образовни потреби претставува интегрален дел на едистврениот образовен систем и се планира врз идентични или многу слични определби и генерални принципи.

Врз статусот на посебното образование влијаат општествените, политичките, економските и културните фактори, релевантни за секое образование, од што произлегуваат и различни концепции и модели на организација на овој вид образование.

Земјите во светот независно од степенот на развиеноста и општественото уредување, се поинтензивно се мобилизираат, организираат и ангажираат во решавањето на проблемите и потребите на лицатата со попреченост.

Заложбите на новите демократски правци во светот: рамноправност, интеграција, модернизација, перманентност на образованието и друго, мошне позитивно се рефлектираат и врз оваа област. (Hetzroni & Roth, 2003, стр. 95-105).

За воспитанието и образованието на децата и младинците со посебни образовни потреби во Република Македонија, во развојниот период од седумдесетина години, преземени се следните активности:

- законски и нормативно е регулиран флексибилен систем на воспитание и образование;

- создадена е мрежа на установи што ги задоволува постојните потреби;
- обезбеден е систем на финансирање;
- обезбеден е задолжителен тимски преглед од соодветни стручни комисии за секое дете пред упатување во соодветна институција;
- воспитно - обазовниот процес се реализира според адаптирани наставни планови и програми при што не се доведуваат во прашање општите образовни цели;
- во завршна фаза е спроведувањето на новиот модел за оценување на психофизичките способности и можности за лицата со попреченост, заснована врз МКФ моделот на инвалидитет (Меѓународната класификација на функционирање, инвалидитет и здравје на Светската здравствена организација).

Актуелната концепциска поставеност на воспитанието и образованието на децата и младинците со посебни образовни потреби е регулирана и интегрирана во Законот за основно образование и Законот за средно стручно образование со следните постулати: (Биро за развој на образованието, 2015).

- воспитанието и образованието на децата и младинците со посебни образовни потреби е организирано во посебни установи и училишта, посебни паралелки при редовните училишта, како и во „редовните одделенија и класови", заедно со нивните врсници;
- задолжителноста на основното воспитание и образование се однесува и на децата и младинците со посебни образовни потреби, освен за оние со умерени и тешки пречки во психичкиот развој за кои исто така е организиран воспитно-образовен процес, програмиран и адаптиран на нивните индувидуални можности и потреби;
- наставните планови и програми се адаптирани (модифицирани, редуцирани, растоварени) во различна мера, согласно видот и степенот на попреченоста;
- законска и стручна заложба е што помасовно овие ученици да се образуваат во местото на живеење, што значи условите да се доближат до нив, а не тие до условите, во случаи кога тоа е можно;
- децата со посебни образовни потреби ги имаат истите права на образование како и другите, согласно своите интелектуални и други можности, амбиции и интереси;
- крајната цел на воспитанието и образованието на децата и младинците со посебни образовни потреби е иста или слична на оние од „редовната популација" (Биро за развој на образованието, 2015).

Ваквата нормативна поставеност на воспитанието и образованието на децата и младинците со посебни образовни потреби, е добра основа за негово понатамошно доградување и усовршување.

Во Република Македонија во Законот за основно и во Законот за средно образование се оперира со терминот ученици со посебни потреби кои се вклучени во посебното образование, а тоа се деца и младинци со оштетен вид, оштетен слух, деца со телесен инвалидитет, пречки во психичкиот развој, проблеми во поведението, деца и младинци со аутизам, како и деца и младинци со комбинирани пречки (мултихендикеп). (Национална стратегија, 2010-2018, стр.2-3).

Воспитанието и образованието на децата и младинците со посебни образовни потреби скоро во целост ја следи шемата на редовното образование:

- посебно предучилишно воспитание и образование;
- посебно основно образование;
- посебно средно стручно образование.

**I. Посебно предучилишно воспитание и образование**

Во рамките на предучилишното образование, во посебните основни училишта и посебните паралелки при редовните училишта, постојат подготвителни одделенија за деца со:

- оштетен вид;
- оштетен слух;
- пречки во психичкиот развој;
- телесен инвалидитет;
- хронично болни;
- аутизам.

**II. Посебно основно образование**

Во нашата земја постојат посебни основни училишта и посебни паралелки при редовните училишта во кои се едуцираат ученици со:

- оштетен вид;
- оштетен слух;
- пречки во психичкиот развој;
- аутизам;

- нарушено социјално однесување.

**III. Посебно средно стручно образование**

Посебното средно стручно образование се реализира во посебните средни стручни училишта за ученици со:

- оштетен вид;
- оштетен слух;
- пречки во психичкиот развој.

(Национална стратегија, 2010-2018, стр.8).

Кога станува збор за наставниот план и наставните програми, во 2011 година Република Македонија ја ратификуваше Конвенцијата на ООН за правата на лица со инвалидност, со која во член 24, членките се обврзуваат на инклузија на децата со посебни потреби во рамките на образовниот систем. Според оваа конвенција, основното образование за учениците со посебни образовни потреби се организира и остварува во посебни основни училишта и во посебни паралелки при редовните основни училишта. Исто така, во членот 51 од Законот за основно образование, се наведува дека родителот има право детето со посебни образовни потреби да го запише во основно училиште, освен во случаи кога посебните образовни потреби се такви што тоа треба да следи настава во посебно основно училиште.

Според член 30 од Законот за основно образование, наставниот план и програми за основно образование на ученици со посебни образовни потреби во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта ги утврдува министерот, на предлог на Бирото за развој на образованието.

За учениците со посебни образовни потреби задолжителните и изборните предмети се реализираат со прилагодените програми според нивните посебни образовни потреби.

Понатаму, во Законот за основно образование се наведува и дека:

- Бројот на учениците со посебни образовни потреби во паралелка го утврдува министерот.
- Во паралелките во кои има ученици со посебни образовни потреби може да се ангажира и дефектолог за работа со учениците со посебни образовни потреби.
- Учениците со посебни образовни потреби имаат право на бесплатен превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење до основното училиште.

Од искуството на развиените земји во светот, најновите научни сознанија, општоприфатените принципи, како и резолуциите на меѓународните тела и организации (УНЕСКО, ООН), се проектираат концепциските рамки на воспитанието и образованието на децата и младинците со посебни образовни потреби во Република Македонија, притоа земајќи ги предвид светските трендови и евроинтеграциските процеси (Gardner и други, 2003, стр. 161-172), како:

1. Законодавна интегрираност, односно непостоење на паралелни закони што ќе го регулираат воспитанието и образованието на децата и младинците со посебни образовни потреби.
2. Инклузија на децата и младинците со посебни образовни потреби, во сите сфери на општественото живеење, односно надминување секаков вид сегрегација, секаде каде што тоа е можно.

Предноста на целосната инклузијата се аргументира со следното:

- децата и младинците со посебни образовни потреби не се изолирани од своите врсници, тие имаат можност да се доживеат као дел од одделението и колективот;
- училиштето се насочува кон создавање услови за најфлексибилен однос кон сите ученици, а особено кон оние кои имаат специфични воспитно - образовни потреби.

Движењето за инклузија се заснова на принципот на индивидуализација во програмирањето и диференцијацијата во самиот процес на реализација, со што се обезбедува најоптимален развој во сите сфери за секоја индивидуа.

Воспитно-образовната инклузија не подразбира само физичко сместување на децата и младинците со посебни образовни потреби во редовното училиште, туку и вклучување во работата и животот на училиштето. Со процесот на инклузија, потребно е да се развиваат соодветни служби што ќе обезбедат тимски приод при разрешувањето на проблемите во редовното училиште, вклучување дефектолог во училиштето, како и задоволување на специфичните потреби, согласно тешкотиите со кои се соочува ученикот:

- соодветна опрема, посебно адаптиран простор, општи и посебни наставни средства;
- наставниците во редовните училишта треба да стекнат неопходни знаења за препознавање на децата со попреченост и да се оспособат за пружање соодветна

помош во соработка со дефектологот и останатите членови од стручниот тим во училиштето, како и со стручни лица од други релевантни институции.

Доколку не се обезбедат наведените претпоставки, може да се случи алиенизација и стигматизација на овие деца и младинци. Денес во светот се среќаваат најразлични облици за надминување на сегрегацијата во воспитно-образовниот процес на децата и младинците со посебни образовни потреби. Во Република Македонија процесот на инклузија на учениците со посебни образовни потреби се заснова на позитивните светски искуства, адаптирани на нашиот национален контекст. Во прилог на оживотворување на општата демократизација и хуманизација се погласно се потенцира општата заложба „образование за сите", што значи примена на фундаменталното право на образование.

Принципот на образование за сите го признава правото на соодветно образование согласно можностите на децата и младинците без оглед на степенот на нивниот хендикеп или специјална потреба.

Имајќи во вид дека посебните потреби се од различен вид и степен, заложбата, образование за сите, не подразбира вклучување во воспитно - образовниот систем на децата со умерен и тешка попреченост во развојот, кои не поседуваат способности за школско учење. Тоа пак, не ја исклучува можноста и потребата од организирање соодветни модели на организирано специјално учење во функција на социјализацијата, напротив, тоа е општествена обврска, а нивно неприкосновено природно право. (Национална стратегија, 2010-2018, 4 и 5).

## 4. Карактеристики на лицата со интелектуална попреченост

Развојот на лицата со интелектуална попреченост ги следи развојните законитости кои се карактеристични за севкупната популација. Нивните физиолошки, социјални и емоционални потреби се исти со нивните врсници, но се разликуваат во успореноста на темпото на развој и спецификите во развојните фази, карактеристични за секој ученик поединечно. Самата интелектуална попреченост може да предизвика цела низа на промени во животот и развојот на детето, во неговото семејство и околината, наметнувајќи му некои специфични барања и потреби.

## 4.1.Развојни карактеристики на лица со интелектуална попреченост

Интелектуалната попреченост не е болест, тоа е состојба која настанува после болести, трауми, или во својата основа го има наследниот фактор. Но секако, го нарушува здравјето и бара посебна терапија и третман. Причините за интелектуална попреченост воглавно се фокусирани на различни фактори на ризик (биомедицински, социјални, бихејвиорални и образовни) и времето на изложеност (пренатална, перинатална и постнатална) на тие фактори. Може да настане уште пред раѓањето, т.е. да биде наследена од еден од родителите, во текот на раѓањето, или после раѓањето како последица на прележани болести или трауми. Кај дел од овие лица е оштетен централниот нервен систем. Најголем дел наследуваат незадоволителен интелектуален потенцијал (херeдидатарен фактор), но заедничка им е лимитираната можност за компензација и крајно ограничениот когнитивен развој. Успорениот развој е манифестен во повеќето сфери на функционирање при што се воочуваат:

- потешкотии во говорното подрачје (подоцнежно појавување на говор или отежнато говорење);
- потешкотии во локомоторниот систем (подоцна проодуваат или имаат нестабилен од);
- потешкотии во перцепцијата или формирањето на претстави (претставите им се оскудни и фрагментирани со елементи кои отстапуваат во нивната големина и местоположба);
- имаат потешкотии во концентрација и внимание (не можат да ја задржат концентрацијата и вниманието подолго време);
- мислењето е површно и конкретно (овие деца и после 11-тата година многу малку засегаат во сферата на апстрактното мислење);
- помнењето е слабо (тешко и бавно помнат и лесно и брзо забораваат);
- емоциите се со различни осцилации и многу често не соодвествуваат на реалната ситуација (лесно се менуваат од едно во друго расположение);
- имаат потешкотии во социјалната комуникација или социјализација (потешко стапуваат во контакт со други луѓе, наивни се, безгрижни и им недостасува чувството на одговорност);
- донекаде свесни за својот хендикеп и можностите, овие деца ретко се впуштаат во активности или игри со своите врсници (играта на овие деца се карактеризира со стереотипост и отсуство на креативност и фантазија).

Сите овие карактеристики се однесуваат и за лицата со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, со понагласен негативен интензитет. Можноста за учење и мислење кај овие лица е многу ограничена, што имплицира голем проблем во водењето независен живот и грижа за себе. Покрај интелектуалната попреченост, овие лица многу често имаат разни телесни деформитети (оштетувања кои кај некои деца доведуваат и до состојба на полуподвижност или неподвижност), што дополнително ја отежнува нивната општа состојба, а со тоа и можноста за целосна општествена инклузија.

## 4.2. Образовни карактеристики на лица со интелектуална попреченост

Воспитанието и образованието на овие деца и младинци создава најмногу проблеми затоа што од етиолошки аспект тие претставуваат мошне хетерогена категорија. Децата со интелектуална попреченост имаат значително намалени способности за совладување на животните потреби и барања, споредбено со децата без попреченост, кои се на иста хронолошка возраст со нив. Овие деца учат многу побавно и мораат да се подучуваат на работи кои останатите лица ги совладуваат многу порано. Доколку со навремена и соодветна поддршка од родителите и потесната и поширока средина, се стимулираат и охрабруваат, односно, не се одбегнуваат и отфрлаат, овие лица стануваат посамостојни и покомункативни и може да дојде до подобрување на нивната состојбата. Кај некои деца, интелектуалната попреченост може да се забележи уште од самото раѓање, кај други, тоа се открива во раното детство, додека кај некои, со поаѓањето во училиште, кога детето ќе се соочи со проблеми во совладувањето на наставното градиво.

Сите деца кои имаат интелектуална попреченост, не можат подеднакво да учат. Има деца кои можат повеќе да научат за пократко време и со помала помош и поддршка, но има деца кои многу потешко учат и најосновни работи, за што им е потребно многу време и помош, дури понекогаш имаат потреба од постојана помош и поддршка. Децата со полесна интелектуална попреченост можат да одат во училиште и да научат да читаат и пишуваат, но за тоа им е потребно повеќе време и поголем труд и помош од страна на наставниците и родителите. Вклучувањето на овие деца во училиштата дава поголеми и подобри услови и можности за непречен развој и подобрување на состојбата.

Говорот како значаен елемент и компонента во учењето кај децата со

интелектуална попреченост може да биде брз и тешко разбирлив, со неправилно изговарање на гласови, пелтечење, растегнатост, испрекинатост, додавање на непотребни зборови, неможност да се изгради фраза, да се постави прашање, или да се изгради посложена реченица. Дијалошкиот говор е доста слаб, со неможност да се разбере значењето на зборовите, поради што е отежната вербалната комуникација што има силно влијание во образовната инклузија на овие деца.

## 4.3. Дефиниција и класификација на интелектуалната попреченост

Терминот интелектуална попреченост се употребува за лицата кои имаат потешкотии во развојот и кои потешко учат отколку другите лица. Интелектуалната попреченост го опфаќа "когнитивниот" дел односно тоа е попреченост која е во голема мера поврзана со мисловните процеси, а се реперкуира врз адаптивното однесување кое претставува збир на концептуално, социјални и практични вештини, научени и изведени од страна на луѓе во нивниот секојдневен живот.

Интелектуалната попреченост се дефинира како состојба на забавен или непотполн психички развој, карактеризиран со нарушување на оние способности кои се појавуваат во текот на развојниот период и кои придонесуваат за општото ниво на интелигенцијата, како што се когнитивните, говорните, моторните и социјалните способности.

Според Американската Асоцијација за интелектуални и развојни пречки (AAIDD), интелектуалната попреченост е хендикеп кој се карактеризира со значителни ограничувања во интелектуално функционирање (размислување, учење, помнење, решавање на проблеми и др.), кој опфаќа широк спектар на секојдневни социјални и практични вештини. Оваа попреченост се стекнува пред 18 годишна возраст. При дефинирање и оценување на интелектуална попреченост, AAIDD нагласува дека треба да се земат предвид и дополнителни фактори, како што се животната средина, заедницата, типичните врсници и култура на поединецот. Исто така треба да се има во вид јазичната разновидност и културните разлики во начинот на комуникација, интеракција и однесување.

Проценка и класификација на интелектуална попреченост е комплексно прашање. Постојат три главни критериуми за интелектуална попреченост:

- значителни ограничувања во интелектуално функционирање,

- значителни ограничувања во адаптивното однесување и
- појавност пред почеток на 18 годишна возраст.

Главна алатка за мерење на интелектуално функционирање, што претставува ментален капацитет за учење, размислување, решавање на проблеми и друго, е тестот на интелигенција. Општо земено, резултат од околу 70 до максимум 75 IQ, укажува на ограничување во интелектуално функционирање.

Главна причина за потребата од оценување и класификација на лица со интелектуална попреченост, е потребата од пружање соодветна поддршка која треба да се прилагоди на секој поединец, во форма на збир на стратегии и услуги преку одржлив период. Интенција е да се подобри функционирањето на овие луѓе во рамките на својата средина, со цел водење на поуспешен и задоволувачки живот. Подобрување во однос на самопочит, субјективна благосостојба, достоинство, ангажирање во општествени активности и други принципи на сопствениот идентитет. (AAIDD)

Според класификацијата предложена од Светската здравствена организација, интелектуалната попреченост се дели на следните категории:

- **лесна**: 50 – 69 IQ (може да функционира самостојно) ;
- **умерена** : 35 – 49 IQ (потребен е надзор и супервизија);
- **тешка** : 21 – 34 IQ (потребен е појак надзор и супервизија);
- **длабока** : под 20 IQ (неспособен е за извршување наједноставни задачи).

Покрај овие категории, оваа класификација е дополнета со уште две категории:

- **друга ментална ретардација**, за која тешко е да се процени степенот на интелектуална попреченост со вообичаените постапки, бидејќи таа е придружена со сензорни, или телесни оштетувања и
- **неспецифична ментална ретардација**, каде што се присутни симптоми за ментална ретардација, но нема доволно информации за да се изврши класификација на лицето во наведените категории, (Ајдински и други, 1999, стр. 192).

## 5. Историски развој на посебното училиште за деца со пречки во развојот

Доколку се направи краток историски осврт на развојниот процес на наставата со учениците со пречки во развојот во посебните училишта, ќе се детерминира развојноста на едукативната компонента од современиот систем на интегралната рехабилитација, а воедно и образовната инклузија, како еден мошне значаен сегмент од општествената инклузија на лицата со попреченост. Според авторот Аќимовиќ, Методика на настава, нужно настанала од потребата воспитанието и наставата да се издиференцираат во сообразност со психичките способности на ученикот, а со тоа и да им станат пристапни на сите деца на училишна возраст кои можат да се воспитуваат и образуваат според своите индивидуални способности. Според (Аќимовиќ, 1974), старото училиште, воопшто не водело сметка за различните психички способности на учениците, не знаело за диференцирање на наставата, па така сите ученици биле распоредувани во една група, со примена на една универзална метода во воспитно образовната работа. Старото училиште барало од сите ученици исти резултати, а за оние кои поради интелектуалната попреченост не биле во можност да ги постигнат очекуваните резултати, врз нив биле применувани најгруби мерки, биле сметани за баласт на училиштето и многу често останувале без образование.

Во новото современо училиште кое го замени старото, се почитуваат разликите кои постојат кај учениците во однос на нивните индивидуални способности, па во зависност од психичките способности, тоа разликува три групи на ученици и тоа:
(Ајдински, 1997, стр.4)

- група на надпросечни (талентирани);
- група на просечни (нормални) и
- група на ученици со пречки во развојот (развојно попречени).

Во новото училиште се применува процесот на диференцијација со учениците од сите три групи, па тие понатаму се делат на повеќе подгрупи во зависност од индивидуалните разлики и психичките способности. Наставата и воспитанието се диференцираат и на тој начин им се прилагодуваат на сите деца од училишната возраст кои можат да се образуваат. Сепак, практичната класификација не се однесува на првите две групи на ученици, туку само на третата наведена група, која е сочинета од ученици со пречки во развојот или развојно попречени ученици.

Следствено, низ еволутивниот процес на развој на новите училишта се увидела потребата од класификација на учениците според нивните психички способности, а со тоа и потребата од примена на посебни методи на работа, кои станале предмет на изучување на една нова научна диспилина, методика на настава со ученици со пречки во развојот.

Кон крајот на 18-тиот и почетокот на 19-тиот век, со развојот на природните науки, почнале сè повеќе да се детектираат различностите кај децата од аспект на нивната психо-физичка попреченост. Тоа го условило и првиот избор на децата според психичките особености, што започнало дури во втората половина на 19-тиот век. Со почетоците на тој избор, практично се јавува и училиштето кое е од посебен тип, односно помошното училиште, како прва воспитно-образовна установа за ученици со пречки во развојот. Неговата задача била да им помогне на децата со попреченост кои не можат да се воспитуваат и образуваат под еднакви услови со нормално развиените деца, преку прилагодување на методите на работа на нивните психички способности и карактеристики, како и со прилагодување на наставните планови и програми. Со ова на училиштето му се овозможува да оствари хомогеност на учениците во групата, што е практично и првиот услов за правилна и успешна воспитно-образовна работа. Помошното училиште во својот развоен циклус перманентно се менувало по својата организациона структура и по задачите кои пред него биле поставувани, како и по методите на работа со чија помош тие се остварувани.

Работата на првото помошно училиште имала често формалистички карактер при што се занемарувал примарниот момент на работата, односно корекција на психичките растројства и на недостатоците на психички заостанатите деца. Постоеле аномалии во класификацијата на учениците, опсервацијата воопшто не била применувана, односно самата организациона структура на помошното училиште имала многу слабости. Поради ваквиот начин на функционирање, императивно се наметнува потребата за реорганизација на ваквото помошно училиште.

Во Република Македонија, како и во некои други земји, реорганизацијата на помошното училиште е изведена мошне одамна со општата реформа во образованието, при што сукцесивно се зголемувал степенот на образованието од четиригодишно на шестгодишно, па потоа и на осумгодишно и денес на деветгодишно основно образование. Во овој развоен процес училиштето го менува и називот од помошно, во специјално, а денес според најновиот закон за основно и за средно образование се именува како посебно училиште.

# 6. Посебни основни училишта

Посебните основни училишта се установи за воспитание и образование на учениците со пречки со развојот од 6 до 15 години старост. Учениците на посебното основно училиште се деца кои врз основа на донесените правилници за евиденција и класификација на децата попречени во физичкиот и во психичкиот развој се со коефициент на интелигенција помеѓу 51 и 70, кои се способни за специјално, односно посебно основно образование, или со полесни пречки во развојот. (Ајдински, 1997, стр.18).

Функционирањето на посебното основно училиште се одвива врз основа на определена програмска структура што произлегува и што се заснова врз прокламираните цели и задачи на основното училиште, определени со законот за основно образование, односно за посебно основно училиште. Според тоа, наставниот план и наставните програми се усогласени со општите и посебните цели и задачи во воспитанието и образованието.

Наставата се карактеризира со:

- примена на индивидуалност, конкретност, мотивација и со примена на модифицирани наставни методи и постапки;
- со примена на современи средства и помагала;
- со посебна внатрешна организација на наставата, усогласена со индивидуалните способности на учениците;
- со перманентно обновување, увежбување, утврдување и применување на добиените вештини и навики.

Во разработување на својата теорија, посебното училиште се служи со искуства добиени во воспитно-образовната работа, како со деца без попреченост, така и со деца со пречки во развојот. Врз таа основа, посебното училиште ги изучува, ги утврдува и ги разработува методите на воспитанието и образованието на децата, па и на возрасните лица со пречки во развојот. Во тоа изучување, утврдување и разработување на методите на посебната воспитно-образовна постапка се гледа суштината и обемот на постапката, а во правилното решавање на секогаш акутната проблематика на воспитанието и образованието на децата со пречки во развојот, на нивното хуманизирање и социјализирање се гледа основната задача.

## 6.1. Цели и задачи на посебните основни училишта

Посебните основни училишта претставуваат посебен систем во рамките на општиот училишен систем. Тие имаат исти општо образовни и воспитни цели како редовните училишта, а посебноста ја прават некои посебни воспитно-образовни задачи, методи, техники, наставни средства и помагала, кои се прилагодени на можностите на овие ученици. Посебните цели и задачи на воспитанието и образованието на овие деца (Ајдински,1997, стр.20) се состои во следното:

- на децата со пречки во развојот да им се обезбедат соодветни услови за сестран развој, можност за социјализација, комуникација, дружење и заеднички активности со другите деца, како и можност да ги изразат своите афинитети, интереси и способности;
- низ процесот на настава и воспитување и со дополнителна педагошко психолошка и друга стручна поддршка и помош, да им се овозможи на овие ученици максимално развивање на нивните функционалности;
- на овие деца да им се овозможи да се стекнат со образование на начин соодветен на нивната возраст и интелектуални способности;
- да организираат слободни ученички активности во сообразност со способностите и интересите на учениците и согласно програмата на училиштето;
- кај овие ученици да се развиваат практични умеења и работни навики;
- да им се овозможи навремено професионално ориентирање и подготвување за оние занимања кои соодветствуваат на нивните склоности и способности;
- преку примена на воспитни мерки и активности да се развиваат интелектуалните, физичките, моралните, естетските и работните способности и особини на овие деца, во сообразност со нивните психофизички можности;
- да им се овозможи на учениците со попреченост, дружење, заедничка работа и разонода со нивните врсници во редовните училишта;

Реализацијата на овие задачи во процесот на наставата и во другите воспитно-образовни активности бара сестрано познавање на индивидуалните способности и потреби на секој ученик со широко и систематско користење на разни корективни и терапевтски вежби, занимања и наставни средства, кои ги организира посебното основно училиште во рамките на целокупната програма за работа (Ајдински,1997, стр.21) и тоа:

- со прилагодување на наставните планови, наставните програмите и методите на

воспитно-образовната работа;

- со прилагодување на редовните и со употребата на специјални наставни средства и технички помагала;
- со посебна организација на дефектолошката и стручна работа, со соодветни уредувања и со опремата на одделенијата на училиштата и установите за посебно образование;
- со ангажирање на дефектолошки и друг стручен кадар (лекари, психолози, специјални работници) за квалитетна воспитно-образовна работа со овие деца и за систематска соработка со нивните родители.

Реализацијата на наведените задачи, посебните основни училишта ги остварат во соработка со здравствените и социјалните служби и други лица и институции кои третираат проблеми на децата со попреченост. Сепак специјалното основно училиште е база за воспитување, превоспитување и оспособување на детето со пречки во развојот, при што треба да го задржи воспитниот и образовниот карактер.

## 7. Состојба во посебните основни училишта во Република Македонија

Согласно член 23 од Конвенцијата за правата на детето, Република Македонија е обврзана на децата со интелектуални или физички пречки во развојот да им овозможи уживање на целосен и достоинствен живот, да се поттикнува самостојност и да се олеснува активно учество во заедницата. На детето со пречки во развојот, согласно оваа одредба од Конвенцијата, државата треба да му обезбеди посебна нега и да поттикнува и обезбедува помош на детето кое ги исполнува условите за тоа, зависно од расположливите средства, неговата состојба и условите на родителите и на другите лица кои се грижат за него. Респектирајќи ги посебните потреби на децата со пречки во развојот, државата треба да обезбеди ефикасен пристап со цел, овие деца да добиваат образование, обука, здравствена заштита и рехабилитација, културен и духовен развој, односно да се подготват за што поцелосна општествена инклузија.

Заради остварување на овие цели, во законската регулатива се утврдени услови за вклучување на децата со посебни потреби во образовниот процес, за што согласно Законот за основното образование, се изработуваат посебни наставни планови и програми врз чија основа се организира и остварува воспитно-образовната дејност односно се овозможува образование на учениците со посебни образовни потреби.

Наставата во училишта за деца со посебни потреби ја реализираат наставници/професори, дефектолози и педагози, а во стручна служба се вклучени и психолози, логопеди и социјални работници. Децата со посебни потреби изучуваат наставни содржини кои се прилагодени на нивните можности и способности. Бројот на учениците во паралелките е соодветен на законските прописи што создава можност за индивидуална работа.

Во многу извештаи е утврдено дека уписот во посебните училишта се врши врз основа на претходно издаден наод и мислење на надлежна комисија, или друга здравствена установа, а еден мал број од децата се упатени со наод од центрите за социјална работа. Во донесување оцена, наод и мислење, учествува стручен тим составен од психијатар, педијатар, психолог, дефектолог и социјален работник.

Република Македонија, несебично се залага децата со пречки во развојот да се вклучат во образовниот процес, за што постојат посебни основни и средни училишта, а воедно се организирани и посебни паралелки во редовните училишта, за што поголема образовна инклузираност на оваа категорија ученици.

## 8. Наставни планови и програми во посебните основни училишта

Пред да биде даден осврт на структурата и специфичностите на наставниот план и наставната програма за воспитно-образовната работа за основното воспитание и образование на лицата со пречки во развојот во посебните основни училишта, накратко ќе биде претставен развојот и структурата на наставниот план и наставната програма.

Со појавата на училиштата и учителите се појавуваат и првите зачетоци на наставата како организиран процес на поучување, во кој учителите поучуваат а учениците учат. На почетокот во прв план била содржината на поучување, а покасно постепено се наметнува и потребата од начинот, односно вештините на поучување и учење. Со проучување на системот на поучување во наставата се заклучило дека, во наставата треба да се разликува образование од воспитание, бидејќи тие се различни по својата содржина, задачи, начин и вештина на усвојување. (Пољак, 1988, стр. 18-19).

Образованието како една од основните педагошки категории и функции, во себе ги опфаќа знаењата и способностите. Знаењето пак претставува систем или логички преглед на факти и генерализации за објективната стварност која човекот ја усвоил и трајно ја задржал во својата свест, додека способноста е квалитет на личноста, која е

формирана успешно да обавува занимање, работа, активност, функција. Способностите не се вродени, тие се развиваат со посредство на активности. Задача на наставата е со посредство на бројни и различни активности да се помага и унапредува развојот на способностите. Развојот на способностите се нарекува функционална страна на образованието или функционална задача на наставата.

Најорганизирано планско образование се изведува во наставата која ја чинат наставник, ученик и наставни содржини. Со наставните содржини се одредува програмот на образование кој треба да се реализира. Наставникот, ученикот и наставните содржини се основни фактори на наставата кои го чинат дидактичкиот тријаголник. Содржината на образование во одредено училиште се пропишува со училишен план и програма, а содржината на образованието во настава се пропишува со наставен план и програма. Со дидактичка преработка на поедини научни гранки се добиваат предметите.

Во врска со изборот на наставни предмети значајно е кој степен на диференцијација ќе се земе во предвид за поедини степени на школување.

Наставниот програм всушност е конкретизација на наставниот план. Опсегот, длабочината, редоследот на знаењата и способностите, се три битни карактеристики на наставниот програм, односно тоа се трите основни дидактички димензии на образованието. Со обемот на наставниот програм опфатена е широчината на знаењата и способностите, кои учениците мораат да ги стекнат во наставата на поедини предмети. Опсегот на наставниот програм се однесува на квалитетот на факти, генерализации и активности кои учениците мораат да ги стекнат и да ги развиваат. Длабочината или интензитетот како втора дидактичка димензија на наставниот програм се однесува на длабочината на знаењата и квалитетот на способностите. Човековите знаења може да се површни и длабоки, а наставниот програм до некоја мера ја регулира длабочината и интензитетот или степенот на способностите. Екстензитетот и интензитетот не може во целост да се прецизираат во наставните програми, па него го одредуваат наставниците. (Пољак, 1988, стр. 37-39).

Со редоследот или структурата на наставниот програм се одредува по кој редослед ќе се обработуваат наставните содржини од поедини предмети. Постојат три начини на распоредување на наставните содржини: линиски, концентричен и комбиниран. Линиското распоредување претставува нижење на темите една по друга во текот на училишната година во едно одделение. Карактеристично за концентричниот начин на распоредување е повторувањето на предходно наученото што не е случај кај

сукцесивното распоредување.

Концентричните кругови меѓусебно се разликуваат по радиус, што значи со концентричните кругови во повисоките одделенија се прошируваат и се продлабочуваат наставните содржини. Комбинираниот начин е комбинација од линеарното и концентричното распоредување. ( Пољак, 1988, стр. 40-44).

Плановите треба да ги уважат индивидуалните и развојните карактеристики на секој ученик, различните стилови на учење и способности и да бидат доволно флексибилни за да може да се менуваат и да се прилагодуваат според потребите. Децата, семејствата и релевантните стручни лица треба на одредено ниво да бидат вклучени во процесот на планирањето, следењето и проценувањето, со што развојот и учењето би бил синхронизиран и поддржан.

Планирањето е цикличен процес кој бара постојана рефлексија, следење и анализирање и вклучува систематско набљудување и други стратегии на формативно следење и проценување со што методите, содржините и динамиката на работа ќе се прилагодат кон развојот и учењето на секое дете. Процесот на планирање сигурно спаѓа во најкопмплексните задачи на наставниците, бидејќи ги опфаќа сите аспекти на наставниот процес и бара различни вештини и искуство. Токму поради тоа, многу од наставниците планираат тимски, со што заеднички би дошле до најдобрите идеи кои потоа ќе ги прилагодат на својата училница и ќе ги преиспитаат во практичната реализација.

Со наставниот план и со наставната програма се пропишува содржината на образованието во определено училиште. Со оглед на фактот што постојат различни видови на училишта, постојат и различни видови наставни планови и програми. Според авторот Пољак, наставните планови и програми можат да бидат:

- според видот на училиштето за основно, средно и високо образование;
- според органот кој ги пропишува, републички наставни планови и програми;
- според големината, нормални и скратени наставни планови и програми;
- според потребите на школувањето, наставни програми за посебните училишта.

Наставните планови и програми се важни училишни службени документи кои треба темелно да се познаваат, бидејќи преку нив се одвива целокупната наставна работа.

Наставниот план како службен училишен документ искажан на една страница во облик на табеларен преглед ги пропишува:

- наставните предмети кои ќе се изучуваат во определено училиште;
- прегледот на изучувањето на тие предмети по одделенија и

- неделниот број на часови за одделен наставен предмет.

Со наставната програма како службен училишен документ искажана на десетина страници се пропишуваат конкретните содржини на одделен наставен предмет и затоа наставната програма претставува конкретизација на наставниот план.

Помеѓу наставниот план и наставната програма постои меѓусебна поврзаност, односно може да се каже дека не постои наставен план без наставна програма, ниту наставна програма без наставен план. Наставните планови и програми на посебните основни училишта за ученици со пречки во развојот ја содржат програмската структура на редовните основни училишта, усогласена со оптималните можности на овие ученици. Во нив се застапени сите воспитно-образовни подрачја на основното образование со одделни отстапувања во некои наставни предмети и содржини, чија што застапеност е оневозможена поради намалените способности од попреченоста. На овој начин, посебното училиште за ученици со пречки во развојот во целост се вклучува во системот на основното образование, задржувајќи ги притоа основните компоненти и обележја на специфичност на наставата и на рехабилитационо-корективната дејност.

Програмската структура на посебното основно образование за ученици со пречки во развојот ги опфаќа:

- воспитно-образовната дејност што е насочена кон непосредно реализирање на целите и задачите на воспитанието и образованието на учениците; и
- стручно-дефектолошката и другата организираност и практична дејност која е насочена кон создавање на поповолни услови за поквалитетна воспитно-образовна работа и афирмација на училиштето како воспитно-образовна и рехабилитациона установа.

Воспитно-образовната дејност на училиштето која е насочена кон непосредно реализирање на целите и задачите на воспитанието и образованието на учениците се огледа во наставата, во слободните активности на учениците и општествено корективната работа.

Стручно-дефектолошката и другата организационо-практична дејност се состои во грижа на училиштето за здравјето и редијагностика на менталните способности на учениците, во работа на психомоторна реедукација, во примена на други рехабилитационо-корективни облици на работа, во организирање на јавни и културно-просветни активности на учениците и училиштето, во организирање на најразлични форми на стручно педагошка дејност со наставничкиот кадар, што има за цел да се следи воспитно-образовниот процес и истиот да се унапредува преку наставните

планови и програми. Наставниот план и програма на посебното основно училиште за ученици со пречки во развојот се концепирани во сообразност со современите принципи на дефектологијата, односно во сообразност со задачите на посебното основно училиште за деца со пречки во развојот. (Ајдински,1997, стр. 23-24).

Поаѓајќи од фактот дека општите задачи на посебните училишта, односно општите задачи на воспитанието и образованието во современите училишта се исти како и во редовните училишта, наставните планови и програми каде што е тоа можно не ги намалуваат задачите на посебното училиште, односно тие се усогласуваат со планот и со програмата на редовните основни училишта. Ова особено се однесува на наставните планови од I до IX одделение за ученици со оштетен вид и донекаде за ученици со оштетен слух во посебните основни училишта, додека наставниот план од I до IX одделение за ученици со пречки во психичкиот развој во посебните основни училишта, битно се разликува од наставниот план за деветгодишно основно образование во редовните основни училишта. Разлики има во самите предмети, во вкупниот број на задолжителни предмети по одделенија, како и во неделниот односно годишниот фонд на часови со кој е застапен секој предмет поединечно. Во тој контекст предметите Историја, Географија, Биологија, Физика, Хемија и странски јазици поради обемот на апстракции, воопшто не се застапени во наставниот план за ученици со пречки во психичкиот развој, така што одредени адаптирани содржини од овие предмети се изучуваат во предметите Основи на општествените науки и Основи на природните науки. Аналогно на ова бројот на задолжителни предмети во наставниот план за учениците со пречки во психичкиот развој се движи од 6 до 9, додека во наставниот план за деветгодишно основно образование во редовните основни училишта тој број се движи од 8 до 14 задолжителни предмети.

Адаптацијата е најизразена во наставните програми односно во наставните содржини, кои се скратени, растоварени од апстракции и прилагодени во интензитет и екстензитет на можностите и потребите на учениците со интелектуална попреченост. Дополнителна адаптација може да врши и самиот наставник во зависност од индивидуалните можности, способности и потребите на секој ученик поединечно. (Ајдински,1997, стр. 23-24).

Содржините на одделни предмети се избрани така што им одговараат на можностите на учениците со пречки во развојот, односно тие да можат со помалку или со повеќе успех да ги совладаат. При изборот на содржините на одделни предмети се води сметка и за давање на такви знаења што ќе им овозможат на учениците што поуспешно да се

вклучат во производството и во општествениот живот.

При изработка на градивото треба да се имаат предвид индивидуалните способности на децата, можностите за разбирање и темпото на напредување. Посебно внимание треба да се обврне на индивидуалната работа со секој ученик за да може да се искористат до максимум можностите на секое дете.

Во посебното основно училиште, работата со учениците со пречки во развојот, односно реализирањето на програмата бара, не само напори на наставникот-дефектолог што ќе ја спроведува оваа програма, туку и некои материјални предуслови во училиштата и одделенијата како што се: посебни училници, набавки и можност за користење на наставните средства и секако, придржување на соодветните одредби на законските и подзаконските акти за работа на посебните основни училишта.

Со оглед на тоа што наставните програми се изработени со дидактичка преработка на науките, по одреден период од нивниот развој доаѓа до застарување на поединечни делови од наставната програма. Оттука и потребата тие делови да се усовршат, преработат и актуелизираат. Ваквите повремени промени во наставниот план или програма се неминовни и потребни, бидејќи значат континуирано движење напред. Во измените на програмите мора да се пристапи студиозно и организирано, со цел точно одредување на деловите кои се застарени и кои треба да се менуваат. Доколку промените се радикални, најнапред се дефинира концепција на новиот наставен план и програма, што е темел за изработка на неговиот нацрт. Нацрт наставениот план и програм се проверува експериментално во експериментални школи за да се утврди неговата соодветност и остварливост, неговите предности и слаби страни и што ќе се прифати, а што елиминира. Резултатите од експерименталното проверување служат за спроведување на понатамошна коректура и изработка на дефинитивен наставен план и програм. Повремени поголеми или помали промени во наставните планови и програми се нужни и нормални (Пољак, 1988, стр. 47-49).

# 9. Следење и унапредување на работата во посебните основни училишта

Следењето и унапредувањето на воспитно-образовната работа претставува посебно подрачје во програмската структура на посебното основно училиште кое се остварува преку следните задачи:

- разгледување на реализирањето на општествено-педагошката функција на училиштето, остварување на неговите цели и задачи и преземање соодветни мерки за афирмирање на посебното основно училиште како воспитно-образовна институција;
- стручно и документирано следење на текот и содржината на воспитно-образовната работа во училиштето, воочување на проблемите кои се појавуваат, како и изнаоѓање на најсоодветни начини и мерки за нивно решавање;
- анализирање на постигнатите резултати и здобиените искуства од реализирањето на наставниот план, наставните програми и општата програмска структура на училиштето, врз основа на следењето на текот и содржината на воспитно-образовната работа;
- користење на практичното искуство на другите посебни основни училишта и на теоретските сознанија на дефектолошката наука во решавањето на постојните проблеми и унапредување на воспитно-образовниот процес;
- користење на пообјективни средства за испитување на знаењата и следење на развојот и напредување на учениците, како и за испитување на условите и можностите кои ги дава средината за воспитание и образование на оваа категорија ученици.

Реализирањето на овие задачи е возможно доколку посебното основно училиште спроведе соодветна организација и планирање на воспитно-образовната работа со:

- соодветно стручно усовршување на наставничкиот кадар и на стручните органи во училиштето;
- стимулирање на работата на учениците;
- вреднување на воспитно-образовната работа;
- евидентирање и документирање на текот и резултатите од реализација на програмската структура.

Моменталната состојба во посебните основни училишта најчесто се согледува преку:

- непосреден увид во начинот на планирање на наставата (врз основа на

националната наставна програма);

- реализација на наставниот час од аспект на цели, содржини, планирани активности;
- користење на активни методи, техники и стратегии на учење и поучување;
- користење на наставни средства и помагала, методи и инструменти на оценување;
- комуникација и обезбедување на стимулативна средина за учење и однесување на учениците.

Во оваа насока се реализираат и одредени активности, како што се интервјуа и прашалници со фокус групи на наставници, стручни соработници и директори, за да се дознаат видувањата, мислењата и ставовите за состојбите во посебните основни училишта по примена на адаптираните наставни програми за деветгодишно основно образование 2008 - 2014 и општата програмска структура со наставен план и програми на воспитно-образовна работа со деца со умерено намалени ментални способности (училишна возраст), донесена 1979 година.

## 10. Релевантни истражувања во врска со проблемот

Согласно стандардните правила за обезбедување подеднакви можности за лицата со попреченост, кои се усвоени од страна на Генералното собрание на Обединетите нации на 20 декември 1993 година, со Резолуцијата 48/49, во правилото 6 кое се однесува на образованието, се истакнува дека државата треба да го признае подеднаквото право и можност за основно, средно и универзитетско образование на деца со попреченост, младинци и возрасни, односно образованието на лицата со попреченост да биде составен дел на образовниот систем. Денес, врз основа на поголем број на извештаи, студии, статистички истражувања, како и резултати добиени од истражувачките проекти се проценува дека има од 7% до 12% од општата популација деца со психофизички растројства и пречки во психо-физичкиот развој и со растројства во однесувањето, кои имаат потреба од соодветни рехабилитациони мерки. (Ајдински, 1999, стр.20).

Во рамките на досегашните истражувања, потребно е да се спомене и делото на проф. д-р Ајдински, „Карактеристики во развојот кај лесно ментално ретардираните ученици", во кое според резултатите од истражувањата, изведените заклучоци и

реализираните цели на работата, во понатамошниот развој на дефектолошката теорија, како и на клиничката и едукативна практика, се констатира дека во постоечките наставни програми и планови кои се употребуваат во посебните основни училишта, односно во посебното основно образование за децата со посебни образовни потреби, не се води сметка за индивидуалните разлики. Притоа се истакнува дека ваквата ситуација е иста и во редовните училишта, со тоа што разликите во самата популација на децата со посебни образовни потреби се значително поголеми од оние во редовните училишта. Во трудот се доаѓа до заклучок дека при изработка на наставните програми и планови, одговорните стручни служби на надлежниот орган на власта, потребно е да поведат сметка, оваа работа да ја доверат на стручни лица.

Бројни истражувања од оваа област потврдуваат дека неможе да се зборува за единствени и идеални наставни програми во специјалните училишта. Оваа констатација ја изнесуваат група автори на советување со наставници од специјалните училишта во СРМ одржано во ноември 1966 година. Притоа тие посочуваат дека, кога се донесува наставен план и програма пред се треба да се знае што треба да се постигне со нив во одделен вид специјално училиште. „Ние во таа смисла досега сме погрешиле кога сме настојувале што повеќе да ги доближиме наставните планови и програми на специјалните училишта за глуви, слепи и ментално недоволно развиени деца, до програмите за редовните основни училишта. Најлогично би било самите наставни планови и програми да произлегуваат од опсервациите и потребите што ги согледуваат самите наставници-дефектолози во конкретните училишта. Во оваа смисла навистина многу се постигнало во Англија каде што наставните планови и програми ги изработува директорот на училиштето во соработка со наставниците". (Група автори, 1966, стр. 13-14).

Понатаму, од страна на ASAH (Приватно училиште за деца со попреченост од Њу Џерси) направена е анализа, која се одесува на вкупните трошоци на даночните обврзници во Њу Џерси за специјалните, автономни образовни програми. Во истражувањето насловено како „Компаративна анализа на локалната јавност и специјални приватни образовани програми", се наведува за постоење на погрешна претпоставка дека цената за издржување на учениците со попреченост во одобрени приватни сместувања е поголема од цената за издржување на слични ученици во самостојни програми на јавните училишта. Претпоставката била базирана на објавените давачки за школарината. Сепак, овие давачки не можеле лесно да се споредат. Имено, давачките, односно трошоците во приватните училишта ги вклучувале сите трошоци,

додека стапките во државните училишта ја исклучувале пензијата, социјалното осигурување и здравствените придобивки од пензионирањето, градежните објекти и услуги поврзани со долговите. Овие трошоци се исплатени од страна на државата, а не од страна на локалните училишта. Јавните училишта пријавуваат посебни стапки за школувањето, кои се пониски од реалните трошоци за даночните обврзници.

Одговарајќи на барањата од страна на лидерите на државата, од ASAH се покренала анализа за проценка на вкупните трошоци за даночните обврзници на посебните автономни програми, не само преку споредба на овие трошоци, но исто така и преку соодветно утврдување на нивото на државна помош за специјалното образование. Според користењето на достапните податоци за образованието од Њу Џерси, ASAH ја процениле националната просечна цена по ученик на посебни образовни услуги, во три различни специјални автономни рамки: одобрени приватни училишта за лица со попреченост и посебни услуги во училиштата и автономни класи во локалните области преку создавање односи со други локални единици. ASAH, исто така ја пресметале цената по ученик во државните училишта, управувајќи со нивото на услуга предвидено во приватните училишта. (ASAH-Comparative Analysis, 2007).

Анализата покажува дека, кога студентите со попреченост бараат интензивни, специјализирани услуги, вкупните трошоци за даночните обврзници всушност се помали, кога тие услуги се обезбедени од страна на одобрено приватно училиште, отколку кога се предвидени од страна на локално училиште. Вистинските трошоци во јавноста, кога се земени во предвид сите извори, се значително повисоки од објавените стапки, со што се надминува цената на споредливите програми понудени од страна на овластени приватни училишта. Податоците покажуваат дека, вкупните трошоци на даночните обврзници за посебните образовни програми, јавни или приватни, надминуваат 40.000 долари по ученик.

Од ова истражување од страна на ASAH, може да се заклучи дека вкупните трошоци на посебните образовни услуги (јавни или приватни, регионално или локално управувани) се слични кога се додаваат за да ги одразат трошоците платени од страна на даночните обврзници. Целта на ова истражување практично беше, да се едуцира читателот во врска со целосното покривање на трошоците на посебните образовни услуги во јавниот и приватниот сектор. Информациите поврзани со трошоците вообичаено се витален дел од секоја дискусија на политиката и не би требало да се земаат предвид кога се работи за сместување на детето. За овој критичен момент, ASAH имаат за цел да ги информираат и едуцираат законодавците, креаторите на политиките и даночните

обврзници. Постои општ недостаток на разбирање за посебните трошоци на образованието, затоа што таму постои недостаток од квалитетни податоци. Извештајот има за цел да ја пополни празнината на информациите во однос на вкупните трошоци на посебните образовни услуги во Њу Џерси.

Овој извештај претставува почетна точка која ќе се движи напред заедно со политичките одлуки, врз основа на точни податоци. Одлуките во врска со финансирањето на специјалното образование, мора да бидат донесени врз основа на точни податоци, а не врз основа на претпоставки. Очекувањата на ASAH се поврзани со поефикасно зголемување на постојните специјални едукатори и објекти, со цел на поефикасен начин да се едуцираат 230.000 ученици со попреченост во Њу Џерси, преку соодветни програми кои би биле креирани исклучително за нив. (ASAH-Comparative Analysis, 2007).

Авторот Пеи Вен Чонг, во студијата „Компаративна анализа за специјална обука на наставниците во Франција и Норвешка" има за цел да ги објасни квалитетот и областите на обука во специјалната образована програма на наставниците во Франција и Норвешка, преку испитување на подготвеноста на дефектолозите во реализација на четирите компоненти: администрација, учење, оценување на студентите и задачи во училниците. Теоретската рамка која се користи во ова истражување, претставува меѓународна компаративна анализа изразена преку прашалник, институционална анализа (програма за обука), анализа на говорот (интервју) и набљудување на часот. (Crossley&Vulliamy, стр. 1984).

Ефикасноста на програмата за обука се оценува преку:

- проучување на задоволството на наставниците после обуката, без разлика дали знаењето и предвидените задачи биле успешни, со цел да се подготват за вистинска настава со децата со посебни потреби;
- релевантните ставови на наставниците во врска со програмата за обука и
- набљудување на наставата на наставниците, како модел за обука.

(Wen Chong,P, 2010).

Содржината на оваа студија вклучува специјално едуцирани наставници, обучувачи, наставници од основните и средните училишта и академски психолог. Четирите компоненти вклучени во оваа студија за оценка на квалитетот на наставникот во Франција и Норвешка, се состои од настава, евалуација, вклучување и администрација и соработка, кои се комбинација од предметот и практичното искуство.

Подкомпоненти за споредба:

*Настава:*

- Знаење поврзано со инвалидитетот;
- Педагошки вештини / методи;
- Креирање на наставни материјали;
- Индивидуализиран образовен план.

*Оценување:*

- Дијагноза и рана интервенција;
- Мерење на напредокот на учениците.

*Инклузија:*

- Промовирање на инклузивна класа во животната средина;
- Справување со проблемите.

*Администрација и соработка:*

- Општо образование на наставниците;
- Родители.

Од изнесеното во овој студиозен труд, произлегува заклучокот дека високите стандарди, селекцијата, усовршувањето и обуката, поставени од страна на IUFM (Институт за обука на наставниците), сметаат на сигурен акредитивен француски едукатор, кои ќе биде обучуван од страна на искусни обучувачи, кои одржуваат активен однос со практичните училишта или наставниците. Норвешката програма за обука на наставници се занимва со воведување заеднички елементи на содржината во општата и посебна програма за образование, со цел да се обезбеди доследност и разбирливост во професијата, додека децентрализацијата е погодна за внатрешна флексибилност, помалата бирократија и пристап кон ученикот.

Сепак, треба да се посвети повеќе внимание на развивањето на инклузивно образование како една целина во програмата за обука, вклучувајќи образовна стратегија и политика, училишна култура, проширена наставна програма, посебна поддршка, администрација и лидерство, проценка, организациски структури, материјали за учење и погодна средина за студентите.Треба да се овластат нови квалификувани наставници, така што, неискусните наставници ќе се обезбедат со знаење и емоционална поддршка, особено во првата година од нивната наставна кариера. Според тоа, континуираното оценување на програмата за обука и повратните информации кои се собрани од наставниците на студентите, се од суштинско значење за подобрување на сегашниот систем, во согласност со потребите на студентите и најновото образовно сценарио.

Како дел од своите тековни напори за подобрување на образованието за 7 милиони деца со посебни потреби во Америка, (OSERS) Канцеларијата за специјална едукација и рехабилитативни услуги при Министерство за Образование на Америка, објавува државни определби за спроведување на Актот за образование на лицата со попреченост (IDEA). Определбите се утврдуваат користејки и усогласувајки ги податоци од резултатите на ниво на држави, давајки на секој податок еднаква тежина во донесувањето на определбите на федерално ниво. Секоја држава законски е обврзана да поднесува годишен извештај до Министерот за својата работа во рамките на својот Државен Акционен план (SPP).

(OSERS) Канцеларијата за специјална едукација и рехабилитативни услуги изработува Акционенн план со определби за секоја држава. IDEA првично беше донесен од страна на Конгресот во 1975 година за да се гарантира дека децата (3-21 год.) со попреченост ќе добијат соодветна бесплатна јавна едукација, исто како и другите деца, односно да обезбеди едукација за деца со посебни потреби во предучилишните установи и во основно, средно и државно управуваните училишта низ целата земја.

Законот е ревидиран многу пати во текот на годините. Најновите измени се усвоени од страна на Конгресот во декември 2004 година, а со финални прописи објавени во август 2006 година (за деца на училишна возраст и предшколска возраст), а во септември 2011 година (за бебиња и мали деца до 3 годишна возраст). Значи, во некоја смисла, законот е многу нов, иако има долга, детална и моќна историја.

Канцеларија за специјални образовни програми (OSEP) при Министерството за образование на САД редовно дава насоки на ова поле, со цел да се разјаснат делови од законот и прописите. Канцеларија за специјални образовни програми (OSEP) поддржува сеопфатен спектар на програми и проекти одобрени од страна на Актот за образование на лицата со хендикеп (ИДЕА), со кои се подобрува резултати за бебиња, мали деца, деца и млади со посебни потреби. OSEP дава насоки со цел да им се помогне на наставниците, родителите и државните и локалните образовни институции во спроведувањето на условите од Правниот акт за образование на лица со попреченост (ИДЕА), во врска со изработка на индивидуални образовни програми (ИОП) за деца со посебни потреби, вклучувајќи и предшколска возраст. ИОП не ги вклучува индивидуализираните семејни сервисни планови (IFSP) кои се наменети за доенчиња и мали деца.

Секое дете со посебни потреби кое посетува јавно образование мора да има индивидуализирана програмата за образование (ИОП). Секој ИОП мора да биде

дизајнирана за еден ученик и мора да биде индивидуализиран документ во вистинска смисла. ИОП создава можност за наставниците, родителите, училишните администратори, персоналот и студентите (кога е можно) да работат заедно за подобрување на образовните резултати на децата со посебни потреби. ИОП е камен темелник на квалитетно образование за секое дете со попреченост.

Да се создаде ефикасна ИОП, родителите, наставниците и други вработените во училиштето мора заедно да погледнат одблизу на уникатните потреби на ученикот. Овие лица го здружуваат своето знаење, искуство и посветеност да се дизајнира образовна програма која ќе им помогне на учениците да се вклучат и да напредуваат во општата програма. ИОП ја води испораката на специјална едукација, поддршка и услуги за учениците со хендикеп. Без сомнение, пишувањето и спроведувањето на ефективна ИОП бара тимска работа. ИОП обезбедува ефективна настава, учење, и подобри резултати за сите деца со пречки во развојот.

IDEA бара одредени информации да се вклучени во ИОП за секое дете. Државните и локалните училишни системи често вклучат дополнителни информации во ИОП со цел да се документира дека имаат исполнето одредени аспекти од федералните или државните закони. Флексибилноста, државите и училишните системи самостојно да дизајнираат сопствени ИОП е една од причините зошто ИОП може да изгледаат различно од еден до друг образовен систем или од држава до држава. Сепак секој ИОП е од клучно значење во образованието на децата со попреченост.

Резултати од ИДЕА и ИОП говорат дека најголем дел од децата со посебни потреби, сега се воспитуваат во блиските училишта во редовна училници со нивните врсници без нарушувања, а стапката на дипломирање и стапката на вработеност кај младите со посебни потреби драстично се зголеми. На пример, стапките на дипломирање се зголеми за 14 проценти од 1984 до 1997 година. Денес стапката на вработеност на младите е двојно зголемена за разлика од постарите возрасни лица со слични пречки кои немале бенефитите од ИДЕА. Пост-средно запишувања кај лица со пречки кои добиваат ИДЕА услуги, исто така нагло се зголеми. На пример, процентот на апсолвенти е зголемен повеќе од трипати од 1978 година. Процентот на вкупниот број запишани студенти со посебни потреби на јавните училишта се зголеми од 8,3 отсто на 13,8 отсто во периодот меѓу 1976-1977 и 2004-2005 година. Голем дел од овој вкупен пораст може да се должи на порастот на процентот на идентификувани ученици што имаат одредени пречки во учењето 1976-1977 година (1,8 %) за 2004-2005 година (5,7 %). Вкупниот процент на ученици кои се служат со програми за лица со

попреченост се намалија 2004-2005година (13,8 %) и 2012-2013 година (12,9 %). Сепак, постојат различни модели на промена на процентите поради некои специфични услови меѓу 2004- 2005 и 2012-2013 година.

Процентот на деца идентификувани со здравствени нарушувања (ограничена сила, виталност, или будност поради хронични или акутни здравствени проблеми, како што се проблеми со срцето, туберкулоза, ревматска треска, нефрит, астма, српеста анемија, хемофилија, епилепсија, труење со олово , леукемија, или дијабетес) се зголеми 1,1-1,6 % од вкупниот број запишани ученици во јавните училишта, процентот на деца со аутизам се зголеми од 0,4 до 1.0%, а процентот со доцнење во развојот се зголеми од 0,7 на 0,8 %.

Процентот на деца со посебни пречки во учењето се намали од 5,7% на 4,6 отсто од вкупниот број запишани ученици во државно училиште во текот на овој период. (Министерството за образование, Националниот центар за Статистика во образованието).

IDEA поддржува развој и широка употреба на:

- најнови модели на соодветни програми и услуги за малите деца со посебни потреби (од раѓање –пет години) и нивните семејства;
- лични семејни сервисни планови (IFSPs) да се идентификуваат и да ги задоволи потребите на секое доенче и дете со попреченост и неговото семејство;
- ефективно оценување и наставни практики и сродни наставни материјали за мали деца и нивните семејства;
- национална мрежа на професионалци посветени на подобрување на рана интервенција и предучилишно образование на државно и на локално ниво и
- соработува со други федерални, државни и локални агенции за да се избегне дуплирање на напори во обезбедување на рана интервенција и предучилишно образование.

Културно-релевантни инструкционални принципи:

- директно поврзување на проценка на напредокот на учениците со наставните програми, а да не се создаваат апстрактни норми за стандардизирани тестови;
- да се процени не само детето како поединец, туку и неговата или нејзината образовна средина, користејќи директно набљудување на податоци;
- креирање училница во која средина се рефлектираат различни културни наследства и се приспособат различни стилови на комуникација и учење;

- развивање и спроведување на семејството-пријателски практики да се воспостави соработка и партнерство со родителите и други старатели;
- постојан развој на правна регулатива и паралелно развој на наставни програми, кадар и наставни средства.

Во 1950-тите и 1960-тите години, Федералната влада, со силна поддршка од здруженијата на семејствата со деца со посебни потреби, почна да развива практики за деца со посебни потреби и нивните семејства. Овие практики, се вградија во темелите за ефикасно спроведување на програми и услуги за рана интервенција и специјална едукација во државните и локалните власти низ целата земја.

Постојат голем број на илустрации на клучните први федерални закони кои го поддржаа подобрување на програми и услуги. Познати примери се:

- Актот за обука на професионален персонал од 1959 година (PL 86-158), кој помогна да се обучуваат лидери во едукацијата на деца со ментална ретардација.
- Актот за титлување филмови од 1958 година (PL 85-905), одредбите за обука на наставници на учениците со ментална ретардација (PL 85-926) и 1961 година (PL 87-715) кој се залагала за производство и дистрибуција на достапни филмови.
- Законот за наставници за глуви од 1961 (PL 87-276), кој обучува наставен кадар за децата кои се глуви или наглуви. PL 88-164 овозможи проширување на претходните програми за специфична обука со вклучување на обука за сите области на попреченост.
- Покрај тоа, во 1965 година, Законот за основно и средно образование (PL 89-10) и Законот за државните училишта (PL 89-313), овозможува на државите директни грантови за помош при едукација на децата со посебни потреби.
- Конечно, Законот за хендикепирани деца во раното образование од 1968 (PL 90-538) и измените економски можности од 1972 (PL 92-424) дозволија поддршка за програми за ран детски развој и зголемување на предвреме запишани мали деца со посебни потреби.

Со овие и други критични федерални закони започна да се отвора вратата на можности за деца со посебни потреби и нивните семејства.

Споредбено со национална наставна програма за ученици со посебни образовни потреби во деветгодишното основно образование, наставната програма Ф-10 во државата Викторија (Австралија) го детерминира она што секој ученик треба да го

изучува во текот на првите единаесет години од школувањето. Наставната програма е заеднички сет на знаење и вештини потребни на учениците за доживотно учење, социјалниот развој и активно и информирано граѓанство. Наставната програма Ф-10 на Викторија ја вклучува австралиската наставна програма и ги рефлектира приоритети и стандардите на Викторија. Во планирањето на наставната програма Ф-10 интернет порталот за планирање на наставната програма на раководствата на училиштата им нуди голем број на ресурси за поддршка на планирањето и формирање на сеопфатна училишна програма.

Во Викторија наставна програма е утврдена во Викторија-наставна програма Ф-10, објавена во септември 2015 година. Наставната програма ги дефинира заедничките и основните знаење и вештини кои се потребни за доживотно учење и активно и информирано граѓанство. Наставната програма е училишен план за достава на овој заеднички сет на знаење и вештини на начин преку кој најдобро ке се искористат локалните ресурси и експертиза. Училиштата имаат флексибилност во дизајнот на нивните наставни програми. Флексибилноста овозможува училишта да развиваат посебни специјализации, области на стручност и иновации, но истовремено обезбедува и реализација на задолжителната програма.

Насоките за планирање на наставната програма и за извештаи за првпат се објавуваат во февруари 2014 година и се ревидирани за да се усогласат со Викторија-наставната програма F-10. Ревидираните упатства им обезбедуваат совети на училиштата во Викторија за ефикасно користење на наставната програма со цел развој на целото училиште и плановите за учење и пријавување на ученичките постигнувања во учењето.

Клучните точки наведени во упатствата се:

- ✓ Дефинирана содржина на наставната програма е основа за образование на студентите.
- ✓ Планирање на наставната програма ќе се базира на две години школување, наместо за секоја година.
- ✓ Училиштата треба да развијат и објават наставна програма за целото училиште во која е документирана програма за предавање и за учење.
- ✓ Училиштата треба да известуваат за успесите на учениците во однос на стандардите во наставниот план.

- ✓ Училиштата ќе бидат во можност да ги известуваат студентите и родителите за успесите на учениците во формати кои најдобро одговараат на локалните училишни заедници, наместо преку еден централно пропишан формат.

Планирањето на наставната програма на целото училиште игра клучна улога во овозможување на училиштата да ја реализира програмата за сите ученици и ги рефлектира одлуките, ресурсите и приоритетите на училиштето.

- ❖ Планирање на наставната програма на училиштата вклучува четири меѓусебно поврзани слоеви:

  Од страна на школото - резиме на покриеност на високо ниво на сите области од наставната програма, како одраз на целите на училиштето, визија и секоја поединечна област на специјализација или иновации.
- ❖ Од страна на содржина на наставна програма - редоследот на клучните знаења и вештини низ годините на школување за поддршка на напредокот на учењето.
- ❖ Од ниво на школска година - кохерентна програма која од аспект на студент овозможува ефикасни врски меѓу наставните области.
- ❖ Од страна на Единицата / Часови - прецизирање на содржината и стандарди за достигнувања, активности и ресурси во Викторија-наставна програма Ф-10, за да се обезбеди можност за напредок на студентите од сите нивоа на достигнувања.

# II Методологија на истражувањето

## 1. Предмет на истражувањето

Предметот на истражување во трудот е тесно поврзан со дефинирањето на децата со интелектуална попреченост, од теоретски аспект, како и со дефинирањето на наставните програми кои се наменети посебно за децата кои се со пречки во интелектуалниот развој и кои посетуваат посебни основни училишта во нашата земја. Предмет на истражување во магистерскиот труд со наслов „Развојот на посебното основно образование преку содржините на наставните програми во посебните основни училишта за ученици со интелектуална попреченост во Република Македонија“ беше всушност анализа на наставните програми во посебните основни училишта, наменети за децата со посебни потреби, или попрецизно, децата со пречки во интелектуалниот развојот. Како предмет на истражување се појавува и самиот наставен план и наставната програма која е наменета за основното образование во посебните основни училишта за децата со интелектуална попреченост.

Преку соодветните наставни програми, кои е потребно континуирано да се надоградуваат и да се адаптираат според потребите на децата со интелектуална попреченост, основното образование и воспитание се организира на најпогоден начин, за да може да се зголеми квалитетот и ефикасноста, не само со редовното очекувано напредување на учениците во посебните основни училишта, туку и со создавање на подобри услови за работа во овие образовни установи.

## 2. Цели и карактер на истражувањето

Научната цел на истражувањето е да се разбере и објасни идејата за континуирано следење, надополнување и усовршување на наставните програми наменети за учениците со интелектуална попреченост во развојот, во посебните основни училишта во Република Македонија.

Преку анализа на структурата на наставните планови и програми да се направи споредба на истите и да се увиди дали постои разлика помеѓу Наставниот план и програми за основни училишта и паралелки за психички заостанати деца (дебили) во Народна Република Македонија, донесена 1960 година, Наставниот план и програми за специјалните основни училишта и специјалните паралелки за лесно ментално

заостанати деца при редовните основни училишта во Социјалистичка Република Македонија, од 1968 година, Наставен план и програма за специјално основно училиште за средни и тешки дебилни деца, донесена 1970 година, Наставен план и програми за специјалните основни училишта и специјалните паралелки при основните училишта за учениците со лесно намалени ментални способности во Социјалистичка Република Македонија, од 1977 година, измени и дополнувања на усовршените наставни програми за специјално основно образование за учениците лесно попречени во психичкиот развиток, донесени во 1982 година, Пилот наставна програма за образование на лица со пречки во психичкиот развој, од 1998 година и Адаптираните наставни програми за деветгодишно основно образование и воспитание за деца со посебни образовни потреби во посебните основни училишта и посебните паралелки на основните училишта (2008-2014) година, како и Општата програмска структура со наставен план и програми на воспитно-образовната работа со децата со умерено намалени ментални способности (училишна возраст), донесена 1979 година.

Практичната цел на истражувањето е од добиените сознанија да се претставaт постоечките наставни програми за учениците во посебните основни училишта, односно преку соодветна анализа да се утврди степенот на усовршување на наставните програми и да се утврди евентуално постоење на понова наставна програма за децата со умерено намалени ментални способности (училишна возраст), која доколку постои, дали истата континуирано се усовршува, или доколку не постои, да се утврди потребата од развивање на постоечките програми.

Како цел на истражувањето, пректично, се јавува самиот развој на посебното основно образование преку содржината на наставните програми за ученици со интелектуална попреченост и да се утврди дали тие соодветствуваат со потребите на децата, односно дали децата се во можност успешно да ги совладуваат наставните планови и програми кои се предвидени за ученици со интелектуална попреченост во посебните основни училишта.

## 3. Задачи на истражувањето

Трудот емпириски и дескриптивно дава соодветна димензија на искуствата во нашата земја во изминатите години, како и на поновите искуства според моменталната состојба, преку која се покажува структурата на наставните програми кои се актуелни за учениците со интелектуална попреченост во посебните основни училишта во

моментов, но и во минатиот период.

Задачи во трудот кои произлегуваат од поставените цели, се:

- да се направи анализа на неколку наставни програми од изминатите години и да се направи компарација со содржината на наставните програми според кои се работи денес во посебните основни училишта;
- да се направи анализа на развојот на поранешното образование преку имплементација на наставните програми кои биле актуелни во тој период.

Како клучни фактори за имплементација на наставните програми е нивната адаптираност според возраста, како и степенот на интелектуална попреченост на децата кои посетуваат настава во посебните основни училишта.

- да се направи истражување за тоа дали постоечките (актуелни програми) треба да се стават на понатамошно усовршување.

Ова се однесува и на наставниот план и програми на воспитно-образовната работа со децата со умерено намалени ментални способности (училишна возраст), донесена 1979 година.

Исто така, како задача во трудот се јавува и потребата од:

- анализа за тоа дали моменталните можности во посебните основни училишта во нашата земја, соодветствуваат со развојот на посебното образование.

## 4. Хипотези на истражувањето

Во продолжение ќе бидат дадени генаралната, односно главната хипотеза на истражувањето, како и три посебни хипотези преку кои ќе се направи обид да се докаже наведената, генерална хипотеза.

**Главна хипотеза**

ХО Претпоставуваме дека постои соодветен и континуиран прогрес и позитивен тренд во развојот на содржините на наставните програми во посебните основни училишта за ученици со интелектуална попреченост во Република Македонија, а со тоа постои и соодветен напредок и развој на самото посебно основно образование, кое низ содржините на наставните програми, соодветно ја извршува својата функција во образованието и во воспитанието на децата со интелектуална попреченост кои посетуваат настава во овие училишта.

**Посебни хипотези**

$X_1$ Претпоставуваме дека наставните планови и програми за учениците со интелектуална попреченост, имаат позитивен тренд во развојот;

$X_2$ Претпоставуваме дека целите и задачите низ наставната програма се диференцираат, конкретизираат и усовршуваат;

$X_3$ Претпоставуваме дека развојноста на наставните програми е евидентна преку екстензитетот, интензитетот и актуелноста на планираните наставни содржини.

## 5. Методи, техники и инструменти

Во истражувањето се користеа повеќе методи, како што се историскиот и компаративниот метод, методот на анализа и индуктивно-дедуктивниот метод, преку кои се направи обид да се дојде до одговор на прашањето, дали наставните програми за ученици со интелектуална попреченост, се соодветни за образование на овие деца и дали постои реална потреба за нивно понатамошно развивање и усовршување.

Методите на истражувањето како систем на мисловни и технички постапки посебно се детерминирани од хипотезите, предметот и целите на истражувањето.

Во рамките на истражувањето, како што беше напоменато претходно, се користени повеќе методи. За потребите на истражувањето, посебна примена ќе најдат следните методи:

- *Анализа на содржината* – се применува во анализата на домашните и на странските извори на литература.
- *Компаративната анализа* – се користи во вршењето селекција и анализа на прибраните податоци, со цел воопштување на релевантните факти за потврдување или за негирање на поставената хипотеза.
- *Индуктивно-дедуктивната метода* – се користи за да се извлечат темелни заклучоци од теоретските ставови и мислења за конкретната состојба на образовните наставни програми во посебните основни училишта наменети за реализација на наставата за деца со интелектуална попреченост.
- *Метод на синтеза* – се примени во анализата на повеќе трудови од оваа чувствителна област објавени во странски и домашни списанија, весници, научни

трудови. На тој начин се оствари целосен увид во научната експертската и стручната литература, при што се примени критички пристап на одредени ставови и мислења.

- *Дескриптивна метода* – се примени во снабдување точен опис на појавата која се проучува. Информациите беа добиени со квалитативно проучување и споредување на документите кои ја опишуваа појавата, притоа не застанувајќи само на опишување на појавата, собирање на податоци и нивно средување, туку и нивно споредување, спротивставување, вреднување и интерпретирање со цел усовршување на научните сознанија.

Од инструменти во истражувањето ќе се користат два прашалници и тоа:

1. Прашалник за самоевалуација на наставници за планирањето на наставата (Прилог 1) и
2. Прашалник за имплементација на актуелните адаптирани наставни програми (наменет за наставниците во посебните основни училишта) - (Прилог 2).

Прашалниците се изготвени од страна на Бирото за развој на образованието. Прашалникот за самоевалуација на наставници за планирањето на наставата (Прилог 1) е содржан во упатството за вршење стручен увид и советодавна стручна работа и давање инструктивно-менторска помош на воспитно – образовниот кадар во воспитно-образовните установи од 2013 година, надополнет со еден исказ кој се однесува на изготвување индивидуален образовен план во рамките на адаптираните наставни програми за учениците чиј степен на попреченост не дозволува следење на планираните цели, содржини и активности.

Додека, прашалникот за имплементација на актуелните адаптирани наставни програми (наменет за наставниците во посебните основни училишта) - (Прилог 2) е изготвен во 2015 година за потребите на истражувањето на состојбата во посебните основни училишта по имлементацијата на актуелните адаптирани наставни програми.

Во првиот прашалник се содржани вкупно 20 искази, односно тврдења, а во вториот прашалник се содржани вкупно 10. Прашалниците се анонимни и од затворен тип со цел да се соберат колку што е можно поверодостојни податоци. Податоците кои се добиени при истражувањето се анализирани и заклучоците се сумирани.

За спроведеното истражување, за развивање на инструменти се користеше скалирање со тристепена Ликертова скала. Во скалирањето, кај првиот прашалник се поставени 3 можни ставови од: N1 - никогаш; N2 - понекогаш; и N3 - секогаш. Кај скалирањето кај вториот прашалник се поставени исто така три можни одговори,

односно N1 - се согласувам; N2 - делумно се согласувем; и N3 - не се согласувам.

Испитаниците имаа можност да го искажат своето мислење со обележување на степенот на согласност со дадениот став. Резултатите се презентирани табеларно, при што секој од ставовите, односно трдењата е претставен процентуално во табела и со содветен графикон.

## 6. Популација и примерок

Во истражувачкиот дел од трудот, е опфатен примерок од 88, односно 85 наставници во посебните основни училишта/јавни установи за деца со интелектуална попреченост. Примерокот на испитаниците е од стратификуван вид. Бројот на испитаници е реален и не дозволува поголеми отстапки во веродостојноста на добиените резултати во истражувањето.

За целите на истражувањето, се опфатени наставници од следните посебни основни училишта, односно јавни установи, прикажани во табелата која следува во продолжение.

| **Ред. бр.** | **Посебни основни училишта/јавни установи во кои ќе биде спроведено истражувањето** | **I - Инстр.** | **II - Инстр.** |
|---|---|---|---|
| | | **Број на наставници** | **Број на наставници** |
| **1** | Јавна установа - Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје | 9 | 7 |
| **2** | Посебно основно училиште „Иднина“- Скопје | 22 | 21 |
| **3** | Посебно училиште за основно образование на децата попречени во психичкиот развиток „Др. Златан Сремац“ - Скопје | 26 | 28 |
| **4** | Посебно основно училиште со ученички дом „Маца Ѓорѓиева Овчарова“ - Велес | 18 | 18 |
| **5** | Посебно основно училиште за ученици со посебни потреби „Св. Климент Охридски“ - Ново Село - Струмица | 13 | 11 |
| | **ВКУПНО** | **88** | **85** |

Табела бр. 1 Институции во кои е спроведено истражувањето

Истражувањето во наведените посебни основни училишта за деца со интелектуална попреченост во развојот и во Јавна установа - Завод за рехабилитација на деца и младинци во Скопје, беше спроведено во периодот од 25 јуни до 15 јули 2015 година. Додека квалитативната анализа на наставните програми е извршена во период од септември 2015 до март 2016 година.

Со претходна најава во училиштата и институциите за активностите кои ќе бидат реализирани, односно за спроведување на анкетните прашалници, беше направена организација од аспект на присутност на примерокот на истражување опфатен во трудот. Притоа на секој наставник му беше доставен анкетен прашалник во писмена форма, во кој требаше да бидат внесени одговорите на наведените прашања. Прашалникот беше анонимен и на прашањата се одговараше со заокружување.

# III. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО СО ДИСКУСИЈА

## 1. Анализа на наставните планови и програми за посебни основни училишта

Во овој дел од трудот е направена анализа на структурата на наставните планови и структурата на наставните програми, преку која се направи одредена споредба на истите, со цел да се увиди дали постои разлика помеѓу Наставниот план и програми за основни училишта и паралелки за психички заостанати деца (дебили) во НРМ (Народна Република Македонија), донесена во **1960** година, Наставниот план и програми за специјалните основни училишта и специјалните паралелки за лесно ментално заостанати деца при редовните основни училишта во СРМ (Социјалистичка Република Македонија), од **1968** година, Наставен план и програма за специјално основно училиште за средни и тешки дебилни деца, донесена **1970** година, Наставен план и програма за специјалните основни училишта и специјалните паралелки при основните училишта за учениците со лесно намалени ментални способносто во СРМ, од **1977** година, измени и дополнувањата на усовршените наставни програми за специјалното основно образование за учениците лесно попречени во психичкиот развиток, донесени во **1982** година, Пилот наставна програма за образование на лица со пречки во психичкиот развој, од **1998** година и Наставен план и адаптирани наставни програми за деветгодишно основно образование и воспитание за деца со посебни образовни потреби во посебните основни училишта и посебните паралелки на основните училишта **2008-2014** година.

Во анализата е опфатена и Општата програмска структура со наставен план и програми на воспитно-образовната работа со децата со умерено намалени ментални способности (училишна возраст), која е донесена во **1979** година.

Наставниот план кој произлегува од **наставните програми во посебните основни училишта од 1960 година** е прикажан во табела 1 во продолжение.

**Табела 1**; Наставен план кој произлегува од наставните програми во посебните основни училишта од 1960 година.

(Наставен план и програми за основни училишта и паралелки за психички заостанати деца – дебили во Народна Република Македонија од 1960 година)

НАСТАВЕН ПЛАН (1960 година)

| **ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ПОДРАЧЈА И ПРЕДМЕТИ** | | **Одделенија** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
| 1 | Мајчин јазик | 6 | 6 | 6 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 2 | Запознавање на природата и општеството | 3 | 4 | 4 | 5 | | | | |
| 3 | Запознавање на природата | | | | | 3 | 3 | 2 | 2 |
| 4 | Запознавање на општеството | | | | | 3 | 3 | | |
| 5 | Географија | | | | | | | 2 | 2 |
| 6 | Историја | | | | | | | 2 | 2 |
| 7 | Математика | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 8 | Работно воспитување | | | | | 6 | 6 | 6 | 8 |
| 9 | Физичко и здравствено воспитување | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 10 | Ликовно воспитување | 3 | 3 | 5 | 6 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 11 | Музичко воспитување | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| | ВКУПНО ЧАСОВИ | 21 | 22 | 24 | 25 | 28 | 28 | 28 | 30 |

Извор: Наставен план и програми за основни училишта и паралелки за психички заостанати деца (дебили) во Народна Република Македонија 1960 год.

Овој наставен план е донесен од Советот за просвета на Народна Република Македонија, на седницата од 25.06.1960 година.

Основните училишта и паралелки за психички заостанати деца, кои работеле според наставниот план и програми од 1960 година, покрај општите имале и посебни цели и задачи и тоа: (Наставен план и програми. 1960)

- на учениците да им обезбедат услови за физички, психички и социјален развиток;
- да овозможат максимален развиток на нивните здрави диспозиции и стекнување на општо образование;
- кај децата да се развијат способности, практични знаења и навики;
- во склад со нивните психофизички можности да се развијат умните, телесните, моралните и естетските способности и
- да ги приготви за општествено полезна работа.

Овие цели и задачи за специјалното воспитување и образование се остварувале во основните училишта и паралелки за психички заостанати деца со адаптирање на наставниот план и програмите, со методите на работа, на наставните и техничките средства, со посебна организација на педагошката работа и со ангажирање на дефектолози, психолози, психијатри и социјални работници.

Самостојните основни училишта и паралелки за психички заостанати деца биле специјални училишта во кои согласно член 67 од Општиот закон за школство, се вршело воспитување и образование на децата попречени во психичкиот развој (ментално недоволно развиени деца), на степен од среден и полесен дебилитет, како и гранични случаи, а децата со комбинирани дефекти посетувале посебни одделенија.

Во склад со современите барања на наставата и во врска со општата реформа на школството во тоа време, наставниот план од овие школи во многу се разликувал од сите поранешни наставни планови.

Со овој план биле опфатени предметите кои на ученикот му овозможувале:

- да ја запознае природата во која живее;
- да го запознае општеството и законите на неговиот развиток;
- да стекне работни навики, разни техники, вештини-спретности, смисла за музичко и ликовно изразување и физичка кондиција и истрајност.

Состојбата на овие деца ја наметнувала потребата од адаптација на наставните програми и нивно прилагодување, согласно можностите на учениците. Процесот на адаптација не подразбирал механичко скратување на обемот и содржините на регуларните наставни програми за основните училишта. Наставните програми за специјалните основни училишта биле фокусирани на битните елементи на образованието, групирани по својата внатрешна содржајна логика на сите специфичности, која наметнувала работа со вакви деца. Реализацијата на ваквите програми била условена од индивидуалните можности на поединецот и групата, од што произлегувала и потребата за индивидуализација на наставата и можноста структурата да се прилагоди на можностите на учениците.

Барањето за индивидуализација на наставата, диктирало и посебена форма на работа, индивидуална, која во специјалното основно училиште особено од прво до четврто одделение требало да биде основен облик на работа. Индивидуалната работа се негувала и во понатамошните одделенија, но преовладувала групната и работата со целото одделение (фронтална работа). Покрај многуте општи дидактички барања, при

остварувањето на наставните програми во посебното основно училиште, било потребно според тоа како што е наведено во овој наставен план (табела 1) и програма, да се обрне внимание на следното: (Наставен план и програми. 1960)

- да се почнува со запознавањето на конкретните непосредни факти и да се поаѓа од сетивна перцепција на предметите и појавите;
- наставното градиво да биде научно исправно;
- да биде најпогодно за остварување на воспитно-образовните задачи;
- да биде прилагодено за разните краеви на нашата земја.

Карактеристично за овие наставни програми, имајќи ги предвид можностите и возраста на учениците било следното: (Наставен план и програми. 1960)

- возраста од седмата, односно од осмата година до дванаесетата, односно од I до IV одделение, го чини првиот степен. На овој степен основата и изразот на градивото ја чини непосредната околина и родниот крај, додека работата е главно индивидуална;
- возраста од дванаесетата до четиринаесетата година, односно од V и VI одделение, го чини вториот степен. Можностите на учениците во овој степен и предвидената структура ги преминуваат рамките на родниот крај, а предметот запознавање со природата и друштвото се диференцира на наставата по запознавање на природата и посебно на запознавање на општеството;
- возраста од четиринаесетата година до шеснаесетата, односно VII и VIII одделение, го чини третиот степен. Овде се претпоставуваат максималните можности на учениците, се поставуваат поволни барања, а предметот запознавање на општеството се диференцира на наставата по земјопис и посебно на наставата по историја.

Ваквата поделба на степени, тогаш била потребна имајќи ги предвид можностите на учениците, на работата со нив, односно во првиот степен главно е индивидуална настава, која веќе во другите два степени преминува во претежно фронтална работа.
Во погорните одделенија, односно во VI, VII и VIII, наставата била предметна, со тоа што еден наставник предавал повеќе сродни предмети.

Структурата во програмите за специјалното основно образование била одраз на тогашното практично искуство и теоретските знаења. Во програмите од 1960 год. било имплементирано сето она што е достижно за учениците, ќе даде оформено образование и во добар дел ќе послужи како солидна основа за понатамошно професионално образование на учениците од средниот и полесниот дебилитет, како и од граничните

случаи (ученици со средна и лесна попреченост во интелектуалните способности).

Во продолжение се претставени програмите по предмети, според Наставниот план и програма за основни училишта и паралелки за психички заостанати деца (дебили) во Народна Република Македонија, донесен од страна на Заводот за унапредување и проучување на школството, во Скопје од 1960 година.

**1.** Наставната програма по **Мајчин јазик** ги содржела следните задачи:

- по пат на говорни вежби да се врши корекција на говорот и со тоа овозможи воспоставување контакт со средината;
- да се оспособи ученикот во границите на неговите можности, своите мисли и чувства усно и писмено да ги изрази што поправилно и поубаво на литературен јазик;
- на учениците да им се овозможи да го воочат вредното и убавото во јазикот и да се настојува кај нив да се развива склоност и способност за самостојно служење со книгата;
- да се подига општото културно ниво на учениците и да им се овозможи полесно запознавање и разбирање на општествената реалност, да им се развиваат естетските и етичките чувства, љубовта спрема животот, човекот и заедницата, што ќе им ја поттикнуваат волјата за активно учество во општествениот живот.

Децата кои се запишувале во Специјалното основно училиште за ментално заостанати деца биле со многу оскуден речник, со непотполни и погрешни претстави и поими, како и со грешки во артикулацијата поради што една од главните задачи на мајчиниот јазик во почетниот степен било вежбањето во правилното изразување.

Многу рано се воочил процесот на диференцијација на децата едно од друго во однос на разбирањето и темпото на напредување, поради што било потребно да се пристапи кон индивидуална работа при обработка на буквите и вежбањето на читање и пишување. За оваа намена се изработувале и посебни картони кои содржеле слики, текст и вежби за читање и пишување.

Во погорните одделенија индивидуалната работа била се поизразена, при што учењето на јазикот не смеело да биде цел сам на себе, туку требало да биде средство за подигање на општата култура кај учениците. Всушност тежиштето на работата било стекнување посигурно практично владеење со јазикот.

**2.** Задачи на наставата по **Запознавање на природата и општеството** во училиштето

за ментално заостанати деца:

- врз основа на непосредното набљудување, допир, гледање, слушање, движење, говорот и работата, учениците да ја развијат моториката и создадат работна навика, како и да добијат основни знаења за околината;
- преку запознавањето на природата и општеството учениците да ја забележат зависноста на природата од човековиот труд, како и зависноста на човекот од природата;
- секое ментално дефектно дете, без разлика на неговиот умствен и физички развиток, да стекне работни навики во рамките на неговите способности;
- преку учество во животот на училиштето и домот учениците да развиваат свест за потребата од сопствено привредување за лична и општествена полза;
- детето да се приближи до природата преку запознавање на нејзините убавини и богатства, како и преку користењето на истите за стопанството и општеството;
- да забележат на поединечни примери во природата како човекот со својот ум и работа ја победува природата и ја користи нејзината сила за општо добро;
- да ги сфатат општествени настани преку посета на споменици, музеи и преку обработка на народната и уметничката литература, како последици на човечките настојувања за подобар и поправеден живот на земјата.

Запознавање на природата и општеството било застапено од I-IV одделение, а потоа е направена диференцијација на повеќе предмети кои се изучувале во погорните одделенија и тоа: Запознавање на природата во V, VI, VII и VIII одделение, Запознавање на општеството во V и VI одделение, Географија во VII и VIII одделение и Историја во VII и VIII одделение.

Најзначајните карактеристики на овие програми ги содржи предметот Запознавање на природата и општеството, бидејќи претставува концентрација на основните знаења за природата, човекот, општеството, општествените односи и техниката. Оваа програма овозможувала поврзување на сите предмети. Односно преку овој предмет ментално неразвиените деца се запознавале со објективната стварност. Тие доаѓале во училиште со непотполни претстави и поими кои требало да се поправат, дополнуваат и развиваат. За таа цел многу значајни биле вежбите за сетилно перцепирање, тактилните вежби, аудитивни вежби и др.

Предметот Запознавање со природата и општеството бил во корелација со Мајчин јазик, Математика, Ликовно воспитување. Значаен облик на работа била индивидуалната работа во која се применувале индивидуални картони, збирки и други

средства, а темите кои се обработувале биле од различни подрачја од запознавање на природата и општеството.

**3.** Наставната програма по **Математика** имала за цел:

- учениците да се запознаат со основните знаења од математиката и геометријата;
- кај учениците да развие способност за внимание, мислење, говор и правилно заклучување;
- да ги навикне учениците на точност, уредност, истрајност во работата и да можат стекнатите знаења да ги применат и користат во секојдневниот живот.

Математиката на учениците им дава извесна сигурност, им ја подига вољата за работа и постапно ги воведува учениците во стварноста и прецизноста на математичките односи. Математиката била поврзана со сите други предмети а најповеќе со природните науки. Сè што се учи на часот по Математика, треба да има поврзаност со реалниот живот. Само така учениците воочувале која математичка операција да ја применат. Само она што е темелно усвоено на часовите по Математика, може да им користи на учениците, што значи дека наставниот материјал треба да е соодветен на интелектуалните можности на учениците.

Конкретноста во наставата има голема улога за полесно усвојување на наставниот материјал. Нагледните средства и дидактичките материјали треба да се менуваат се додека процесот на собирање биде целосно усвоен.

**4. Работното воспитување** за ментално дефектните деца на степен на дебилитет требало да претставува предмет што ќе ги оспособи за полесно вклучување во животот и работата со децата без попреченост. Работното воспитание како принцип се спроведувало низ целото школување со тоа што од V до VIII одделение се изведува како наставен предмет.

Задачите на работното воспитување биле следни:

- развивање на работни навики, мануелна спретност, сила и точност;
- да се подобри темпото во работата низ честото повторување на работната техника;
- кај детето да се развие љубов кон работата и работниот човек;
- да се запознае детето со многу видови материјали и работни техники, а да се негуваат особено оние во кои што покажува најголема смисла и интерес;
- работното воспитување на децата треба да им овозможи подобро разбирање на

останатите наставни предмети и дисциплини;

- учениците да се запознаат со алатот и материјалите како и да ги чуваат истите; и
- дебилното дете треба да се оспособи по завршување на специјалното училиште да биде способно за вклучување во стопанството како приучен работник или да биде способно да совлада попрост занает.

За да се остварат овие задачи од работното воспитание во училиштето за ментално дефектни деца било планирано со работно воспитание да се започне уште во прво одделение и да се спроведува како принцип до четврто одделение, во сите наставни предмети, особено во природата и општеството. Во овој период се планирало учениците да ги извежбаат сетилата, да ја развијат моториката, да корегираат извесни недостатоци, како и да се запознаат со основните алати и материјали. На овој степен сите ученици работат со исти материјали и техники во вид на ликовно изразување. Работата се одвивала во училница во склоп на зголемениот број на часови по ликовно воспитување.

Работното воспитување, организирано врз основа на запознавање на учениците со различни техники, домашни и полјоделски работи се сметало дека е најдобра опција за оспособување на ментално дефекните деца на степен дебилитет, за општествена инклузија. Важно било работното воспитување да биде поврзано со останатите наставни подрачја и да претставува дополна со другите наставни предмети.

**5.** Планирани задачи на **Физичкото и здравственото воспитување** во училиштето за ментално недоразвиени деца (дебили) :

- поттикнување за правилен телесен развој на ученикот;
- исправка и ублажување на телесните недостатоци кај дебилните деца (корективна гимнастика и ритмика);
- развивање на физичките сили, спретноста и упорноста, што ќе им биде неопходно за идната работа во производството и животот воопшто;
- да се одберат оние телесни вежби и движења што во идниот живот на ученикот ќе му ја одржува работната способност, ќе му го чуваат здравјето и претставуваат разонода;
- учениците треба да се научат своето движење и силата да ја искористат во сите животни прилики;
- училиштето треба да развива смисла и навики за одмор и културна разонода.

Физичкото воспитување има голема задача во развојот на другарските односи помеѓу учениците.

Во рамките на предметот физичко и здравствено воспитување од I до IV одделение се реализирале и задачи на корективна гимнастика. Интенција на физичкото и здравственото воспитување во специјалното училиште требало во најголема мера да придонесе за развивање на работната способност кај учениците.

**6**. Задачи на **Ликовното воспитување** во училиштето за ментално недоразвиените деца (дебили) :

- да се воочат и корегираат недостатоците во емотивниот живот на дебилното дете, преку развивање и оплеменување на способностите за доживување;
- низ разни техники да развиваат кај учениците самостојно ликовно изразување согласно возраста на учениците;
- преку секојдневни разговори да го развиваат чувството за убаво облекување, украсување на училницата со мебел и цвеќе;
- забележување на убавото во природата и животот.

Програмата предвидувала индивидуална работа со секој ученик, почитување на неговиот израз, систематско и методско развивање на неговите изразни способности, збогатување на фантазијата, создавање интерес за ликовен израз со внесување различни техники во работата.

Ликовното воспитување во првите четири одделенија се реализирала со зголемен број на часови, бидејќи во себе го вклучува цртањето, сликањето, моделирањето и рачната работа за учениците. Зголемениот фонд на часови имало за цел поголем развој на фината моторика на рацете и прстите, развој на позитивни навики за самостојно ликовно изразување, како и подготвување на учениците за работно воспитување во погорните одделенија и придонес за полесно совладување на наставниот материјал од општо образовните предмети. Основата при работа со дебилните деца е да им овозможи слободен ликовен израз на секое од нив.

**7.** Задачи на наставата по **Музичко воспитување** во програмата од 1960 год. :

- да се научат децата на правилно дишење, артикулација и естетско изнесување на текстот;
- да се развие чувство на ритам, темпо и динамика;
- да се научи да се разликува траењето, бојата и мелодиката;
- да се научат децата да пеат полесни народни и уметнички песни;
- постапно да се одгледува гласот на учениците;

- по можност да се користат разни удирачки и други наједноставни инструменти со цел со музичкото воспитание да се опфатат и учениците кои немаат способност за пеење;
- децата да се запознаат со најобичните музички инструменти;

учениците да се запознаат со најзначајните музички установи.

Наставата по Музичко воспитување кај децата требало да развие љубов кон музиката, да им го развие чувствениот живот и да им даде најосновно музичко образование. Наставата по Музичко воспитување се користи и како средство за смирување или стимулирање во зависност од однесувањето на учениците.

Во општите начела во наставниот план и програма за основно образование на менатално заостанати деца, издаден од страна на Републикиот завод за унапредување на школството на СР Македонија, од 1968 година, е наведено дека основното образование на ментално заостанатите деца има за цел да ги оспособи за самостоен живот и работа децата и младинците попречени во психичкиот развиток од полесен степен (дебили), односно, како што денес се нарекуваат деца со интелектуална попреченост. Ова образование се остварува преку специјални (посебни) основни училишта, специјални паралелки при редовните основни училишта или специјални установи. Доколку во населеното место постои и специјално училиште и специјална паралелка, по правило, станува подрачна паралелка на специјалното училишта.

Понатаму, како што стои во анализираната програма од 1968 година, специјалните паралелки и училишта се грижат за отстранувањето и ублажувањето на пречките или недостатоците во психичкиот развој на децата и младинците.

Имено, според Наставниот план и програми за специјалните основни училишта и специјалните паралелки за лесно ментално заостанати деца при редовните основни училишта во Социјалистичка Република Македонија, донесена од страна на Заводот за унапредување и проучување на школството во 1968 година, основните задачи на специјалните основни училишта и специјалните паралелки за ментално заостанати деца следните (Наставен план и програми, 1968 година):

- преку воспитување и настава, како и преку соодветна психолошка, здравствена и друга стручна работа, да овозможуваат што поцелосно развивање на способностите и склоностите кај ментално заостанатите деца, максимално да го стимулираат нивниот општ развиток и созревање и да овозможат ублажување на последиците од подпросечното интелектуално однесување на овие деца;
- да им обезбедат на овие деца основно општо образование, за време на нивната

училишна обврска;

- да организираат слободни активности на учениците во склад со програмата на училиштето, интересирањата и способностите на учениците;
- да ги насочуваат и подготвуваат учениците за оние занимања и позиви кои одговараат на нивните способности и склоности, со што по завршување на основното училиште, ќе ги оспособат за поуспешно вклучување во стручното образование, односно работно оспособување за одреден позив или занимање;
- да им овозможат на своите ученици дружење, заедничка работа и разонода со нивните врсници од редовните училишта;
- преку воспитанието и со целокупната своја стручна работа, а особено преку наставата и општествено корисната и производствената работа, да ги развиваат оние лични навики, особини, однесување и ставови кои треба да ја карактеризираат личноста и граѓанинот на нашата заедница;
- да соработува со родителите, старателите, органите на старателство, стручните и општествените организации и да им помага во подигањето и воспитувањето на овие деца и младинци;
- да го поучуваат и следат развитокот на учениците и да им помагаат во нивното натамошно образование, снаоѓањето и оспособувањето за живот и работа по завршувањето на специјалното основно училиште;
- според природата и степенот на менталната заостанатост на овие деца, да применуваат специјални методи во работата како и специјални наставни и други средства согласно начелата на современата педагогија.

Специјалното основно училиште и специјалните паралелки за полесно ментално заостанати деца во редовните основни училишта им овозможуваат на овие ученици, во склад со нивните можности и потребите на општествената заедница, елементарно основно општо образование и општествено и работно воспитание, во интерес на нивниот сестран развиток, здрав и културен живот, успешно систематско работно и стручно оспособување и вклучување во производната работа и општествениот живот, по излегувањето од специјалното училиште.

Општото образование во специјалното училиште според своите цели и задачи, изборот и распоредот на образовните содржини, начинот, формите и средствата за реализација, било насочено кон сестран и хармоничен развој на сите зачувани способности, како и кон одстранување, ублажување и корекција на недостатоците, девијациј ата и неспособностите во физичка, ментална и емоционална свера на

активностите и однесувањето на заостанатото дете.

Специјалното основно училиште на лесно ментално заостанатите деца им овозможувало основна писменост, развивање на елементарната култура на усно и писмено изразување, воведување во разбирање на природните и општествените појави, достапни на нивното разбирање и на најпогоден начин запознавање со вредностите и достигањата на техниката и уметноста со кои тие се среќаваат во процесот на работата или во општествениот живот.

За постигнување успех во воспитно-образовната работа со овие деца, специјалното основно училиште требало систематски да работи на елиминирање и ублажување на недостатоците и девијациите во сензорната, говорната и моторичната свера на детската активност. Систематската работа на ублажувањето, корекцијата и отклонувањето на недостатоците и нивните последици претставувала основна посебна задача на воспитно-образовната работа со овие деца, која се реализирала преку сестрано изучување на индивидуалните особености и проблеми на секој ученик како основа на индивидуалниот пристап во наставата и воспитувањето.

Наставниот план кој произлегува од наставните програми во посебните основни училишта од 1968 година е прикажан на табелата 2 која е прикажана во продолжение.

**Табела 2**; Наставен план кој произлегува од **наставните програми во посебните основни училишта од 1968 година**

(Наставен план за специјалните основни училишта и специјалните паралелки за лесно ментално заостанати деца при редовните основни училишта во С.Р. Македонија).

| Ред. број | Наставно-воспитни области | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Мајчин јазик | 8 | 8 | 8 | 6 | 6 | 6 | 5 | 5 |
| 2. | Запознавање на природата и општеството | 2 | 2 | 3 | 3 | - | - | - | - |
| 3. | Запознавање на природата | - | - | - | - | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 4. | Запознавање на општеството | - | - | - | - | 2 | 2 | - | - |
| 5. | Историја | - | - | - | - | - | - | 2 | 2 |
| 6. | Географија | - | - | - | - | - | - | 2 | 2 |
| 7. | Математика | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 8. | Работно и ликовно образование | 2 | 2 | 3 | - | - | - | - | - |
| 9. | Основи на општотехничко образование | - | - | - | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Ликовно воспитание | - | - | - | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 11. | Физичко и здравствено воспитание | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 |
| 12. | Музичко воспитание | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 13. | Домаќинство | - | - | - | - | - | 2 | 2 | 2 |
| | Вкупно: | 21 | 21 | 23 | 25 | 26 | 28 | 28 | 28 |

Извор: Наставен план и програма за основно образование на ментално заостанати деца, Републички завод за унапредување на школството на СР Македонија, Скопје, март 1968 година.

Овој наставен план за посебните основни училишта за деца со пречки во развојот е утврден од страна на Републичкиот завод за унапредување на школството на Социјалистичка Република Македонија, а врз основа на консултациите со здружението на дефектолозите на С.Р.Македонија, наставниците од посебните основни училишта, Сојузот на друштвата за помош на ментално недоволно развиени деца на С.Р. Македонија и други заинтересирани фактори.

Посебните училишта кои работат сами во своја зграда со целодневна настава, можат по одделни предмети да предвидат и повеќе часови во поединечни одделенија, со тоа што општиот неделен фонд на часови не треба да биде поголем од соодветното одделение во редовните основни училишта.

Во продолжение накратко ќе биде даден приказ на задачите на наставните програми по одделните предмети (Наставен план и програми, 1968):

**1.** Задачите на наставата по **Мајчин јазик**:

- да ги оспособи учениците правилно, јасно, убаво и течно, усно и писмено да се изразуваат;
- да ги богати и развива усниот и писмениот речник кај учениците и да ги оспособи правилно и јасно да ги развиваат и да ги интерпретираат и проценуваат говорниот и пишаниот збор на другите;
- да ги запознае учениците со најосновните карактеристики на нашите народни говори и со правилата на нашиот литературен јазик;
- да се бори против нелогичности, нејаснотии и неправилности во говорното и писменото изразување на учениците;
- кај учениците да развива интересирање и љубов кон книгата, да ги навикнува и оспособува со неа самостојно да се служат и
- кај учениците да разбудува и развива естетски и морални чувства, да формира

морален лик, да развива патриотизам и да ги поттикнува активно да учествуваат во општествениот живот.

2. Задачи на наставата по **Запознавање на природата и општеството**:
   - да им овозможи на учениците запознавање со нивната потесна природна и општествена средина, а посебно со средината во која живеат, да придонесува за средувањето, надополнувањето и проширувањето на нивните искуства, развивањето љубов кон природата и кон луѓето, формирањето на културни и хигиенски навики, правилниот однос кон другите и постарите, личниот и општествениот имот, спрема своите права и должности, особено за развивање навики и инересирање за работа, љубов и одговорност спрема работата;
   - да ги воведува учениците во набљудувањето на појавите во природата и работата на луѓето, да им дава најелементарни знаења и на достапен начин да ги запознава со тоа, како луѓето ги користат богатствата на крајот и како работата и соработката меѓу луѓето се важни за секојдневниот живот;
   - врз основа на непосредното набљудување да им развива кај учениците логичко мислење и заклучување, како и способност за јасно и правилно говорно изразување;
   - да ги упатува учениците да го воочуваат изгледот и одликите на земјиштето во местото и крајот во кој се наоѓа училиштето и на тој начин да стекнуваат одредени претстави за географските објекти, елементарни знаења за ориентацијата во природата, како и најосновна картографска писменост;
   - да ги запознава учениците со најважни настани и личности од подалечното и поблиското минато на крајот, а особено со учеството на луѓето од тој крај во ослободителните борби и општествени изградби и издигнувања.

3. Задачи на наставата по **Запознавање по природата**:
   - да ги запознае учениците со живата и неживата природа и појавите во природата и да им укажува на взаемната поврзаност на појавите и на постојаните промени во движењето и природата;
   - да ги запознае учениците со условите за живеење на живите суштества, со нивната меѓусебна поврзаност и зависност од средината во која живеат;
   - со научно толкување на појавите и промените во природата кај учениците да развива интересирање за создавање и правилен поглед на светот, како и

интересирање за чување на природата;

- да им овозможува на учениците да сфатат како човекот, запознавајќи ја природата, стекнува искуство како со работа дејствува врз природата, како ги користи силите и богатствата на природата, како го унапредува производството и создава подобри услови за живот;
- да ги оспособува учениците со самостојна работа да ги продлабочува и применува во животот знаењата стекнати за природата.

4. Задачите на наставата по **Запознавање на општеството**:

- на учениците да им дава основни знаења за животот и работата на нашите народи, за успесите на нашата заедница во градењето на сопствена држава и да ги воведува во разбирањето на самоуправувањето на работните луѓе;
- да ги воведува учениците во разбирањето на зависноста меѓу природната средина и луѓето што во неа живеат за да сфатат преку наједноставни примери дека човекот, прилагодувајќи се на природните услови и користејќи ги тие услови, истовремено работи на нивното менување кон своите потреби;
- преку погодни примери на учениците да им се укажува за тоа како постојано се менува животот на луѓето, дека луѓето порано поинаку живееле и во таа насока кај учениците да развива свест за постојаното унапредување на човекот во неговата борба за совладување на природата и за поправедни човечки односи;
- кај учениците да развива свест за единството на народите и чувството за љубов кон татковината, да им дава основни знаења преку одбрани содржини запознавајќи ги со значајните епизоди од борбата на нашиот народ во минатото, како и со напорите за изградба на сопствена држава.

5. Задачите на наставата по **Историја** :

- преку одбрани содржини да ги запознае учениците со минатото на нашиот народ и нивната борба за слобода, а особено со поновиот период од нашата историја;
- на учениците да им укажува на неопходноста од постојаната борба на човекот за поубав и поудобен живот и да им развива чувство на љубов кон татковината и прогресивните снаги;
- да делува на моралното воспитување на учениците, а особено на изградувањето на патриотизмот.

**6.** Задачите на наставата по **Географија** :

- да ги запознае учениците со природните убавини и богатства на нашата татковина, со општествено економското уредување на нашата заедница, со работата и животот на луѓето во неа и да им укаже на врските на нашата земја со соседните и другите земји и на улогата што таа ја има во современиот свет и на тој начин кај нив да развива љубов кон татковината;
- да ги запознае учениците со основните карактеристики на континентите, соседните земји, европски земји, со нивната природа, економскиот развиток и начинот на живеење во нив;
- да им помогне на учениците да согледаат дека светот е една целина во која што сите народи вложуваат свој дел за општ економски и културен развиток.

**7.** Задачите на наставата по **Математика**:

- во рамките на програмата, а имајќи ги предвид психофизичките можности на децата, да ги оспособува учениците за усно и писмено сметање, за мерење и изразување на резултатите од тие мерења, за моделирање и цртање на геометриски фигури;
- кај учениците да развива логичко мислење и заклучување, способност за апстрахирање, правилно сфаќање на големините и просторното претставување;
- да им овозможува на учениците стекнување на математички знаења потребни за решавање на задачи од животот и практиката, како и за евентуално понатамошно стручно образование, односно систематско оспособување за работа;
- кај учениците да изградува навики за уредност и точност во извршувањето на училишните обврски, како и да развива смисла за планска и организирана работа воопшто.

**8.** Задачите на **Работното и ликовно образование**:

- да ја негува и развива способноста за самостојно ликовно изразување, облагородување, оплеменувања на доживувањата и да ги поттикнува творечките можности кај учениците;
- кај учениците да создава и да негува работни навики, спретност и чувствителност за работни операции и да им развива љубов за работа и кон работниот човек;
- кај учениците да создава разбирање и љубов за ликовните вредности, да развива смисла за складност, ред и мерка, како и за воочување на овие вредности во

природата и животот;

- да ги запознава учениците со употребата на разни алати и користењето на разни материјали;
- да ги запознава учениците и да ги оспособи за владеење со разни ликовни средства и техники достапни на нивната возраст.

**9**. Задачите на наставата по **Општотехничко образование**:

- на учениците да им дава соодветно работно техничко образование и општа подготовка за подоцнежното стручно образование, оспособување за работа и успешно вклучување во општествениот живот и стопанисувањето;
- да открива и да развива способност, склоност и интересирање кај учениците и да ги насочува на оние активности кои придонесуваат, по завршувањето на основното образование, односно по завршување на основното училиште, успешно да се оспособат за одредени занимања;
- да ги запознава учениците со користењето на материјалот што најмногу се употребува, да ги оспособува да владеат со основните знаења, техники и вежби во поедноставните производствени процеси, да развива умешност и спретност во правилното користење на алатот и материјалот и во ракувањето со поедноставни технички средства;
- да ги оспособува учениците стекнатото знаење, вештините и техниката во оваа настава да ги применуваат во секојдневниот живот;
- преку поврзувањето на наставата со производствената и другата општествено корисната работа да придонесува за работното и политехничкото воспитание и образование на оваа младина, а особено да развива кај учениците љубов кон работата и кон работните навики;
- оваа настава да се користи како едно од средствата за корекција и компензација на недостатоците во развојот на овие деца.

**10**. Задачите на наставата по **Ликовно воспитување**:

- преку негување и развивање способност за ликовно изразување ги оплеменува доживувањата и ги поттикнува творечките можности кај учениците;
- преку развивањето на разбирањето на ликовните вредности изразени во делата на сликарството, вајарството, архитектурата и применетата уметност, кај учениците

да се создаде љубов и потреба за ликовната уметност и уметничкото обликување воопшто;

- преку толкување на одбрани дела од ликовното творештo од своето поднебје и ликовната обработка на содржините од нашата стварност да развива смисла за складност, ред и мерка, да негува хумани чувства, да развива културна свест и влијае на формирањето на моралниот лик на учениците;
- учениците да ги запознава и оспособува за владеење со средствата и техниките на ликовното изразување во склад со нивните психофизички можности;
- кај учениците да создава смисла за почитување, чување и негување на културните вредности и уметничките способности на нашиот народ;
- да ги насочува учениците, смислата за ликовните вредности што ја стекнуваат во наставата да ја применуваат и користат во работата и животот.

**11.** Задачите на наставата по **Физичко и здравствено воспитување**:

- да придонесува за сестраниот психофизички развој на учениците, да ја поттикнува физичката култура и да ја користат заради активен одмор, здрава забава и разонода;
- да му помогне на ученикот да ги совлада и усовршува основните телесни движења и координацијата и да ги запознае оние гранки од физичката култура што ќе му бидат потребни во животот заради чување на здрајето, развивањето и одржувањето на работната способност и разонода;
- кај учениците да развива хигиенски навики и да им дава потребни знаења за негата на телото, за здравиот живот за време на работата и одморот;
- по пат на телесни вежби и други активности да обезбеди потребни услови за нормално хармонично растење и развиток на учениците и да влијае за отстранување на недостатоците што го попречуваат правилниот телесен развиток;
- кај учениците да ја зајакнува волјата и да ги развива моралните особини, особено во правилниот однос кон колективот, самодисциплина, смелост, самоиницијатива и слично.

**12.** Задачите на наставата по **Музичко воспитание**:

- кај учениците да развива смисла за музика и да им дава основно музичко воспитание и образование;

- кај учениците да гради чувство за ритмичко и мелодиско движење;
- да го развива гласот и да го оплеменува музичкиот вкус кај учениците и низ песна и музика да влијае на негувањето на позитивни морални особини и развивање на патриотизмот;
- преку слушањето на музика учениците се запознаваат со поважните музички инструменти и состави на поединечни вокални и инструментални ансамбли;
- преку слушањето на музиката учениците да се запознаат со најзначајните музички установи и музички творци во земјата.

**13.** Задачите на наставата по **Домаќинство**:

- кај ученците да развива смисла, умешност и навики за активно учество во работите на домаќинството, за взаемно помагање во работата, целисходна организација на работата, користење на времето, материјалите, парите и човековата снага;
- да ги запознае учениците со основните барања во однос на современиот начин на исхраната, станувањето, облекувањето, водењето на домаќинството, да им дава за тоа практични знаења и да им развива потребни навики;
- на учениците да им дава основни знаења за чувањето и напредувањето на здравјето, здравствената заштита и да допринесува за развивање на навики за лична хигиена, културниот изглед и здравственото и културното однесување воопшто;
- кај учениците да развива љубов кон работата и работни хигиенски навики при вршењето на работите од домот и во училиштето, чувство за одговорност, способност за проценување, избор, планирање, самостојно и заедничко донесување на одлуки, иницијативи и слично.

Во продолжение на овој дел, како што следува, ќе биде прикажан **Наставниот план и програма за специјално основно училиште за средни и тешки дебилни деца**, донесена во 1970 година од страна на Републичкиот завод за унапредување на школството, кој бил назначен како пробен наставен план и програма кој се применувал во учебната 1970/71 година.

**Табела 3**. Наставен план кој произлегува од наставните програми во посебните основни училишта од 1970 година.

**НАСТАВЕН ПЛАН (1970 г.)**

| | **ПРЕДМЕТИ** | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Мајчин јазик | 6 | 6 | 5 | 6 | 6 | 6 | 5 | 5 | 45 |
| 2 | Запознавање на природата и општеството | 4 | 4 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 22 |
| 3 | Математика | 5 | 5 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 | 36 |
| 4 | Работно и општо-техничко воспитување | 2 | 2 | 4 | 4 | 6 | 6 | 6 | 6 | 36 |
| 5 | Ликовно воспитување | - | - | - | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 10 |
| 6 | Физичко и здравствено воспитување | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 24 |
| 7 | Музичко воспитување | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 12 |
| 8 | Домаќинство со хигиена | - | - | - | - | - | 2 | 3 | 3 | 8 |
| 9 | Сообраќајно воспитување | - | - | - | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 5 |
| | ВКУПНО ЧАСОВИ | 21 | 21 | 21 | 25 | 26 | 28 | 28 | 28 | 198 |

Извор: Наставен план и програма за специјално основно училиште за средни и тешки дебилни деца, Завод за унапредување и проучување на школството, Скопје, 1970

Со наставниот план и програма од 1970 година се опфатени оние предмети кои овозможуваат учениците во рамките на своите можности и способности да се запознаат со природните и општествените појави како и да развијат работни навики и способности. Ако постои потреба или оправдана причина предвидено е адаптирање на програмата според условите и способностите на учениците.

Наставата во специјалните училишта за средно ретардирани деца по правило е одделенска. Во вишите одделенија предметите, Ликовно, Музичко, Физичко воспитување и Општо техничко воспитување како и Домаќинство може да се изведуваат и како предметна настава од стручни наставници кои не се дефектолози. Овој наставен план и програма бара посебна организација на наставата, а пред сè подобра опрема на училиштето и примена на специјални наставни средства и методи. Кон програмата на секој предмет дадени се објаснувања заради подобра нивна интерпретација. Во продолжение е претставена истата.

(Наставен план и програми. 1970)

**1**. Наставната програма по **Македонски јазик** ги содржи следните задачи:

- по пат на говорни вежби да се врши корекција на говорот и со тоа да се овозможи воспоставување контакт со средината;
- да се оспособи ученикот во границите на неговите можност, поправилно поубаво да ги изрази своите мисли и чувства, усно и писмено;
- на учениците да им се овозможи да го учат вредното и убавото во јазикот да се настојува кај нив да се развива склоност и способност за самостојно служење со книгата;
- да се подига општото културно ниво на учениците и да им се овозможи поубаво запознавање и разбирање на општествена стварност, да им се развиваат естетските и етичките чувства, љубовта спрема животот, човекот и заедницата, заради што ќе се поттикне вољата за активно учество во општествениот живот.

Најзастапени подрачја: читање, усно или писмено изразување и поуки за јазикот. Програмата по Мајчин јазик содржи и забелешки кон програмата-објаснување.

**2**. Наставната програма по **Запознавање на природата и општеството** ги содржи следните задачи:

- врз основа на непосредно набљудување, гледање, слушање, манипулирање, движење, говорот и работата, учениците да ја развијат моториката и создадат работни навики, како и да добијат основни знаења за околината;
- секое дете без разлика на неговиот умствен и физички развиток, да стекне работни навики колку што му допуштаат неговите снаги;
- преку учество во животот на училиштето, да развијат свест за потребите од сопствено привредување за лична и општествена корист;
- детето да се приближи до природата преку запознавање на нејзините убавини, богатствата, како и преку користење на истите за стопанството и општеството.
- да забележат на поединечни примери во природата, како човекот со својот ум и работа ја совладува природата и ја користи нејзината снага за општо добро;
- да ги сфатат општествените настани, преку посети на споменици, музеи и преку обработка на народната и уметничка литература, како последици на човековите настојувања за подобар и поправеден живот во земјата.

Наставната програма по Запознавање на природата и општеството е концепирана по тематски подрачја со мноштво теми (дневни распределенија) со поими и активности кои

треба да ги совладаат учениците во сите осум одделенија.

На крајот од програмата се содржани општи забелешки за Запознавање на природата и општеството. Програмата овозможува поврзување со сите предмети, а при изборот на градивото се внимавало тоа да биде најпогодно за остварување на воспитно образовните задачи во специјалното основно училиште.

Темите од Запознавање на природата и општеството овозможуваат реализирање на вежби за сетилно перцепирање на предметите и појавите. Во таа насока многу се значајни тактилните вежби. Децата стекнуваат поими за формата и големината на предметите како и за нивното движење, стекнуваат поим и за бројните количини. Еден од важните современи облици на работа по овој предмет е индивидуалната работа.

**3.** Наставната програма по **Математика** ги содржи следните задачи:

- учениците да ги воведе во најосновната математичка писменост која ќе им служи во секојдневниот практичен живот;
- во зависност од психичката развиеност на секој ученик, да се создаваат и збогатуваат математичките претстави и поими за најелементарните животни потреби;
- да ги развива кај учениците способностите на забележување, мислење, говорот и логичкото размислување;
- да ги поттикнува учениците на самостојна акција;
- да ги навикнува на точност, уредност, истрајност во работата и стекнатите знаења да можат да го применат и користат во практичниот живот;
- да ја развиваат кај учениците свеста за потребата од одговорно и точно извршување на сите задачи;
- да развива чувство за односите во просторот и за бројните количини.

Наставната програма по Математика е концепирана по тематски подрачја со теми (дневни распределенија) со поими и активности кои треба да ги совладаат учениците во сите осум одделенија и тежинско ниво кое се зголемува во секое следно одделение. На почетокот од секое одделение е планирано повторување на наставниот материјал од предходното одделение.

На крајот од програмата се содржани општи забелешки на предметот Математика каде е истакнато дека се што не е темелно усвоено на часовите по Математика, не им користи на учениците, што упатува на фактот дека градивото треба да се базира на интелектуалните можности на учениците. Со индивидуална работа максимално се

развиваат способностите на учениците. Овој вид на работа се применува во сите одделенија, а особено при утврдување и проверување на знаењата. За таа цел се изработуваат индивидуални картони со практична задача од градивото што се обработува. Конкретноста на наставата и постапноста во работата има голема улога за полесно усвојување на наставниот материјал.

**4.** Наставната програма по **Физичко воспитување** ги содржи следните задачи:

- поттикнување за правилен телесен развој на ученикот;
- корекција и ублажување на телесните недостатоци кај децата (корективна гимнастика и ритмика);
- развивање на физичките снаги, сопственоста и упорноста што ќе им биде неопходна за идната работа во производството и животот воопшто;
- да се одбираат оние телесни вежби и движења што во иднина на ученикот ќе му ја одржува работната способност, ќе му го чува здравјето и ќе му претставува разонода;
- учениците треба да се научат своето движење и снагата да ја искористат во сите животни прилики;
- физичко воспитување има задача да ги развие и другарските односи меѓу учениците.

Програмата по Физичко воспитување во специјалното училиште на ментално недоволно развиени деца, иако битно не се разликувала од програмата за редовните основни училишта сепак има свои карактеристики во смисла на застапеноста на принципот за индивидуална работа и спроведување на корективна гимнастика од I до IV одделение.

Физичкото воспитување во основното училиште за психички ретардирани деца останува интегрален дел од општото воспитување кое го користи телесното вежбање за развивање на сите човечки снаги и движења и творечката активност во склад со потребите и тенденциите на општеството.

**5**. Задачи на **Ликовното воспитување** во училиштето за ментално недоволно развиени деца:

- да се воочат и корегираат недостатоците во емотивниот живот на детето, преку развивање и оплеменување на способностите на доживување;
- да развие самостојно ликовно изразување кај учениците низ разни техники,

согласно возраста на учениците;

- да го развие чувството за убаво по пат на секојдневни разговори, примери за убаво обликување, украсување на училницата со мебел и цвеќе;
- забележување на убавото во природата и животот;
- индивидуална работа со секој ученик, почитување на неговиот израз, систематско методско развивање на неговите изразни способности, збогатување на фантазијата, создавање на интерес за ликовен израз со внесување во работата на разни техники.

Ликовното воспитување според Наставниот план и програма за специјалното основно училиште за средни и тешки дебилни деца било предвидено во погорните одделенија, односно од IV до VIII одделение, со три тематски подрачја: цртање, сликање и моделирање. На крајот од програмата се содржани забелешки кон ликовното воспитување во кои е истакнато дека на ваквите ученици треба да им се овозможи слободен ликовен израз на секое од нив. Истакнато е и дека методската постапка ќе биде диктирана од ликовните можности на детето, а системот на работа ќе се базира врз познавањето на детската психа и индивидуалните можности за ликовен израз.

Карактеристично за учениците од подолните одделенија е описната тенденција во работата, при што детето го црта и моделира животот околу себе каде се повеќе преоѓа од царството на фантазијата кон стварноста. Карактеристично за оваа програма е што предвидувала и домашни задачи за учениците од подрачјето на ликовното воспитување.

**6**. Задача на наставата по **Музичко воспитување** била, кај учениците да развие љубов кон музиката, да им го развие чувствениот живот и да им даде најосновно музичко образование, како и на учениците да влијае како средство за смирување и стимулирање. За да се постигне предвиденото е потребно:

- да се научат децата на правилно дишење, артикулација и естетско изнесување на текстот;
- да се развие чувство за ритам, темпо и динамика;
- да се научи да ги разликуваат траењето, бојата и мелодијата;
- да се научат децата да пеат полесни уметнички и народни песни;
- постапно да се одгледува гласот на учениците;
- по можност, да се користат разни удирачки и наједноставни инструменти, да можат со музичкото воспитување да се опфатат и учениците кои немаат способност за пеење;

- да се запознаат децата со најобичните музички инструменти и најзначајните музички установи.

Работата во првите четири одделенија тесно се поврзувала и испреплетувала со целокупниот училишен живот, со играта и работата на учениците, како и со градивото на другите предмети. Како најзастапени содржини и активности биле, пеењето на народни и уметнички песни со редовно вршење на вежби за дишење, вежби за острење на слухот и различни ритмички вежби.

**7.** Задачи на наставата по **Домаќинство со хигиена**:

- да ги развие кај учениците хигиенските и работните навики за обавување на секојдневните работи во домаќинството и училиштето;
- да развива смисла за правилен распоред на времето, правилна поделба на работите во домаќинството, за взаемно помагање во работата како и трајни навики за личната и општата хигиена;
- да ги запознае учениците со современиот начин на живот дома и во семејството, со хигиената на исхраната и употребата на прехрамбени артикли, потребни за развој на организмот;
- да ги запознае учениците со примената на техничките сретства во домаќинството и сретствата за општа и лична хигиена;
- да ги поттикнува учениците за унапредување на домаќинството како и во економичното располагање со приходите;
- да ги оспособува учениците како да се чуваат од заболување и како да си даваат прва помош.

Овој предмет се реализирал во повисоките одделенија од VI до VIII одделение, со застапени тематски подрачја: исхрана, облекување, начин на живеење, хигиена и економика на домаќинството. Програмата содржела и објаснување за домаќинство со хигиена каде се истакнува дека наставата по Домаќинство како посебен предмет се поврзува со градивото од другите наставни предмети, а особено со Запознавање на природата и општеството и Физичкото и Ликовното воспитување. Општотехничко и работно воспитување за ментално недоволно развиени деца на степенот на среден, тежок и лесен дебилитет, требало да биде предмет што ќе ги оспособи за полесно вклучување во животот.

**8.** Задача на наставата по **Работно и општественото воспитување**:

- кај детето да се развијат работни навики, мануелна спретност и снага, точност и низ честото повторување на работната техника да се подобри темпото во работата;
- кај детето да се развие љубов кон работата и работниот човек;
- детето да се запознае со разни видови на материјали и работни техники, да се негуваат оние работи во кој покажува најголема смисла и интерес;
- работното воспитување на децата треба да им овозможи подобро разбирање на останатите предмети и дисциплини;
- децата да се запознаат со разни алати и материјали и да стекнат навики за нивното чување и одржување;
- по завршувањето на специјалното училиште детето да биде оспособено за вклучување во некои дејности од стопанството.

Во првите три одделенија на специјалното училиште не се предвидени часови за општотехничко образование туку задачите на ова наставно подрачје се остваруваат низ наставата на другите наставни подрачја, а посебно преку запознавање на природата и општеството, математика и ликовно воспитување. Наставата по Општо техничко образование има карактер на организирани и поучни игри. Низ игра учениците ја развиваат општата телесна спретност, моториката и се запознаваат со основните алати и материјали. На крајот од програмата е содржано објаснување на самата програма каде се истакнува дека општотехничкото образование и воспитување за учениците од специјалните основни училишта е процес кој се одвива за време на целото основно школување.

Ова образование и воспитување се планирало со соодветен избор и содржина на работата која е соодветна на возраста на учениците, на нивните можности и на знаењето што го стекнуваат во наставата.

Во текот на целото школување требало да се посвети особено внимание на развојот на детската моторика, јакнење на телото и создавање на работни навики и смисла за работа, односно ментално ретардираното дете полесно да се вклучи во животот и стопанството. Програмата опфаќала само еден дел од задачите што специјалното училиште ги остварува во оваа област, односно со оваа програма неможе да се исцрпе целата содржина на работата. Значајно место им припаѓа на воншколските активности, а училиштето е задолжено за нивно организирање. Тука спаѓаат и клубовите на млади техничари распределени во разни групи: млади столари, млади

бравари, млади градинари и др.

За сообраќајното воспитување од IV до VIII одделение темите се дадени општо, а наставникот при распределбата може да одбере најпогодни теми за соодветното одделение. Во забелешки по програмата е истакнато дека најголемиот дел треба да се реализира преку практични вежби со учениците.

Во продолжение е претставен **Наставниот план и програма за специјалните основни училишта и специјалните паралелки при основните училишта за учениците со лесно намалени ментални способности** во С.Р.Македонија, донесен од страна на Заводот за унапредување и проучување на школството, во 1977 година.

**Табела 4;** Наставен план кој произлегува од наставните програми во специјалните основни училишта и специјалните паралелки при основните училишта од 1977 година.

**НАСТАВЕН ПЛАН (1977 г.)**

| **ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ПОДРАЧЈА И ПРЕДМЕТИ** | | ОДДЕЛЕНИЈА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | Нед |
| 1 | Македонски јазик | 6 | 6 | 6 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 40 |
| 2 | Математика | 5 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 35 |
| 3 | Запознавање на природата и општеството | 2 | 2 | 3 | 3 | | | | | 10 |
| 4 | Запознавање на природата | | | | | 3 | 3 | 2 | 2 | 10 |
| 5 | Запознавање на општеството | | | | | 2 | 2 | | | 4 |
| 6 | Историја | | | | | | | 2 | 2 | 4 |
| 7 | Географија | | | | | | | 2 | 2 | 4 |
| 8 | Основи на општотех. образование | | | | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 15 |
| 9 | Физичко и здравствено воспитување | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 16 |
| 10 | Ликовно воспитување | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 14 |
| 11 | Музичко воспитување | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 8 |
| 12 | Домаќинство | | | | | | 1 | 1 | 1 | 3 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Час на одделенскиот раководител | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | |
| | ВКУПНО ЧАСОВИ | 18 | 18 | 19 | 20 | 23 | 23 | 23 | 23 | 163 |
| **Настава по курсеви** | | | | | | | | | | |
| КУРСЕВИ | | Одделенија | | | | | | | | |
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | Нед |
| 1 | Прва помош и заштита | | | | | | | 13 | 22 | |
| 2 | Земјоделство | | | | | | | 13 | 22 | |
| | ВКУПНО ЧАСОВИ | | | | | | | | | |
| **Дополнителни корективни-физички активности** | | | | | | | | | | |
| АКТИВНОСТИ | | Одделенија | | | | | | | | |
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | Нед |
| 1 | Корективна гимнастика | + | + | + | + | + | + | + | + | 8 |
| 2 | Корекција на говорот | + | + | + | + | + | + | + | + | 21 |
| | ВКУПНО ЧАСОВИ | | | | | | | | | |
| **Слободни ученички активности и ученички организации** | | | | | | | | | | |
| | | Одделенија | | | | | | | | |
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | Нед |
| | Седмичен број на часови | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 12 |
| | | | | | | (3) | (3) | (3) | (3) | (16) |
| **Општествено-корисна работа на учениците** | | | | | | | | | | |
| | | Одделенија | | | | | | | | |
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | Нед |
| | Годишен број на часови по одделенија | 10 | 10 | 10 | 15 | 15 | 20 | 20 | 20 | |

Извор: Наставен план и програма за специјалните основни училишта и пецијалните паралелки при основните училишта за учениците со лесно намалени ментални способносто во С.Р.Македонија, Завод за унапредување и проучување на школството, Скопје, 1977.

Републичкиот педагошки совет на С.Р. Македонија на својата седница одржана на 19.10.1977 година, ја усвоил Општата програмска структура со наставниот план и програмите за специјалните основни училишта и специјалните паралелки при основните училишта за ученици со лесно намалени ментални способности и донела заклучок тие да се применуваат од учебната 1977/78 година.Тогашниот Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието се завзел за преиспитување и усовршување на наставниот план и програми за специјалните основни училишта и специјалните паралелки при основните училишта во С.Р. Македонија за учениците со

лесно намалени ментални способности, поради структуралните промени во програмската структура на основното образование чиј составен дел е и специјалното основно образование и воспитување.

Наставниот план и програми од 1977 година за специјалното основно училиште за ученици со лесно намалени ментални способности ја содржат програмската структура на основното училиште, усогласена со оптималните можности на овие ученици. Застапени се скоро сите воспитно-образовни подрачја за основното образование со одредени отстапувања на некои наставни предмети и содржини, чија застапеност е оневозможена поради намалените интелектуални способности, со што специјалното основно училиште за ученици со лесно намалени ментални способности целосно се вклучува во системот на основното образование, притоа задржувајќи ги основните компоненти и белези на специфичноста на наставата и хабилитационо-корективната дејност.

Програмската структура на специјалното основно училиште ги опфаќа следните дејности: (Наставен план и програми. 1977 година)

- Настава.
- Слободни ученички активности и ученички организации.
- Општествено-корисна работа на учениците.
- Грижа на училиштето за здравјето на учениците.
- Јавна и културно-просветна дејност на училиштето.
- Следење и унапредување на воспитно-образовната работа.

Наставата квантитативно се определува со наставен план, а квалитативно со наставна програма. Со Наставниот план се определува бројот на наставните предмети и бројот на наставните курсеви, нивната застапеност по одделенија, како и седмичниот и годишниот фонд на часови за секој наставен предмет и за секој наставен курс по одделенија и вкупно, а секој наставен предмет и секој наставен курс се реализираат преку Наставната програма.

Во специјалното основно училиште наставата се организира индивидуално, во согласност со попреченоста на секој ученик поединечно. Во специјалното основно училиште за ученици со лесно намалени ментални способности, се организира дополнителна настава за корективно-физички активности (корективна гимнастика и корекција на говорот).

Слободните ученички активности училиштето ги организира со цел да ги задоволи посебните интереси на учениците и потребата од правилна и рационална искористеност

на слободноте време. За таа цел се формирани посебни ученички организации (литературна дружина, ученичка задруга, спортски друштва) како и посебни општествени организации (пионерска и младинска организација, подмладок на црвениот крст, извиднички одред и др.).

Општествено корисната работа на учениците во која се содржани и елементи на производствена активност, претставува воспитна дејност која е насочена кон непосредно реализирање на целите и задачите на воспитанието и образованието во основното училиште.

Грижата за здравјето на учениците, претставува посебно програмско подрачје на специјалното основно училиште чија цел е превземање на одредени мерки и акции за одржување и подобрување на здравствената состојба и хигиената на учениците.

Јавната и културно - просветната дејност како посебна активност има за цел презентирање на резултатите од работењето на училиштето пред општествената заедница при што ќе влијае на непосредната околина, соработка со родителите, стручните и научните институции и др.

Целите на наставата по **Македонски јазик**: (Наставен план и програми. 1977)

- да ги оспособи учениците за правилно усмено и писмено изразување на македонскиот литературен јазик;
- да развие кај учениците љубов кон македонскиот јазик и културното наследство на својот народ;
- да развива кај учениците љубов кон татковината.

Задачи на наставата по **Македонски јазик**:

- по пат на говорна комуникација да се постигнуваат и развиваат говорните и мисловните способности кај учениците;
- да се врши корекција на говорот, со цел да се ублажуваат и по можност да се одстрануваат психичките и говорните недостатоци кај учениците;
- да се оспособат учениците да ја развиваат убавината на својот Мајчин јазик;
- да се воведат учениците во разбирање на писмени текстови, филмови, театарски претстави, РТВ емисии;
- да се оспособат учениците за правилно и логичко усно и писмено разбирање и да ги запознаваат најосновните правила на македонскиот литературен јазик;
- да се поттикне интерес и љубов кон книгата и да се оспособат да можат правилно да се служат со неа;
- да се оспособат за што поправилно усно и писмено комуницирање во

практичниот живот;

- да се развива љубов кон татковината, љубов кон човекот и сите народи во светот.

Во наставната програма по **Македонски јазик** се застапени следните подрачја:

| **Наставна програма по македонски јазик** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ПОДРАЧЈА | | ОДДЕЛЕНИЈА | | | | | | | | |
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | Нед. |
| 1 | Усно и писмено изразување | | | | | 55 | 40 | 40 | 45 | 180 |
| 2 | Читање и обработка на текстови | | | | | 80 | 65 | 60 | 60 | 265 |
| 3 | Поуки за јазикот | | | | | 30 | 25 | 30 | 25 | 110 |
| 4 | Лектира | | | | | 10 | 10 | 10 | 10 | 40 |
| | ВКУПНО | | | | | 175 | 140 | 140 | 140 | 595 |

Од распоредот на часовите по подрачја се гледа дека на усното и писменото изразување и обработување на текстовите е даден поголем простор, додека подрачјата поуки за јазикот и лектира се застапени во помал обем, поради намалените способности кај учениците за апстрактно мислење.

1.Задачи на наставата по **Математика**:

- учениците да ги усвојат основните поими за множествата и операциите со нив;
- кај учениците да формира поим за природен број, да ги оспособи за изведување на операциите со нив, како и да ги сватат нивните поважни својства;
- да придонесе за формирање на личноста на ученикот, развивајќи кај него смисла за самостојност и прецизност во работата, јасност и концизност на мислењето и изразувањето и упорност и истрајност при совладувањето на одделни пречки во животот;
- да го оспособи ученикот за примена на здобиените математички знаења во практичниот живот и работата.

При реализација на поставените цели и задачи на Наставната програма, дел од наставниот материјал требало да се усвои на степен на автоматизација, дел на степен

на репродукција и дел на степен на препознавање. За некое знаење, вештина и навика се вели дека се усвоени на степен на автоматизација ако учениците се оспособени да се служат со нив брзо и точно. Знаењата усвоени на степен на автоматизација се основни знаења и се неопходни за усвојување на нови знаења.

Наставниот материјал е усвоен на степен на репродукција ако ученикот може самостојно да ги репродуцира усвоените правила и законитости и ако умее да ги применува во практиката.

Материјалот усвоен на степен на препознавање, ученикот неможел да го репродуцира, ниту да го примени, но можел да го воочи и препознае меѓу фактите за кои не добил никакви знаења.

**2.** Наставата по **Запознавање на природата и општеството** има задача:

- да им овозможи на учениците запознавање со нивната потесна природа и општествената средина, а посебно со нивното место и улогата во училиштето, родителскиот дом и средината во која живеат;
- да придонесува за средување, дополнување и проширување на нивните искуства, развивање љубов спрема природата и луѓето, формирање на културни и хигиенски навики, правилен однос спрема другите и постарите, личниот и општествениот имот, спрема своите права и должности, особено за развивање навики и интересирање за работа, љубов и одговорност спрема работата;
- да ги воведува учениците во разбирање на улогата на човекот во менувањето на природата и природните услови и во нивно користење за подобрување на животот;
- врз основа на непосредното набљудување, да развива кај учениците логичко мислење и заклучување, како и способност за јасно и правилно говорно изразување;
- да развива кај нив љубов кон својата татковина, да ги запознае со елементите на родниот крај и со тоа најосновно да ги воведе во разбирањето на општествениот развој;
- да ги оспособи учениците за безбедно движење во непосредната околина и населеното место и да создаде кај нив навики за правилно однесување на патиштата и во јавниот сообраќај;
- да ги запознае учениците со основните географски, стопански и општествени карактеристики на родниот крај и на СР Македонија, да ја развива кај нив свеста

за припадноста кон заедницата.

**3.** Цели и задачи на наставата по **Запознавање на природата**:

- учениците да ги оспособи да ја следат и согледуваат динамиката во неорганската и органската природа;
- кај учениците да се открива интерес за набљудување на појавите во природата и воедно покаже дека законитостите по биологија, физика и хемија се применуваат во секојдневниот живот на човекот;
- да ги запознава учениците како човекот со својата работа влијаел врз природата, како ја менува и ги користи нејзините богатства за да создаде подобри услови за живот;
- да се запознаат со сличностите и разликите на градбата и формата на живите организми;
- да се запознаат со процесите и функциите на органите кај човекот и да се информираат за некои основни достигања и проблеми на модерната медицина;
- да се запознаат со начините и мерките за заштита на човековиот организам преку личната хигиена, како и да развива правилни и хумани односи меѓу половите;
- кај учениците да развива љубов кон природата, интерес за нејзиното проучување и навики за чување на природата и природните убавини.

Наставната програма за V, VI, VII и VIII одделение по Запознавање на природата, опфаќа одредени области од Биологија, Хемија, Физика, кои одговараат на возраста и психофизичките способности на учениците.

Темите и наставните содржини се прилагодени така да им овозможат на учениците да се запознаат со современите научни откритија, поаѓајќи секогаш од најблиското и средината во која учениците живеат. Наставникот при обработката на темите и наставните содржини, односно при излагањето на некои методски единици потребно е да не навлегува во подробности кои учениците не можат да ги разберат. За да им се појаснат на учениците толкувањата на појавите и промените во природата, потребно е наставникот да користи што повеќе нагледни сретства.

**4.** Задачите на наставата по **Запознавање на општеството**:

- знаењата на учениците за пошироката и потесна татковина да ги збогати со елементи од општествениот, историскиот, географскиот и производниот живот;
- да ги оспособи учениците за совладување на основната картографска писменост;

- да ги упати во тоа да сватат како природните услови влијаат врз начинот на живеење на луѓето и како човекот ги користи природните богатства за подобар и поубав живот;
- да им даде на учениците основни знаења за општествено-производниот живот во пошироката и потесната татковина;
- да ги збогати знаењата на учениците за минатото на нашите народи и да ги запознае со позначајните историски настани и објекти во пошироката и потесната татковина.

**5.** Задачите на наставата по **Историја**:

- учениците да усвојат потребни знаења за историските појави и настани, за нивните причини и меѓусебна поврзаност, како и да се запознаат со развитокот на економскиот, политичкиот, социјалниот и културниот живот на човештвото;
- кај учениците да развива критичко историско мислење, да ги оспособи да ги разбираат причинско-последичните односи за да го сфатат закономерниот развиток на општеството;
- да се запознаат со минатото на македонскиот народ, да им се развива љубов кон својот народ и татковината и чувство на гордост што му припаѓаат на тој народ.

**6.** Задачи на наставата по **Географија**:

- да ги запознае учениците со основните географски поими;
- учениците да усвојат основни географски поими за вселената и за законитостите што владеат во неа;
- да се здобијат со основните знаења за Земјата како вселенско тело, за нејзината форма и нејзините движења;
- да се запознаат со основните природно-географски карактеристики на континентите во светот;
- да усвојат основни знаења за физичко-географските и стопанските карактеристики на СФРЈ;
- да придонесува за развој на способноста за концентрација на вниманието на учениците и за развој на нивното мислење;
- да се запознаат со различните народи од светот, како и со нивниот придонес за развитокот на современата цивилизација за да можат да го разберат светот како една целина за чиј развиток придонесуваат сите народи;

- кај учениците да се развива чувството за интернационализам;
- да им укаже на учениците на природните богатства и убавините на нивната татковина, да ги запознае со животот и работата на народите и народностите кои живеат во неа и со општественото уредување на нашата земја;
- преку тоа да се развива кај учениците љубов кон татковината.

При обработка на наставните содржини по историја, на учениците треба да им се даваат најосновните поими и да не се оди премногу во широчина.

Во Наставната програма се дадени часови за секоја наставна област, за обработка на нов наставен материјал и за други наставни активности. Меѓутоа, наставникот по своја процена може да го менува бројот, односно да употребува повеќе часови за нов наставен материјал, да го смали тој број и тн.

**7.** Задачи на наставата по **Општо техничко образование** се следните:

- на учениците да им дава соодветно работно-техничко образование и општа подготовка за подоцнежно стручно образование, оспособување за работа и успешно вклучување во оштествениот живот и стопанисувањето;
- да открива и развива способност, афинитет и интерес кај учениците и да ги насочува на оние активности што придонесуваат учениците по завршувањето на основното училиште успешно да се оспособат за одредени позиви и занимања;
- да ги запознава учениците со користењето на материјалот што најмногу се употребува, да ги оспособува да ги овладеат основните знаења, техники и вежби во поедноставните производствени процеси;
- да развива умешност и вештина во правилно користење на алатот и материјалот и во ракувањето со поедноставните и современите технички сретства;
- да ги оспособува учениците здобиените знаења, вештини и техниката во оваа настава, да ги применуваат во секојдневниот живот;
- преку поврзувањето на наставата со производствената и другата општествено-корисна работа да придонесува за работното општотехничко воспитување и образование на овие училишта, а особено да развива кај учениците љубов кон работата и работните навики;
- оваа настава да се користи како една од средствата за корекција и конпензација на недостатоците во развитокот на овие деца.

Наставата по Општо-техничко образование имало општо-образовен, воспитен и работен карактер, каде што како таква во рамките на општото образование и

воспитание, овозможува учениците да се здобијат со основни знаења за техниката и нејзината примена во производството и секојдневниот живот, притоа формирајќи техничка култура, умеења и навики. Со оглед на специфичностите во психичкиот и физичкиот развиток на ученикот, при организирањето и изведувањето на наставата по општо техничко образование, требало да се води сметка за индивидуализација и диференцијација на програмата според можноста и интересот на ученикот, врз што ќе се врши нивно професионално определување-ориентирање за понатамошното оспособување.

Преку практични вежби – работа во наставата по ОТО се обезбедува практична примена на стекнатите знаења од останатите наставни содржини и предметите и нивната меѓусебна зависност и условеност. Имајќи го предвид тоа, крајна цел на оваа настава е, да го подготвува и насочува ученикот во понатамошното оспособување и успешно вклучување во процесот на производството и социјализација во средината.

**8.** Задачи на **Физичкото воспитание**:

- да ги ублажува и одстранува телесните недостатоци кај учениците, да ја корегира и развива моториката и да придонесува за општиот развиток на ученикот;
- да работи за развитокот на позитивните особини на личноста, а особено за смалување на стравот и контрола на агресивноста;
- кај учениците да ги подобрува и развива физичките, духовните и социјалните компоненти на здравјето и да го челичи нивниот организам;
- да овозможи максимален развој на основните психомоторни можности, а посебно развитокот на координираните движења, прецизност, еластичност, брзина, рамнотежа, сообразност со индивидуалните можности на поединецот;
- да создава кај учениците основни хигиенско-здравствени навики, посебно навики за секојдневно вежбање, позитивен однос и траен интерес кон физичката култура;
- да ги помага растењето и развитокот на телото;
- да развива смисла за убаво и хармонично движење, поврзување на ритамот и движењето, како и осет за елегантно и убаво;
- да ги развива позитивните особини на волјата и карактерот кај учениците;
- да ги научи како најдобро да го користат слободното време, низ здрава и културна разонода –активен одмор и рекреација.

Наставата по Физичко воспитување во специјалното основно училиште, со

користење на полесните вежби и природните фактори, според индивидуалните карактеристики и можности на секое лесно ментално ретардирано дете, потпомага за неговиот оптимален психофизички развиток. Целата наставна програма по физичко воспитување во специјалното основно улилиште е насочена кон развивање и усовршување на психомоторната способност, односно работната кондиција за совладување на секојдневните напори во средината во која тие живеат и работат.

Програмската структура на **Физичкото воспитување** во специјалното основно училиште се состоела од:

- настава по предметот,
- слободни спортски активности,
- индивидуални вежби и
- излети, летувања и логорувања.

Во зависност од степенот на физичките способности на учениците, секој наставник во своето училиште требало да изготви ориентациони нормативи за физичките способности на учениците на кои им предава, што ќе послужи како рамка во која ќе се движат совладувањата во текот на учебната година, а од друга страна како платформа за подобрување на резултатите во идните години.

Новина во ова подрачје е воведувањето на корективна гимнастика за учениците кои имаат оштетување во локомоториката, која ја изведува наставникот по физичко воспитување во соработка со лекар-специјалист.

**9.** Задачи на наставниот предмет по **Ликовно воспитание**:

- да го развива емоционалниот и интелектуалниот живот на учениците;
- кај учениците да се формираат ликовно-естетски навики;
- да се развива творечкиот интерес кај учениците;
- учениците стекнатите теоретски и практични навики и искуства да ги користат во животот и професионалната орјентација;
- да се развиваат навиките за ликовно набљудување, ликовно искажување и способности за ликовно трансформирање;
- кај учениците да се развива љубов и интерес за ликовните дела и заштита на културно-историските споменици;
- да се развива естетски и критички однос кон ликовните дела и уредувањето на просторот.

Подрачја на наставата по Ликовно воспитување: цртање, сликање,

тродимензионално решавање, елементи на дизајнот и естетска анализа. Предвидени форми на ликовна работа: линеарно цртање и истражување на структурата, слободно и декоративно сликање, моделирање, комбинирање и составување, елементи на дизајнот естетска анализа со елементи на историја на уметност.

**10.** Задачи на наставата по **Музичко воспитување**:

- да се развие интерес и љубов кон музиката;
- систематски да го развива слухот на учениците и потребата од музичко искажување;
- да ги доживуваат правилно текстовите, да ги оспособи да разликуваат вокална од инструментална музика;
- да ги оспособи учениците да ги разликуваат најосновните музички инструменти;
- да ги оспособи учениците за пеење на лесни детски народни и уметнички песни;
- да ги отстрани и ублажи говорните мани кај учениците, да ја развива и збогатува емотивно-волевата свера;
- да развива патриотски чувства;
- во животот на учениците да внесува ведрина, расположение, радост, кои ќе ги поттикнува на активна корисна работа.

Програмата по Музичко воспитување е работена врз основа на старата наставна програма со направени измени во широчината и длабочината на материјалот.

Преку работа со децата, овој предмет треба да овозможи да се откријат детските желби и музичките способности. Продолжение на работата на Музичкото воспитување, претставува работата на училишниот хор и пеачката група.

**11.** Задачи на наставата по **Домаќинство**:

- учениците да се запознаат со организацијата на животот и работата во домаќинството на современото семејство за развивање на правилен однос кон работата, за сопствен придонес и взаемно помагање;
- низ практична работа кај учениците да се развива смисла и вкус за практично, економично, хигиенско и естетско уредување на станот со цел подобрување на животните услови;
- да се развива кај учениците смисла за економика на домаќинството, да се научат како да планираат, контролираат и да вршат проценка за правилно и рационално трошење на употребените средства во домаќинството (материјалите, парите,

времето, физичката и умствената енергија) и како стекнатите знаења да го користат во практичниот живот;

- да развиваат смисла за уредно, практично и естетско облекување и да создаваат навики за правилно одржување;
- учениците да се запознаат со принципите на правилната исхрана, да стекнат практични знаења и навики од областа на исхраната заради правилен здравствено-физички развиток, да се запознаат со составот на храната и запазувањето на хранливите продукти, да се научат сами да приготвуваат едноставни оброци, да се оспособат за спретно ракување со садовите, машините и приборот за подготвување и сервирање на храната и нивното одржување;
- преку редовната и додатната настава (домаќински секции) да се проширува и продлабочува интересот кај учениците за одделни домаќински подрачја и на тој начин да се олесни насочувањето на учениците во определени занаети-професии;
- да се запознаат учениците со ракувањето и одржувањето на техничките сретства во домаќинството, заради олеснување и унапредување на работата.

Подрачјата на настава по Домаќинство: живеење, облекување, хигиена, исхрана, рачни изработки и организација на животот и работата во домаќинството. Планирана е и практична работа – вежби, со цел обезбедување практична примена на стекнатите знаења.

**12.** Цели и задачи на програмата за часот на **Одделенскиот раководител**:

- да придонесе во развивањето на љубовта кај учениците кон својот народ, другите народи кај нас и во светот;
- да придонесе во формирањето на навиките за морално однесување и дејствување на учениците;
- да го помогне развојот на работните навики кај учениците и нивниот правилен однос кон работата;
- да влијае во зацврстувањето на другарството, колективниот живот, взаемно помагање и други позитивни особини на личноста на учениците за успешна соработка во животот и работата;
- да го негува и развива ученичкото самоуправување воведувајќи ги во основните елементи на самоуправувањето;
- да ги поставува учениците во ситуации на критичко проценување на сопствените

и туѓите постапки;

- кај учениците да создава навики на културно однесување во различни животни ситуации;
- да ги воведе учениците во техниките и методите за успешно учење;
- на учениците да им даде елементарни знаења за човековата сексуалност, репродукција и да им помогне на сексуалноста да гледаат како на нормален и важен дел од животот на човекот;
- да ги информира учениците за барањата и условите за успешно изведување на работите во разновидните занимања и да ги подготви и мотивира за самостојно и свесно донесување на одлука за своето идно занимање.

Часот на Одделенскиот раководител за учениците од V до VIII одделение е застапен и во предходните наставни планови и програми. Новината е во тоа што за овој час е дадена посебна програма со која на одделенскиот раководител му се помага при годишното планирање на работата.

При изборот на содржините за оваа програма се има предвид воспитните задачи што произлегуваат од животот и работата на одделенскиот колектив и современите потреби и барања на учениците. Со цел запазување на континуитет во програмата, се содржани и општи програмски задачи што треба да се имаат предвид во наставата од I до IV одделение.

Програмата за часот на одделенскиот раководител содржи теми од општествено-морално воспитување, рационална организација на учењето, воспитување на хумани односи меѓу половите и професионално информирање и ориентирање на учениците. Всушност, предвидени се содржини за две третини од вкупниот број часови, иако во програмата не е извршено нивно квантифицирање. Останатите часови се планирани за административни, организациони и други тековни работи на одделенскиот раководител и одделенската заедница, како и за други актуелни информации и дискусии. Програмата предвидува и настава по курсеви кои согласно општествено-педагошките потреби може да имаат задолжителен и факултативен карактер.

Задолжителен карактер има курсот за прва помош и заштита и се организира во сите специјални училишта, додека курсот по земјоделство се организира само во земјоделските реони и неговата задолжителност важи само за одделни подрачја. Курсевите со локален карактер се организираат факултативно.

Помеѓу наставата по предметите и наставата по курсевите постојат сличности и разлики. Сличностите се во еднаквиот третман на двата вида настава, а разликите се во

некои аспекти на организацијата и начинот на изведување на наставата. Годишниот фонд на часовите за реализација на курсевите училиштето самостојно го распределува по седмици, раководејќи се од потребата наставата по курсевите и наставата по предметите да има континуиран карактер.

**Слободните ученички активности** во специјалните основни училишта се значаен фактор во остварувањето на задачите на наставно-образовниот процес на лесно ментално заостанати ученици кои имаат за цел:

- да ги прошират и продлабочат здобиените знаења од областа на природните и општествените науки;
- да развиваат изразување на индивидуалните желби и интереси на ученикот за културно уметнички и спортски активности и афирмација;
- да развиваат позитивен однос кон трудот и смисла за колективен живот.

Во специјалните основни училишта слободните ученички активности се организираат на доброволен принцип и во форма на секции и групи.

Воспитно-образовната работа во специјалното основно училиште е организирана сообразно со наставниот план, наставната програма и општата програмска структура. Сите подрачја од програмската структура се адекватно застапени. Со планирањето и програмирањето се опфатени сите подрачја од програмската структура на специјалното основно училиште. Плановите и програмите се разработени и претставуваат оперативни инструменти за реализирање на воспитно-образовните задачи на училиштето.

Републичкиот педагошки совет на СР Македонија на својата седница одржана на 04.06.1982 година, усвоил **Усовршени наставни програми за специјалното основно образование за учениците лесно попречени во психичкиот развиток** по наставните предмети (Измени и дополнувањата на наставен план и програми, 1982 година):

Основи на општо-техничкото образование, Историја и Математика, кои започнале да се применуваат веќе во учебната 1982/1983 година. Споредбено со претходните наставни програми од 1977 година за специјалното основно училиште за ученици со лесно намалени ментални способности, можело да се забележи дека не станува збор за некои посериозни измени. Со интенција за комплетирање на предвидената анализа, во продолжение ќе биде направена анализа на **Усовршените наставни програми** преку претставување на наведените измени, со цел нивно усовршување и унапредување.

Основи на техниката и производството е новото име за предметот Основи на општо-техничкото образование. Како што е наведено во Усовршената наставна

програма, целта на воспитно-образовната дејност по основи на техниката и производството во посебното основно воситание и образование била изградување на позитивен однос кон трудот, совладување на основните принципи на техниката, нејзината примена во производството и во секојдневниот живот на човекот и формирање на умеење за ракување со едноставни машини, алат и прибор.

1. Практично, задачите на **Основите на техниката и производтвото**:

- изградување позитивен однос кон трудот и работата;
- развивање на правилен однос кон вреднувањето на физичкиот и умствениот труд;
- поврзување на теоретските сознанија со нивната практична примена;
- сфаќање за општеството, човекот и производството;
- создавање на позитивен однос кон еколошките проблеми за зачувување и унапредување на животната средина и на работната средина;
- развивање склоности и способности за техничко претставување на појавите од производството;
- развивање склоности за контрола на сопствената работа и работата на другите учесници во процесот на работата;
- формирање и негување на сообраќајно-техничката култура;
- развивање смисла и афинитет за естетика во изработката на предметите;
- усвојување на знаење за улогата на современата техника и технологија во животот и работата на поединецот и општеството во целина;
- усвојување на основите на техничката писменост и техничката терминологија и начините за користење на средствата за техничко комуницирање (цртежи, шеми, работна документација и слично);
- запознавање со главните карактеристики на главните производни дејности и типични работни места со професионално информирање на учениците за можностите за понатамошно образование и оспособување;
- запознавање со основните принципи на работната хигиена, заштита при работа, како и создавање на навики за примена на средствата за самозаштита;
- правилно и постепено развивање на психомоторните и околу моторните способности;
- развивање на техничката култура и културата на трудот, точност и постапност во работата, рационално користење на материјалите, времето и средствата за

работа;

- оспособување за умешност и безбедно учество во јавниот сообраќај како пешак, возач на велосипед и возач на велосипед со помошен мотор;
- стекнување на умеења и навики за користење и ракување со рачниот алат, едноставни машини и прибор;
- оспособување за правилно, рационално и безбедно користење на апаратите и уредите во домот и секојдневниот живот и работа.

Во наставните програми по предметите Математика и Историја, воведени се сосема мали и незначителни измени.

2. Поголемиот дел од измените за предметот **Математика**, се однесува на измени во одредени теми како на пример во темата множества и релации, како и во темата собирање и одземање, односно измени во распоредот на содржините, како и намалување на вкупниот фонд на часови за 30, но се зголемува вкупниот фонд на часови за исто толку во темата собирање и одземање во множество. Во насока на усовшување на наставната програма по Математика, слични измени биле направени и во некои од темите за останатите одделенија.

3. Од друга страна, измените по предметот **Историја** се однесуваат на внесување уште една задача преку која ќе треба учениците во посебните основни училишта да се запознаат со народно ослободителната војна и социјалистичката револуција, да ги воспитува на револуционерните традиции од таа борба и да ги запознае со тогашните идеи на Комунистичката партија на Југославија и Сојузот на комунистите на Југославија.

Како што беше и претходно напоменато може слободно да се констатира дека таканаречената „усовршена наставна програма" не содржи драстични промени, со исклучок на измените по предметот Основи на техниката и производтвото и сосема мали измени кои се однесуваат на предметите Математика и Историја.

Во продолжение на овој дел од трудот, ќе стане збор за **Пилот наставните програми за образование на лица со пречки во психичкиот развој** кои беа донесени во 1998 година.

Имено, со пилот наставна програма од 1998 година се опфатени предметите македонски јазик, математика и запознавање на природата и општеството, кои овозможуваат учениците во рамките на своите можности и способности да се оспособат за конкретни активности или да се стекнат со лични компетенции.

1. Пилот наставната програма за образование на лица со пречки во психичкиот развој по **Македонски јазик** е стратифицирана по етапи, нивоа и подрачја. Програмата започнува со изучувањето на рецептивниот јазик при што учениците треба да се оспособат да: имитираат, играат, внимаваат и слушаат, разбираат едоставни упатства (задачи), предлози и упатства (наредби) што се состојат од неколку следователни постапки. (Пилот наставна програма. 1998 година).

Преку изучувањето на експресивниот јазик учениците со пречки во психичкиот развој треба да се оспособат да: употребуваат едноставни зборови за да искажат некоја потреба, употребуваат искази/фрази составени од два до три збора, употребуваат прости реченици, употребуваат посложен јазик, поставуваат прашања, употребуваат глаголи и времиња, го запазуваат редоследот на настаните во приказните, употребуваат описен јазик, раскажуваат по слики и социјална комуникација.

Целите и во двете подрачја се таксативно наброени по тежинско ниво, од наједноставни кон посложени и од секоја наведена цел произлегувале повеќе конкретни цели и активности, компатибилни со психофизичките способности и можности на учениците за кои се наменети. Програмата по Македонски јазик е поделена на пет етапи со одредени подрачја и нивоа:

- Во првата етапа се содржани подрачјата пред-читање, пред-пишување и читање, пишување и зборување.
- Втората етапа ги содржи е подрачјата читање, пишување и зборување.
- Третата етапа ги содржи подрачјата читање и анализа, пишување и зборување.
- Во четвртата етапа се содржани читање и анализа, пишување и зборување-комуникација.
- Петтата етапа е поделена на нивоа така што првото ниво ги содржи подрачјата читање и анализа, со конкретни тематски содржини, комуникација и пишување. Во второто и третото ниво од петтата етапа се содржани подрачјата читање и анализа со конкретни тематски содржини, комуникација и пишување.

Во секое од наведените подрачја таксативно се наброени активности со чија примена наставниците би требало да ги оспособат учениците за реализација на конкретни цели.

Структурата на програмата овозможува флексибилност во изборот на цели и активности, кои ќе соодветствуваат на индивидуалните можности и потреби на секој ученик со пречки во психичкиот развој.

2. Пилот наставната програма за образование на лица со пречки во психичкиот развој по **Математика** е стратифицирана во четири етапи и области.

Првата етапа содржи практична примена на знаењата по **Математика** во следните области:

- математички јазик - при што учениците би требало да се стекнат со искуство во одредени активности, односно би требало да се оспособат соодветно да употребуваат одредени зборови и да знаат да напишат во вид на зборови, одредени броеви;
- број - каде наставниците треба да им овозможат на учениците да стекнат искуство за практичната примена на бројот, односно да ги оспособат за математичките операции собирање и одземање до 10 и за употреба на пари;
- облик, местоположба, должина, капацитет, тежина и време – со што учениците треба да се оспособат да стекнат знаење и искуство за конкретни активности и практична примена на обликот, местоположбата, должината, тежината, капацитетот и времето;
- основна алгебра - учениците треба да се оспособат да стекнат искуство за практична примена на основната алгебра преку активностите пресликување и довршување.

Втората етапа содржи практична примена на знаењата по математика во следните области:

- класификација - при што учениците би требало да се оспособат да класифицираат по два критериуми (на пр. боја и големина);
- графи составени од блокови;
- број - каде наставниците треба да им овозможат на учениците да стекнат искуство за практичната примена на бројот, односно да ги оспособат за математичките операции собирање и одземање до 20, броеви од 1-20 и од 20-100, дропки, редни броевии пари;
- облик, местоположба, должина, капацитет, тежина и време – со што учениците би требало да се оспособат да стекнат знаење и искуство за конкретни активности и практична примена на обликот, местоположбата, должината, тежината, капацитетот и времето;
- основна алгебра – учениците би требало да се оспособат да стекнат знаење и

искуство за развивање на разновидни начини за пресметување на памет, применувајќи ги шаблоните кои што се однесуваат на бројот и да го прошират своето знаење за непарни и парни броеви.

Третата етапа од пилот програмата по математика содржи практична примена на знаењата по математика во следните области:

- табели - при што учениците би требало да се оспособат да примаат податоци од табелите и да ги коментираат едноставните графи и да даваат одговори на прашањата што се однесуваат на едноставните графи;
- број - каде наставниците треба да им овозможат на учениците да стекнат знаење и искуство за бројот, односно да ги оспособат за математичките операции собирање и одземање на десетки и единици притоа употребувајќи броеви од 1-20, собирање и одземање стотки, десетки и единици (употребувајќи броеви од 1-99) множење, пари, илјади, стотки, десетки и единици, дропки и редни броеви;
- облик, местоположба, должина, капацитет, тежина и време – со што учениците би требало да се оспособат да стекнат знаење и искуство за конкретни активности и практична примена на обликот, местоположбата, должината, тежината, капацитетот и времето;
- основна алгебра – учениците би требало да се оспособат да стекнат искуство за практична примена на основната алгебра, да довршуваат веќе започнати шаблони на квадрати, да прават разлика помеѓу парни и непарни броеви, да формираат равенки со примена на собирање и одземање до 10.

Четвртата етапа од пилот програмата по математика содржи практична примена на знаењата по математика во следните области:

- табели и едноставни графити - при што учениците би требало да се оспособат да ги интерпретираат сликите на кои што се прикажани графити, собираат податоци, со помош на табели кои се составени од знаци, изработуваат и даваат коментари за сликите на кои се прикажани графити и ги читаат и коментираат вредностите од табелата;
- број - каде наставниците треба да им овозможат на учениците да стекнат знаење и искуство за бројот, односно да ги оспособат за илјади, стотки, десетки и единици, за математичките операции множење, делење, собирање и одземање, заокружување на броевите, пари и дропки;

- облик, местоположба, должина, капацитет, тежина и време – со што учениците би требало да се оспособат да стекнат искуство за конкретни активности и практична примена на обликот, местоположбата, должината, тежината, капацитетот и времето;
- основна алгебра – учениците би требало да се оспособат да стекнат знаење и искуство за практична примена на основната алгебра, да ги идентификуваат шаблоните и да ја довршат низата, да го утврдат односот помеѓу броевите, да го утврдат односот помеѓу парните и непарните броеви, да ги употребуваат и разбираат нргативните броеви (помали од нула), да комбинираат позитивни и негативни броеви.

Новина во развојот на програмите е воведувањето бележник по предметот математика во кој се содржани сите области и планирани активности од програмата по математика, кои ученикот би требало да ги усвои, со внесување забелешки, датум на реализација, почнал и совладал конкретна активност.

3. Пилот наставната програма по **Запознавање на природата и општеството** за образование на лица со пречки во психичкиот развој од 1998 година, воведно ги содржи тематските подрачја со наставните треми и тоа: луѓето и нивниот начин на живот, животот во градот и селото, живите организми, движечки сили и движење, материјали и релјеф, клима, вода и воздух.

Наведени се активностите во кои учениците требало да стекнат искуство преку практична примена на знаењата по запознавање на природата и општеството.

Во програмата постапно биле разработени наведените подрачја, каде се дадени содржини за кои учениците би требало да стекнат знаење и искуство. Потребно е наставниците да им овозможат на учениците да стекнат искуство за луѓето и нивниот начин на живот преку оодредени областите и конкретни содржини.

Во продолжение е претставен **Наставен план од I-IX одделение за ученици со пречки во психичкиот развој во посебните основни училишта**, од 2008 година.

**Табела 5**; Наставен план кој произлегува од наставните програми од I-IX одделение за ученици со пречки во психичкиот развој во посебните основни училишта од 2008 година.

| **НАСТАВЕН ПЛАН (2008 г.)** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ | | одделение | | | | | | | | |
| ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
| 1 | -Македонски јазик за учениците од другите заедници нивниот мајчин јазик, албански, турски, српски | 6 | 6 | 6 | 5 | 5 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 1 | -Македонски јазик за учениците од другите заедници | | | | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 |
| 2 | Математика | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 3 | Ликовно воспитување | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 4 | Музичко воспитување | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 5 | Запознавање на околината | 2 | 3 | 3 | | | | | | |
| 6 | Техничко образование | | | | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 7 | Основи на општествени науки | | | | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 8 | Основи на природни науки | | | | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| 9 | Физичко и здравствено образование | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 10 | ВКУПНО ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ | 19 | 20 | 20 | 22 (24) | 22 (24) | 21 (24) | 21 (24) | 21 (24) | 21 (24) |
| 11 | БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ | 6 | 6 | 6 | 8 (9) | 8 (9) | 8 (9) | 8 (9) | 8 (9) | 8 (9) |
| 12 | ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРОГРАМИ | | | | | | | | | |
| | Животни вештини | 1-2 | 1-2 | 1-2 | 1-2 | 1-2 | 1-2 | 1-2 | 1-2 | 1-2 |
| | Работа со компјутери | 1-2 | 1-2 | 1-2 | 1-2 | 1-2 | 1-2 | 1-2 | 1-2 | 1-2 |

Овој наставен план се применувал и во посебните паралелки на основните училишта.

- Наставниот час трае 40 минути.
- Планирана е работа со хартија, текстил, дрво.
- Предвиден е и училиштен хор, од 2 до 5 часа неделно (во зависност од развиеноста на хорот), односно од 72 до 180 часа годишно и
- Училиштен оркестар од 2 до 4 часа неделно (во зависност од развиеноста на оркестарот), односно од 72 до 144 часа годишно.

Наставните програми за ученици со пречки во психичкиот развој се донесени од страна на министерот за образование, врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл.Весник на РМ— бр58/00") и член 30 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РМ— бр 103/08").

1. Наставната програма од 2008-2014 година за сите предмети и одделенија, содржи:

- карактеристики на деца со пречки во психичкиот развој;
- вовед;
- цели на наставата за развојниот период од I-III одделение;
- цели на наставата во соодветното одделение;
- конкретни цели.
- програмски подрачја (со вкупен годишен фонд на часови за соодветното подрачје) со цели, содржини, поими и активности и методи;
- дидактички препораки во кои се содржани: насоки за меѓупредметно поврзување, препораки за користење на годишниот фонд на часови, методи, форми и сретства на наставната работа, индивидуализиран приод во наставната работа, вклучување на родителите во наставната работа, и наставни средства;
- оценување на постигањата на учениците каде се содржани: дијагностичко проверување и оценување, формативно оценување, микросумативно оценување, сумативно оценување, достапност и проодност на портфолиото и начини на проверување и оценување;
- просторни услови за реализација на наставната програма и

- нормати за наставен кадар.

Наставните програми по Македонски јазик, Математика, Запознавање на околината, Музичко образование, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование, за I одделение деветгодишно основно образование се донесени во 2008 година .

Наставните програми по Македонски јазик, Математика, Запознавање на околината, Музичко образование, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование, за II одделение одделение деветгодишно основно образование со решение се донесени во 2009 година .

Наставните програми по Македонски јазик, Математика, Запознавање на околината, Музичко образование, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование, за III одделение деветгодишно основно образование со решение се донесени во 2010 година .

Наставните програми по Македонски јазик, Математика, Техничко образование, Основи на општествени науки, Основи на природни науки, Музичко образование, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование, за IV-то одделение деветгодишно основно образование, се донесени во 2011 година .

Наставните програми по Македонски јазик, Математика, Техничко образование, Основи на општествени науки, Основи на природни науки, Музичко образование, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование, за V одделение деветгодишно основно образование, со решение се донесени во 2012 година .

Наставните програми по Македонски јазик, Математика, Техничко образование, Основи на општествени науки, Основи на природни науки, Музичко образование, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование, за VI одделение деветгодишно основно образование, се донесени во 2013 година.

Наставните програми по Македонски јазик, Математика, Техничко образование, Основи на општествени науки, Основи на природни науки, Музичко образование, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование, за VII одделение деветгодишно основно образование, со решение се донесени во 2014 година.

Наставните програми по Македонски јазик, Математика, Техничко образование, Основи на општествени науки, Основи на природни науки, Музичко образование, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование, за VIII одделение деветгодишно основно образование, се донесени во 2014 година .

Наставните програми по Македонски јазик, Математика, Техничко образование, Основи

на општествени науки, Основи на природни науки, Музичко образование, Ликовно образование и Физичко и здравствено образование, за IX одделение деветгодишно основно образование, со решение се донесени во 2014 година.

Во продолжение е претставен **Наставениот план и програми за воспитно образовна работа за деца со умерено намалени ментални способности** направени во 1979 година од страна на тогашниот Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето.

**Табела 6**; Општа програмска структура со наставен план и програми на воспитно-образовната раота со децата со умерено намалени ментални способности (училишна возраст) 1979 година.

| **НАСТАВЕН ПЛАН (1979 г.)** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ПОДРАЧЈА | | ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ГРУПИ | | | | |
| | | I | II | III | IV | |
| | | (5) 6-8 г. | 9-11 г. | 12-14г. | 15-17 (18 | |
| 1 | Воспитување на културно хигиенски навики | 4 | 3 | 2 | 2 | 11 |
| 2 | Развивање и корекција на говорот | 2 | 2 | 2 | 2 | 8 |
| 3 | Запознавање со околината и природата | | | | | |
| 4 | Работно воспитување | | | | | |
| 5 | Социјална писменост (елементарно описменување) | | | | | |
| 6 | Физичко воспитание | | | | | |
| 7 | Ритмика | | | | | |
| 8 | Музичко воспитание | | | | | |
| 9 | Ликовно воспитание | | | | | |
| | ВКУПНО ЧАСОВИ | 20 | 20 | 25 | 25 | 90 |
| | | | | | | |
| ДОПОЛНИТЕЛНИ КОРЕКТИВНИ АКТИВНОСТИ | | | | | | |
| 1 | Корективна гимнастика | 2 | 2 | 2 | 2 | 8 |
| 2 | Корекција на говорот | + | + | + | + | 21 |

Промена на општата програмска структура со нов наставен план и програми за воспитно образовна работа за деца со умерено намалени ментални способности се направени во 1979 година од страна на тогашниот Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето поради:

- структурални промени во општата програмска структура на основното

образование, чиј составен дел е специјалното воспитание и образование;

- законот за основното воспитание и образование (Сл.весник на СРМ бр. 11/76) и
- правилникот за утврдување на видот и степенот на попреченоста на децата и младинците попречени во психичкиот и физичкиот развиток и за нивно распоредување и евиденција.

Бидејќи за овие деца за прв пат се изработува ваков документ, изготвена е концепција за воспитно образовна работа со овие деца, врз основа на која се изготвени наставниот план и програмите и другите воспитно-образовни подрачја. За правилно разбирање на концепцијата за целокупната воспитно-образовна работа, содржани се некои од основните психо-педагошките карактеристики на децата со умерено намалени ментални способности.

Планот и програмите за воспитно образовната работа на децата со умерено намалени ментални способности се усогласени со психо-физичките можности на децата како и со општи цели и задачи на воспитанието и образованието на децата со умерено намалени ментални способности, и тоа:

- грижа за остварување и ублажување на пречките и недостатоците во физичкиот и психичкиот развиток на децата;
- го поттикнува развојот на нивните способности и им помага во насочувањето на нивното професионално ориентирање;
- ги вклучува воспитаниците во општествената работа;
- придонесува за здравственото и физичкото воспитување поради подигање на работната способност и за здравиот личен живот и
- ги воспитува во духот на придобивките на социјалистичката револуција и братството и единството на нашите народи.

За успешно и целосно реализирање на целите и задачите на воспитанието и образованието на овие деца потребно е добро организиран воспитно-образовен процес. Во општата програмска структура на воспитно-образовната работа со децата со умерено намалени ментални способности, содржани се следните воспитно-образовни подрачја:

- настава;
- слободни рекреативни активности на воспитаниците и јавна и културна дејност на установата;
- општествено-корисна работа на воспитаниците;
- грижа на установата-училиштето за здравјето на воспитаниците и
- следење и унапредување на воспитно-образовната работа и работата со

родителите.

1. Цели и задачи на наставата:

- да ги оспособи децата за секојдневно самозгрижување;
- да ги оспособи децата за основна комуникација;
- да им овозможи развивање на психомоторните функции;
- да им овозможи здобивање на елементарни знаења од одделните воспитно-образовни подрачја и
- да им овозможи на воспитаниците корективни активности на говорот и целокупнаата психомоторика.

Наставата се организира и изведува по воспитно-образовни подрачја и квалитативно се определува со наставен план, а содржински со наставни програми.

Во специјалните установи – училишта за деца со умерено намалени ментални способности наставата се организира главно индивидуално, а може и групно.

Критериумот за распоредување на децата во одредена воспитна група е календарската возраст, менталните и физичките способности како и усвоеноста на програмските содржини.

2. Слободните рекреативни активности и јавната и културната дејност на децата претставува дел од воспитно-образовните активности со следните цели:

- да ги развиваат индивидуалните желби и интереси кај децата за спортски и културно-уметнички активности;
- да го поттикнуваат развојот на социјалните функции и моториката;
- да развиваат дружељубивост и смисла за социјално однесување.

Општествено - корисната работа во специјалната установа – училиште за деца со умерено намалени ментални претставува дејност која е насочена кон непосредно реализирање на целите и задачите на воспитанието и образованието.

3. Преку разновидни форми на општествено - корисна работа се цели кон реализација на следните задачи:

- да се развие позитивен однос кон трудот;
- кај воспитаниците да се развие чувство на одговорност кон општествената сопственост;
- да се формира смисла за чување и одгледување на насадите и другите естетски обликувани површини и објекти во непосредната околина;
- да се создаде позитивен однос и почит кон спомениците на културата што се

наоѓаат во непосредната околина и кај воспитаниците да се создадат навики за одржување на комуналната хигиена во училиштето и неговата околина.

Грижа на специјалната установа – училиште, за здравјето на воспитаниците претставувало посебно програмско подрачје кое има за цел да обезбеди превземање на определени мерки и акции насочени во правец на одржувањето и подобрувањето на здравствената состојба и хигиената на децата. За таа цел установата – училиштето, организира годишни систематски прегледи на децата, преиспитување на менталните способности, соработка со соодветни медицински профили и организирање на летувања, логорувања и излети.

Преку следење и унапредување на наставата и соработка со родителите перманентно се следи и наставата од страна на наставниците со секојдневни индивидуални белешки за секое дете одделно, во смисла на следење на совладувањето на наставните содржини како и напредувањето на психичките и физичките функции кај децата.

Сите девет воспитно образовни подрачја се застапени во четирите воспитно-образовни групи. Предвидениот материјал за обработка е распореден по теми и се проширува концентрично во секоја наредна група или ниво. Поради хетерогеноста на групите, програмите се рамковни со можност наставникот да ги прилагодува според конкретните можности на воспитаниците. Се предвидувало и индивидуализација на наставата според можностите на секој поединец. За постигнување на подобри резултати се истакнува потребата од максимална нагледност, конкретност и непосредно учество на воспитаниците врз самата работа.

1. Целта и задачите на воспитно-образовната област **Воспитување на културно-хигиенски навики:**

- воспитаниците да се здобијат со основните хигиенски навики за одржување на личната хигиена, навики за правилно облекување и др.;
- воспитаниците да се здобијат со основните навики за самопослужување и навики за убаво однесување во средината во која живеат.

Воспитување за културно хигиенски навики, предвидувала најразлични вежби кои во континуитет се реализира во сите воспитно-образовни групи, во функција за стекнување:

- навики за одржување на личната хигиена;
- навики за правилна исхрана;
- навики за правилно облекување и
- социјални и емоционални контакти.

За изучување на предвидените содржини во програмата, потребно е организирано и систематско учење со практична примена во дадените ситуации и со постојано повторување на основните содржини кои се предвидени за работа со овие деца.

2. Воспитно-образовното подрачје, **развивање и корекција на говорот**, предвидува цели и задачи на специјално логопедагошката дејност:

- на воспитаниците да им помогне да го развиваат и корегираат својот говор;
- да ја развива јазичната мисла за да се подигне квалитетот на вербалното искажување;
- да го негува и развива основниот глас, правилниот говор и изговор кај воспитаниците и да ги одстранува или ублажува пречките во говорот што ја пречат успешната комуникација во училиштето и надвор од него;
- да организира превентивни мерки за правилно негување на говорно-јазичните навики и способности кај воспитаниците;
- да соработува со другите наставници во воспитно-образовната установа со цел да ги упатува како преку воспитно –образовниот процес да го развиваат и корегираат говорот на воспитаниците;
- да организира соработка со родителите на воспитаниците за повеќе да бидат упатени за помагање на своите деца;
- да организира водење индивидуални листи на воспитаниците за следење на говорниот развој и
- да соработува со други стручни профили што се вклучуваат во дијагностиката и медицинскиот третман на овие лица.

За сите воспитно образовни групи планираните содржини предвидувале најразлични вежби за визуелна и аудитивна перцепција како и вежби за развивање на јазикот. Наставната програма за развивање и корекција на говорот на воспитаниците со умерено намалени ментални способности била новина која прв пат се програмира кај нас врз основа на сопствени сознанија и искуства.

3. Цели и задачи на наставата по **Запознавање на околината и природата**:

- да ги упати воспитаниците што поуспешно да се вклопат и снаоѓаат во животот и блиската околина;
- да ги оспособи воспитаниците за постепено осамостојување;
- воспитаниците да се здобијат со основни знаења за предметите и појавите од

најблиската околина и активно да се вклучат во истата зависно од своите можности;

- да поттикнува интерес за предметите и појавите од блиската околина;
- да развива кај воспитаниците елементарни хигиенски и работни навики;
- врз основа на непосредно набљудување да го развива кај воспитаниците мислењето, заклучувањето, како и правилното говорно изразување;
- да развива кај воспитаниците љубов кон својата татковина и да ги оспособи воспитаниците за успешно снаоѓање во околината и животот.

Предвидениот материјал за обработка е распределен по теми и се проширува во секоја наредна група, или се повторува во зависност од индивидуалните потреби на секој воспитаник согласно степенот на усвоеност на предходните содржини.

4. Цели и задачи на наставата по **Работно воспитание**:

- да се формира активен однос и љубов кон трудот како извор за сите материјални блага за живот;
- да развива кај воспитаниците работни навики, мануелна вештина, брзина и точност во работата и подобрување на физичката кондиција;
- да ги запознае со основните алатки за работа, нивната примена, чување и одржување;
- да се запознаат со разни видови материјали и начинот на нивната обработка;
- да им помогне за подобро разбирање на останатите воспитно-образовни содржини;
- да развива љубов кон работата;
- преку работното воспитување да се развива чувство за другарство и соработка;
- да се запознаат со опасностите во работата и самозаштита од несреќи при работата;
- правилно да ги насочува воспитаниците и да ги ориентира за работно оспособување;
- воспитаниците да се здобијат со основни практични знаења од различни области за што поуспешна интеграција во животот и работата.

Ова е прва верифицирана програма за работно воспитување на умерено ретардирани деца. Работното воспитување за оваа категорија деца имало двојно значење, односно тоа претставува предмет на воспитување и принцип во наставата.

Предметот на работното воспитување произлегувало од неговите задачи и цели, а како

принцип требало да придонесе за подобро усвојување на останатите воспитно-образовни подрачја. Образовно-воспитната работа кај овие деца треба да е конкретна, максимално нагледна и практична.

Важноста на работното воспитување со овие деца произлегува и од фактот што школското (академско) учење е сведено на минимум, со силно изразено работно, физичко и здравствено воспитување. Работното воспитување исто така придонесува за професионална ориентација, поуспешно работно оспособување и општествена интеграција како крајна цел.

Програмата по работно воспитување како и програми по другите воспитно-образовни подрачја, е рамковна со можност дефектологот-наставник да има потполна слобода во креирањето и планирањето на воспитните содржини како и во нивното распределение согласно индивидуалните можности на децата.

Предвидените содржини биле распределени во концентрични кругови во четири нивоа, во зависност од возраста и едуцираноста на групата при што се тргнува од наједноставни до нешто посложени работни операции. Работата требало секогаш да е индивидуализирана во зависност од можностите на група ученици или поедини ученици.

5. Воспитно-образовното подрачје **Социјална писменост** се планира само за децата и младинците чии умерено ментално намалени способности им овозможува да се вклучат во усвојување на предвидените задачи од оваа област во која се опфатени елементи од Мајчиниот јазик (оспособување за правилен говор, пишување и читање) и Математика.

Цели и задачи на наставата по **Социјална писменост**:

- да го збогати речникот на воспитаниците со зборови кои најчесто ги употребуваат;
- да ги научи воспитаниците да читаат зборови и изрази со кои најчесто се среќаваат во секојдневниот живот;
- да ги научи воспитаниците да ги пишуваат поедините зборови и изрази со кои најчесто се среќаваат во секојдневниот живот;
- да ги научи воспитаниците да ги пишуваат поедините зборови во писмена форма;
- да им помогне на воспитаниците да се здобијат со одредени математички знаења-операции, најнеопходни за секојдневниот живот и
- воспитаниците да ги запознае со парите и нивната вредност и примената на

истите.

За разлика од децата со просечна интлигенција каде читањето, пишувањето и сметањето се само основа за стекнување на знаења по сите други предмети покасно, за умерено ретардираните деца тоа е крајна цел, бидејќи елементарната писменост не може да ја користат во стекнувањето на нови знаења. Во едукацијата на ментално ретардираните акцентот е ставен на социјалните вештини кои се неопходни за постигнување на одредена (релативна) оспособеност за живот. Во таа смисла треба да се свати и елементарната писменост. Формалната едукативна работа за читање, пишување и сметање не би требало да се изведува пред тринаесеттата односно четиринаесеттата година бидејќи во тој период овие деца интелектуално се на предучилишно ниво.

6. Воспитно-образовното подрачје **Физичко воспитување** е насочено на одстранување или ублажување на разни аномалии – деформитети кај умерено ретардираните деца, кои покрај менталната инфериорност често се и физички инфериорни. Програмската структура на Физичкото воспитување со ментално ретардираните ученици се состои:

- настава по предметот;
- слободни спортски активности и
- излети и летувања додека логорувањата не се препорачуваат за овие деца.

Задачи на наставата по **Физичко воспитување**:

- да поттикнува кон правилен телесен развој на ученикот;
- да ги ублажува и одстранува телесните недостатоци кај децата (корективна гимнастика и ритмика);
- да ги корегира неправилностите во моториката и да придонесува за општиот развиток на ученикот;
- да влијае врз развојот на позитивните особини на една личност, а посебно за смалување на стравот и контрола на агресивноста;
- да ги подобрува и развива физичките и социјалните компоненти на здравјето;
- да овозможи максимален развој на основните психо-физички можности, а посебно развојот на координирани движења: прецизност, брзина, рамнотежа, во согласност со индивидуалните можности на секој поединец;
- да создава кај учениците основни хигиенско-здравствени навики, посебно навики за секојдневно вежбање, позитивен однос и траен интерес кон физичката

култура;

- да ги развива позитивните особини како што се: волја, истрајност, карактер, другарски однос меѓу учениците што најдобро се манифестира преку колективните игри и сл.

Наставата по Физичко воспитување е тесно поврзана со наставата по сите останати предмети. Физичкото воспитување на ментално заостанатите деца и младинци, рекреативните спортски активности и квалитетот се основните состојки на физичката култура, при што секој од овие делови се одликува со специфични и многу богати содржини кои имаат широк спектар на позитивни влијанија врз целокупната личност на индивидуата.

7. **Ритмиката** како посебна дисциплина во воспитно-образовниот процес има голема улога во воспитувањето на умерено ретардираните лица. Преку ритмичката игра учениците ги надминувале недоразбирањата и конфликтите. На овие деца играта им создава радост и поголема мотивација за извршување на нивните задачи, ги релаксира и ги зближува.

Задачи на воспитно-образовното подрачје **Ритмика**:

- кај воспитаниците систематски да го развива осетот за ритам и потребата од ритмичко искажување;
- да развива осет за темпо и динамика, да ги оспособи правилно да дишат и правилно да го држат телото при ритмичките игри;
- да ги социјализира и релаксира;
- да ја развива координацијата на движењето на телото.

Часот по Ритмика секогаш треба да започне со подготвителни вежби, потоа вежби на телото и ритмичка игра, а завршува со вежби на чекори од народни игри и танци.

8. Програмата по **Музичко воспитување** е работена врз основа на наставните програми за специјалните основни училишта, програмите за предучилишни установи и искуствата од практиката. Тенденциите на новата програма се да се поаѓа од практиката кон теоријата, односно од пеење, свирење и слушање музика.

Музичкото воспитување, како еден од основните фактори што го помага воспитно-образовниот процес кај ментално за останати деца, се применува и при логопедскиот третман, а музико-терапијата наоѓа се поголема примена во праксата.

Целта и задачите на наставата по **Музичко воспитување:**

- да се развие кај децата љубов и интерес кон музиката;
- систематски да го развива слухот на децата и потребата од музичко искажување;
- да ги оспособи децата правилно да дишат при пеењето и правилно да ги артикулираат гласовите;
- децата да ги доживуваат правилно текстовите;
- да ги оспособи да разликуваат вокална од инструментална музика;
- да ги оспособи да ги разликуваат најосновните музички инструменти;
- да ги оспособи за пеење на лесни детски народни песни;
- да ги одстранува и ублажува говорните мани кај децата;
- да ја збогатува и развива емотивно-волевата свера;
- да развива љубов кон својата татковина;
- во животот на децата да внесува ведрина и радост за поттикнување на активна корисна работа;
- да влијае за смалување на хиперактивноста кај децата и обратно како стимулатор кај апатичните деца.

Наставата по Музичко воспитување во сите воспитни групи се реализира преку пеење, свирење, детски музички игри и слушање музика.

9. Планот, програмата, методите и облиците на работа, принципите и содржините по **Ликовно воспитување** во голема мера се разликува од редовните училишта. Имено Ликовното воспитување бара примена на метод кој мора да го почитува индивидуалниот пристап кон децата.

Во рамките на поставувањето на задачите, потребно е да се имаа во предвид самиот избор на техниката, пристапот и ликовните подрачја кои треба максимално да го поттикнат интересот кај децата. Всушност и содржината за работа треба да произлезе од самиот интерес на децата.

- Карактеристично за првата група е тоа што на ова ниво кај учениците се развива моториката на рацете и прстите.
- Децата од втората група се оспособуваат за визуелно примање на впечатоците, односно се развиваат способности, сето она што го набљудувале да го прикажат, односно ликовно да го изразат и доживеат.
- Децата од третата група користат нови можности за ликовно решавање, доживување и изразување.

- На децата од четвртата група треба активно да им се дадат нови знаења и умешности, да се запознаат со нови начини на ликовно творештво, техники како и употреба на различни материјали и средства преку кои ќе бидат во состојба да ги усовршат стекнатите знаења.

Цели и задачи на **Ликовното воспитување**:

- да го развива интелектуалниот и емоционалниот живот на учениците;
- кај учениците да развива творечки интерес;
- да се формираат ликовно-естетски навики;
- стекнатите практични и теоретски навики и искуства да ги користат во животот и професионалната орјентација;
- да се негува ликовниот израз;
- да се развива и облагородува способност за доживување;
- да се развиваат навики за ликовно набљудување и искажување;
- да се здобијат со општа ликовна култура;
- да се развие интерес и љубов за ликовните дела;
- да ги развие естетските чувства и да ја зголеми желбата за сопствено творештво;
- да се развива естетски и критичен однос кон ликовните дела и уредување на просторот;
- согласно способностите и можностите, да ги совлада техниките по ликовно воспитување и техничката вештина.

Со цел воочување на развојноста на наставните планови и програми кај лицата со умерено намалени ментални способности, ќе биде направена анализа на општата програмска структура со наставен план и програми на воспитно-образовната работа со децата со умерено намалени ментални способности (училишна возраст), донесена 1979 година, кои се единствени и сеуште актуелени и според кои и денес се работи.

**Наставниот план од 1979 година** е структуиран според воспитно образовни подрачја и четири воспитно образовни групи со вкупен неделен фонд од вкупно 90 часа за сите нивоа. Согласно овој наставен план, предвидени се дополнителни корективни активности со неделен фонд од 29 часови. Планирани се и другите воспитно-образовни подрачја од општата програмска структура на воспитно-образовната работа како и слободните рекреативни активности на воспитаниците, јавната и културната дејност и општествено-корисната работа, кои не се определени со наставен план. Нивната застапеност се планира од страна на воспитно-образовната установа, училиштето, во

зависност од условите и можностите на децата и установата – училиштето.
(Општа програмска структура 1979).

Развојот на посебното основно образование и усовршувањето на наставните програми во посебните основни училишта, се содржани во одредени поглавја во Концепцијата за деветгодишното основно образование и воспитание од 2007 година, во Националната програма за развој на образованието 2005-2015 година, како и во Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018 година.

Имено, во Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование, донесена во август 2007 година, постои поглавје во кое се наведува дека: „За основното образование на учениците со посебни образовни потреби изработени се посебни наставни планови и програми, со кои им се дава можност за социјализација, усвојување знаења, навики и други вредности". Со програмите и методите во наставата поголемо значење се придава на оспособувањето на учениците за живот и работа. Училиштата за основно образование на учениците со посебни образовни потреби се организираат според исти принципи како и редовните основни училишта. *(Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование:2007,стр.29).*

Понатаму, во Националната програма за развој на образованието 2005-2015 година, постои поглавје „Промоција на ефективно основно училиште" со генерален принцип, Образование за сите, во кој се наведува дека: „Ефективното основно училиште треба да осигура образование кое подразбира обезбедување квалитет на образованието, еднаков пристап за сите и образование адаптирано на индивидуалните и социјалните потреби." (Национална програма за развој на образованието, 2005-2015, стр.111)

Во содржината на Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018 година, во делот образование е содржано: „Доближувањето на индивидуалните програми до секое лице со инвалидност ќе обезбеди максимум постигнување на резултати, преку разумни прилагодувања на наставните програми кои треба да одговараат на потребите на децата со посебни образовни потреби."
(Национална стратегија, 2010-2018, стр. 22).

Во концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование, донесена во август 2007 година, наведен е принцип што се однесува на работата со ученици со посебни образовни потреби:

- принцип на вклучување на учениците со посебни образовни потреби во основното образование.

Основното образование и воспитание на учениците со посебни образовни потреби се организира на најпогоден начин со цел да овозможи нивно подобро напредување во наставата и учењето во согласност со индивидуалните можности. Децата со посебни образовни потреби се вклучуваат во редовните паралелки на основните училишта. Доколку по определен временски период се утврди дека нивните постигања не се во согласност со нивниот индивидуален образовен план, тогаш учениците со посебни образовни потреби се вклучуваат во посебни училишта или во посебни паралелки при редовните основни училишта. (Концепција за деветго-дишно основно воспита-ние и образование, 2007, стр.74)

Во истата концепција во сегментот VII: „Школување на ученици со посебни потреби" стои дека:

- Основните училишта се задолжени да реализираат програми за деца со посебни образовни потреби, само со одреден вид и степен во развојот, кои можат успешно да се вклучат во вообичаената училишна средина.

За основното образование на децата со посебни потреби постојат и посебни основни училишта, заводи, или посебни паралелки во редовните основни училишта, каде наставата се реализира според адаптирани наставни планови и програми, соодветни на видот и степенот на образовните потреби на децата. За основното образование на учениците со ПОП се изработуваат и посебни индивидуални образовни планови, со кои им се дава можност за социјализација, усвојување знаења, навики и други вештини. Со програмите и методите во наставата, поголемо значење се придава на оспособувањето на учениците за живот и работа. (Концепција за деветго-дишно основно воспитание и образование, 2007, стр.107)

## 2. Квалитативна анализа на истражувањето

**1**. Анализа на структурата на наставниот план и програми за основни училишта и паралелки за психички заостанати деца (дебили) во Н Р Македонија од 1960 година.

Во структурата на оваа наставна програма се инкорпорирани следните сегменти:

- целите и задачите на основните училишта и паралелки за психички заостанати деца;
- видот и степенот на попреченост;
- времетраење на школувањето (осумгодишно);
- старосната структура на учениците;
- форми на работа со учениците (индивидуална, групна и заедничка);
- општи и специфични дидактички барања;

Во наставниот план од прво до осмо одделение се содржани вкупно 11 воспитно образовни подрачја и предмети;

-Македонски јазик, Запознавање на природата и општеството, Запознавање на природата, Запознавање на општеството, Географија, Историја, Математика, Работно воспитување, Физичко и здравствено воспитување, Ликовно воспитување и Музичко воспитување.

Наставните содржини и формите на работа се поделени на три степени во зависност од возраста и можностите на учениците:

а. прв степен од прво до четврто одделение,

б. втор степен, петто и шесто одделение,

в. трет степен, седмо и осмо одделение.

Наставните програми се структуирани по воспитно образовни подрачја, предмети и одделенија, со заеднички општи задачи, кои се однесуваат на сите одделенија од соодветното воспитно-образовно подрачје или предмет.

Карактеристично за овие наставни програми е концентричниот начин на распоредување на наставните содржини со нивно повторување и проширување во погорните одделенија.

Содржините на наставните програми воглавном се структуирани преку поими и активности.

**2**. Анализа на структурата на наставен план и програми за специјалните основни училишта и специјалните паралелки за лесно ментално заостанати деца при редовните основни училишта во Н. Р. Македонија од 1968 година.

Во структурата на оваа наставна програма се инкорпорирани, следните сегменти:

- целите и задачите на основното образование на ментално заостанати деца;
- општа ориентација на воспитно-образовното делување на специјалното основно училиште;
- интелектуално воспитание и образование;
- работно и политехничко воспитание и образование;
- општествено морално воспитание на учениците;
- естетско воспитание;
- физичко и здравствено воспитание и образование;
- корекциона и терапеутска работа;
- проучување и следење на развојот на учениците;
- воншколски активности и културно забавен живот на учениците;
- работа со родители;

Во наставниот план се содржани 13 воспитно образовни подрачја и предмети:

Македонски јазик, Запознавање на природата и општеството, Запознавање на природата, Запознавање на општеството, Географија, Историја, Математика, Работно и ликовно воспитување, Основи на општотехничко образование, Ликовно воспитание, Физичко и здравствено воспитување, Музичко воспитување и Домаќинство.

Споредбено со наставниот план од 1960 година се воочува зголемен број на наставно воспитни области од 11 на 13 и диференцијација на работното воспитување, кое се изучува од петто до осмо одделение во програмата од 1960 година, додека во наставниот план од 1968 година ова подрачје се изучува како работно и ликовно воспитание во првите три одделенија, а потоа се трансформира во ликовно воспитание и основи на општотехничко образование. Наставните програми се структуирани по наставно - воспитни подрачја.

Карактеристично за наставниот план од 1968 година е воведувањето на наставно-воспитната област, домаќинство во шесто, седмо и осмо одделение.

Во програмата од 1968 година покрај општите задачи се појавуваат и општи цели, кои се однесуваат на основното образование на ментално заостанатите деца. Во оваа

програма почнува диференцијација на задачите по наставно - воспитни области, поединечно за сите одделенија.

Карактеристично и за овие наставни програми е истиот концентричен начин на распоредување на наставните содржини со нивно повторување и проширување во погорните одделенија.

Содржините на наставните програми се структуирани преку поими и активности, кои во оваа програма се проширени во однос на програмата од 1960 година.

За разлика од програмата од 1960 година каде децата со лесна интелектуална попреченост се именуваат како психички заостанати деца (дебили), во програмата од 1968 година, се нарекуваат лесно ментално заостанати деца.

3. Анализа на структурата на наставен план и програми за специјалното основно училиште за средни и тешки дебилни деца од 1970 година.

Овој наставен план и наставна програма се пробни и се применувале само во учебната 1970/71 година.

Карактеристично за овој наставен план и програма е обидот за диференцијација на наставните програми, интерно во степенот на лесна попреченост (дебилитет), односно програма по нивои за средни и тешки дебилни деца. Во претходната програма од 1968 година нема ваква диференцијација и се однесува на сите деца на степен на дебилитет.

Во структурата на оваа наставна програма се инкорпорирани:

- целите и задачите на основното образование на ментално заостанати деца;

Во наставиот план се содржани 9 предмети:

Мајчин јазик, Запознавање на природата и општеството, Математика, Работно и општотехничко воспитување, Ликовно воспитување, Физичко и здравствено воспитување, Музичко воспитување, Домаќинство со хигиена и Сообраќајно воспитување.

Споредбено со наставниот план од 1968 година во овој пробен наставен план, кој е наменет за средни и тешки дебилни деца, се воочува отсуство на диференцијација на предметот Запознавање на природата и општеството, на Запознавање на природата, Запознавање на општеството, Историја и Географија (во погорните одделенија), со што овој предмет се изучува во сите одделенија (од прво до осмо), што соодветствува на тежинските нивоа на попреченост.

Карактеристично за овој наставен план е и воведувањето на Домаќинство со хигиена и Сообраќајно воспитување.

Наставните програми се структуирани по предмети. Карактеристично за пробната наставна програма од 1970/71 година е ставањето акцент на наставните содржини кои се редуцирани во интензитет и екстензитет и се прилагодени на нивоата на лесна попреченост (дебилитет) за кои се изготвени (средни и тешки дебилни деца).

**4.** Анализа на општата програмска структура со наставен план и програми за специјалните основни училишта и специјалните паралелки при основните училишта за ученици со лесно намалени ментални способности во С Р Македонија од 1977 година

Оваа програмска структура е произлезена од промените во програмската стуктура на основното образование чиј составен дел е и специјалното основно образование и воспитување. Во општата програмска структура на специјалното основно училиште покрај наставниот план и програма се содржани и дополнителни сегменти, кои не беа застапени во предходните програмски структури.

Програмската структура од 1977 година ги содржи следните сегменти:

- целите и задачите на специјалното основно училиште;
- настава;
- слободни ученички активности и ученички организации;
- општествено-корисна работа на учениците;
- грижа на училиштето за здравјето на учениците;
- јавна и културна-просветна дејност на училиштето;
- следење и унапредување на воспитно-образовната работа.

Во наставниот план се содржани 12 наставни предмети:

Македонски јазик, Математика, Запознавање на природата и општеството, Запознавање на природата, Запознавање на општеството, Географија, Историја, Основи на општотехничко образование, Физичко воспитание, Ликовно воспитание, Музичко воспитание и Домаќинство.

Споредбено со претходните наставни планови од 1960, 1968 и 1970 година, во наставниот план и програми за специјалното основно училиште за учениците со лесно намалени ментални способности, застапени се сите воспитно образовни подрачја, со проширување на наставата со час на одделенски раководител, курсеви за прва помош и

заштита, земјоделство и корективни-физички активности, преку корективна гимнастика и корекција на говорот.

Низ наставата и другите форми на работата на училиштето се планирани и одредени содржини на воспитанието:

Општествено-морално воспитување, рационална организација на учењето, воспитување на хуманите односи меѓу половите, професионално информирање и ориентирање (се обработуваат во погорните одделенија – од петто до осмо одделение).

Во општата програмска структура, содржани се и и други форми на работа: Организација на слободните ученички активности, општествено корисна работа на учениците, грижа на училиштето за здравјето на учениците и редијагностика на менталните способности на учениците, јавна и културно-просветна дејност на училиштето, следење и унапредување на воспитно-образовната работа на училиштето.

За разлика од програмата од 1960 година каде децата со лесна интелектуална попреченост се именуваат како, психички заостанати деца (дебили), во програмата од 1968 година лесно ментално заостанати деца, во програмата од 1977 година за овие деца е востановен терминот, деца со лесно намалени ментални способности .

**5.** Анализа на усовршени наставни програми за специјалното основно образование за учениците лесно попречени во психичкиот развиток од 1982 година

Усовршените наставни програми за специјалното основно образование за учениците лесно попречени во психичкиот развиток се однесуваат само за наставните предмети: Основи на општо-техничкото образование, Историја и Математика, кои започнале да се применуваат веќе во учебната 82/83 година.

Споредбено со претходните наставни програми од 1977 година за специјалното основно училиште за ученици со лесно намалени ментални способности, се забележува дека не станува збор за некои посериозни измени. Предметот основи на општо-техничкото образование се преименува во Основи на техниката и производството и следствено на тоа се воочуваат одредени промени во целите, задачите и наставните содржини.

Во наставните програми по предметите Математика и Историја, направени се сосема мали и незначителни измени. Поверето од измените за предметот Математика се однесуваат на измени во одредени теми, како на пример во темата множества и релации, како и во темата собирање и одземање, односно измени во распоредот на содржините, како и намалување на вкупниот фонд на часови за 30, но се зголемува вкупниот фонд на

часови за исто толку во темата собирање и одземање во множество.

Измените по предметот Историја се во внесување нова задача преку која учениците ќе се запознаат со нови актуелни наставни содржини.

За разлика од програмата од 1960 година каде децата со лесна интелектуална попреченост се именуваат како, психички заостанати деца (дебили), во програмата од 1968 година, лесно ментално заостанати деца, во програмата од 1977 година, **деца со** лесно намалени ментални способности, во програмата од 1982 година за овие деца се користи терминот, ученици лесно попречени во психичкиот развиток.

**6.** Анализа на пилот-наставна програма за образование на лица со пречки во психичкиот развој од 1998 година.

Со пилот наставната програма од 1998 година се опфатени предметите Македонски јазик, Математика и Запознавање на природата и општеството, кои овозможуваат учениците во рамките на своите можности и способности да се оспособат за конкретни активности или да се стекнат со лични компетенции.

Пилот наставната програма за образование на лица со пречки во психичкиот развој по Македонски јазик е стратифицирана по етапи, нивоа и подрачја.

Целите во подрачјата се таксативно наброени по тежинско ниво, од наједноставни кон посложени и од секоја наведена цел произлегуваат повеќе конкретни цели и активности, компатибилни со психофизичките способности и можности на учениците со пречки во психичкиот развој.

Програмата е поделена на пет етапи со одредени подрачја и нивоа, а во секое од подрачјата таксативно се наброени активности со чија примена наставниците треба да ги оспособат учениците за реализација на конкретни цели.

Структурата на програмата овозможува флексибилност во изборот на цели и активности, кои соодветствуваат на индивидуалните можности и потреби на секој ученик со пречки во психичкиот развој.

Пилот наставната програма за образование на лица со пречки во психичкиот развој по Математика е стратифицирана во четири етапи и области, при што во сите етапи е содржана практична примена на знаењата по Математика во одредени области.

Новина во развојот на програмите е воведувањето бележник по предметот Математика.

Во пилот наставната програма по запознавање на природата и општеството за образование на лица со пречки во психичкиот развој од 1998 година, содржани се тематски подрачја со наставни теми и активностите со кои учениците треба да стекнат

искуство преку практична примена на знаењата по запознавање на природата и општеството. Во програмата постапно се разработени наведените подрачја, каде се дадени содржини, за кои учениците треба да стекнат знаење и искуство.

**7.** Врз основа на компаративната анализа на програмата од 1960-та година со програмите од 1968, 1970, 1977, 1982, 1998 година и во споредба со актуелните програми од 2008 - 2014 година, се воочуваат повеќе развојни компоненти.

Имено, актуелните адаптирани наставни програми од 2008 - 2014 година се диференцирани по предмети и одделенија, со тоа што се изготвени посебни адаптирани наставни програми за ученици со пречки во психичкиот развој, засебно за секој предмет и за секое одделение.

Во структурата на секоја од овие програми се содржани следните компоненти:

- вовед, кој се однесува на општите цели и задачи на наставата по соодветниот предмет и соодветното одделение;
- застапеност на одредениот предмет, согласно наставниот план со неделен и годишен фонд на часови и статусот на предметот (задолжителен, изборен);
- цели на развоен период;
- цели на наставата за одредено одделение;
- програмски подрачја кои се издиференцирани на:
- конкретни цели,
- содржини,
- поими,
- активности и методи,
- карактеристики на учениците со интелектуална попреченост;
- дидактички препораки со конкретни наставни средстава;
- оценување на постигањата на учениците:
- дидактичко проверување и оценување;
- формативно оценување;
- сумативно оценување;
- просторни услови за реализација на наставната програма;
- норматив на наставен кадар.

Во однос на терминолошката застапеност, во програмата од 1960 година децата со лесна интелектуална попреченост се именуваат како, психички заостанати деца (дебили), во програмата од 1968 година, лесно ментално заостанати деца, во програмата

од 1977 година, деца со лесно намалени ментални способности, во програмата од 1982 година, ученици лесно попречени во психичкиот развиток, а во програмите од 1998 година и адаптираните наставни програми 2008-2014 година, се користи терминот, лица со пречки во психичкиот развој. Денес најчесто употребуван и прифатен термин во глобални рамки е, лица со интелектуална попреченост.

**8**. Општа програмска структура со наставен план и програми на воспитно-образовната работа со децата со умерено намалени ментални способности од 1979 година

Во структурата на оваа наставна програма се содржани следните сегменти:

- психо-педагошки карактеристики на децата со умерено намалени ментални способности;
- општи цели и задачи на воспитанието и образованието на децата со умерено намалени ментални способности;
- општа програмска структура на воспитно-образовната работа со децата со умерено намалени ментални способности;

Во наставниот план се содржани 9 воспитно-образовни подрачја:

- Воспитување на културно хигиенски навики;
- Развивање и корекција на говорот;
- Запознавање со околината и природата;
- Работно воспитување;
- Социјална писменост (елементарно описменување);
- Физичко воспитание;
- Ритмика;
- Ликовно воспитание и
- Музичко воспитание.

Застапени се и дополнителни корективни активности:

- Корективна гимнастика и
- Корекција на говорот.

Учениците според хронолошката возраст се поделени на 4 воспитно-образовни групи.

Програмата е структуирана по воспитно-образовни области со конкретни цели и задачи за секоја воспитно-образовна област.

Во општата програмска структура за децата со умерено намалени ментални способности

се планирани и:

- слободни рекреативни активности и културна дејност,
- општествено-корисна работа,
- следење и унапредување на наставата и
- соработка со родителите.

Планот и програмите за воспитно-образовната работа на децата со умерено намалени ментални способности се усогласени со психо-физичките можности на децата како и со општите цели и задачи на воспитанието и образованието на децата со умерено намалени ментални способности.

Предвидениот материјал за обработка е распореден по теми и се проширува концентрично во секоја наредна група или нивоа. Поради хетерогеноста на групите, програмите се рамковни, со можност наставникот да ги прилагодува според конкретните можности на воспитаниците. Се предвидува и индивидуализација на наставата според можностите на секој поединец.

# 3.Квантитативна анализа на истражувањето.

Ова квантитативно истражување е во функција на дополнување на квалитативната анализа со цел да се даде реална слика за начинот на кој се реализираат актуелните адаптирани наставни програми од 2008-2014 година (цели, методи и начин на програмирање и реализација).

## 3.1. Прашалник за самоевалуација на наставниците за планирањето на наставата

**– испитаници 88** **N1- никогаш; N2- понекогаш; N3- секогаш**

| | ПРАШАЊЕ | N1 | % | N2 | % | N3 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Моето планирање е насочено кон постигнување на целите од програмата. | 1 | **1** | 13 | **15** | 74 | **84** |
| 2 | Изготвувам интерен индивидуален образовен план во рамките на адаптираните наставни програми за учениците чиј степен на попреченост не дозволува следење на планираните цели, содржини и активности. | 2 | **2** | 22 | **25** | 64 | **73** |
| 3 | Планирам различни облици на работа во функција на ефикасно стекнување на знаења. | 1 | **1** | 6 | **7** | 81 | **92** |
| 4 | Планирам различни облици на работа во функција на ефикасно развивање на способности и вештини на учениците. | 1 | **1** | 6 | **7** | 81 | **92** |
| 5 | Планирам различни методи на работа во функција на ефикасно стекнување на знаења. | 1 | **1** | 8 | **9** | 79 | **90** |
| 6 | Планирам различни методи на работа во функција на ефикасно развивање на способности и вештини на учениците. | 2 | **2** | 7 | **8** | 79 | **90** |
| 7 | Планирам различни места на изведување на наставата во функција на остварување на целите. | 1 | **1** | 47 | **53** | 40 | **46** |
| 8 | Мојата подготовка за реализација на часот има јасна структура. | 1 | **1** | 5 | **6** | 82 | **93** |
| 9 | При подготовката користам стручна литература, Интернет и други извори. | 2 | **2** | 25 | **29** | 61 | **69** |
| 10 | При подготовката ги земам предвид разликите меѓу учениците во напредувањето, знаењата и искуствата. | 2 | **2** | 7 | **8** | 79 | **90** |
| 11 | Подготвувам задачи и активности со различна тежина. | 2 | **2** | 13 | **15** | 73 | **83** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Планирам активирање на учениците заради користење на нивните предзнаења. | 1 | **1** | 22 | **25** | 65 | **74** |
| 13 | Планирам користење на наставни средства, соодветни модели, материјали и прирачни средства. | 1 | **1** | 11 | **13** | 76 | **86** |
| 14 | Планирам користење компјутер, интернет и визуелни и аудитивни наставни помагала. | 4 | **5** | 37 | **42** | 47 | **53** |
| 15 | Осмислувам и подготвувам истражувачки активности. | 11 | **12** | 55 | **63** | 22 | **25** |
| 16 | Осмислувам и подготвувам вежби. | 2 | **2** | 24 | **27** | 62 | **71** |
| 17 | Ги почитувам дидактичко-методските насоки дадени во наставната програма. | 2 | **2** | 29 | **33** | 57 | **65** |
| 18 | Ги користам предложените примери од добиените прирачници (на семинарот, прирачникот за деветгодишното основно образование и сл.). | 6 | **7** | 50 | **57** | 32 | **36** |
| 19 | Изработувам потребни наставни материјали и инструменти за следење на учениците. | 4 | **5** | 17 | **19** | 67 | **76** |
| 20 | По реализираните часови ги бележам забелешките и дополненијата и ги користам при наредните планирања. | 1 | **1** | 34 | **39** | 53 | **60** |

1. Со ставот дека **планирањето е насочено кон постигнување на целите од програмата**, со никогаш одговорил еден испитаник (1%), дека тоа е насочено кон целите на програмата само понекогаш одговориле 13 испитаници (15%), додека тоа е така секогаш се изјасниле останатите 74 (84%) испитаници, од вкупниот број 88. Наведеното во проценти е прикажано на графиконот кој следува.



2. На прашањето за тоа дали испитаникот **изготвува интерен индивидуален образовен план во рамките на адаптираните наставни програми за учениците чиј степен на попреченост не дозволува следење на планираните цели, содржини и активности**, со никогаш одговориле 2 (2%) испитаници, додека 22 (25%) се изјасниле дека тоа е така само понекогаш. Поглемиот број испитаници, односно 64 (73%), се изјсниле дека секогаш постапуваат на тој начин. Процентуално, тоа би изгледало вака:




3. Дека испитаниците секогаш **планираат различни облици на работа во функција на ефикасно стекнување на знаења**, се изјасниле 81 (92%)испитаник, од вкупно 88, а 6 (7%) од нив се изјасниле дека понекогаш прават такви планирања. Само еден (1%) испитаник се изјаснил дека никогаш не планира други, различни облици на работа кои би биле во функција на поефикасно стекнување на знаења. Процентуално, наведеното е прикажано на графиконот кој следува.



**4**. Со четвртото прашање, односно тврдење, исто како и кај претходното, 81 (92%) испитаник одговориле дека секогаш **планираат различни облици на работа во функција на ефикасно развивање на способности и вештини на учениците**, со понекогаш одговориле 6 (7%) испитаници, додека со „никогаш одговорил само еден (1%) испитаник. Процентуално тоа би изгледало вака:




**5**. На петтото прашање, односно дека секогаш **планираат различни методи на работа во функција на ефикасно стекнување на знаења** одогвориле 79 (90%) испитаници, додека дека различни методи само понекогаш планираат 8 (9%) испитаници. Повторно, само еден (1%) испитаник се изјаснил дека никогаш не планира различни методи на работа во функција на ефикасно стекнување на знаења. Изнесените одговори од страна на испитаниците, односно добиените резултати по основ на ова петто прашање процентуално се прикажани на графиконот кој следува.



1. Понатаму, на следното тврдење, дека испитникот секогаш **планира различни методи на работа во функција на ефикасно развивање на способности и вештини на учениците** се изјасниле 79 (90%) испитаници, а 7 (8%) испитаници одговориле дека само понекогаш планираат различни методи на работа, додека повторно, само двајца (2%) испитаници се изјасниле дека никогаш не планираат различни методи на работа во функција на ефикасно развивање на способности и ваштини на учениците. Во проценти, наведеното би изгледало вака:




**7**. Дека испитаникот секогаш **планира различни места на изведување на наставата во функција на остварување на целите**, се изјасниле вкупно 40 (46%) испитаници, додека дека тоа е така само понекогаш кажале 47 (53%) испитаници, а само еден (1%) од вкупно 88 испитаници се изјаснил дека никогаш не планираа различни места на изведување на наставата во функција на остварување на целите. На графиконот кој следува во продолжение, добиените резултати се изразени во проценти и би изгледале вака:



**8**. Од вкупно 88 испитаници, голем е бројот на оние кои се изјасниле дека секогаш својата **подготовка за реализација на часот има јасна структура** или 82 (93%), додека 5 (6%) одговориле дека само понекогаш, односно еден (1%) испитаник одговорил дека никогаш неговата подготовка за реализација на часот нема јасна структура. На графиконот кој следува може да се забележи високиот процент на позитивни тврдења, односно одговори по основ на ова прашање.




**9**. Дека секогаш **при подготовката користат стручна литература, интернет и други извори,** се согласуваат 61 (69%) испитаник, односно наставник, додека 25 (29%) од вкупниот број на наставници одговориле дека само понекогаш ги користат наведените извори, а само два (2%) испитаници се изјасниле дека никогаш не ги користат наведените извори при подготовката. Процентуално, добиените одговори од вкупниот број на испитаници вклучени во истражувањето, кој изнесуваше 88, а се однесуваат на деветото прашање, се прикажани на следниот графикон.



**10**. Вкупно 79 (90%) испитаници, по основ на ова десето прашање, се изјасниле дека секогаш **при подготовката ги земаат предвид разликите меѓу учениците во напредувањето, знаењата и искуствата**, а тоа е случај само понекогаш кај 7 (8%) испитаници. Двајца 2(%) испитаници се изјасниле дека никогаш при подготовката не ги земаат предвид разликите помеѓу учениците во напредувањето, знаењата и искуствата, што доколку е вистина така и во праксата, би претставувало сериозен проблем и хендикеп.




**11**. Вкупно 73 (83%) испитаници се изјасниле дека секогаш **подготвуваат задачи и активности кои се со различна тежина**, додека 13 (15%) од нив, само понекогаш. Понатаму, дека никогаш не подготвуваат задачи и активности кои се со различна тежина одговориле двајца (2%) испитаници, односно наставници вработени во посебните основни училишта во кои се спроведе истражувањето. Графички, изразено во проценти, наведеното би изгледало вака:



**12.** Интересен е податокот добиени по основ на дванаесетото прашање, од кој може да се заклучи дека само 65 (74%) испитаници секогаш **планираат активирање на учениците заради користење на нивните предзнаења,** додека високи 22 (25%) одговори се дека испитаниците понекогаш имаат такви планирања, односно само еден (1%) се изјаснил дека не планира активирање на учениците заради користење на нивните предзнаења. Процентуално тоа би изгледало вака:




**13.** Дека испитаниците секогаш **планираат користење на наставни средства, соодветни модели, материјали и прирачни средства** се изјасниле вкупно 76 (86%) испитаници, додека 11(13%) од нив се изјасниле дека тоа е така само понекогаш. Дека никогаш не планира користење на наставни средства, соодветни модели, материјали и прирачни средства се изјаснил само еден (1%) испитаник. На следниот графикон, наведените резултати се прикажани процентуално, и тоа би изгледло вака:



**14**. Што се однесува пак до **планирањето на користење компјутер, интернет и визуелни и аудитивни наставни помагала,** вкупно 47 (53%) испитаници одговориле дека тоа го прават секогаш, а 37 (42%) дека само понекогаш планираат користење на наведените помагала. Од вкупно 88 испитаници, 4 (5%) од нив одговориле дека никогаш не планираат користење на компјутер, интернет и визуелни и аудитивни наставни помагала. Процентуално, одговорите на ова четиринаесето прашање се претставени на графиконот кој следува.




**15**. Дека секогаш **осмислува и подготвува истражувачки активности** одговриле мал дел од испитаниците, односно 22 (25%), додека дека само понекогаш осмислуваат и подготвуваат истражувачки активности се изјасниле 55 (63%) испитаници, а вкупно 11 (12%) одговориле дека никогаш не осмислуваат и никогаш не подготвуваат истражувачки активности. На следниот графикон, добиените одговори, односно резултати по основ на ова прашање, односно трвдење се претставени процентуално.



**16**. Дека секогаш **осмислуваат и подготвуваат соодветни вежби**, се изјасниле 62 (71%) испитаници, односно дека само понекогаш го прават тоа се изјасниле 24 (27%) испитаници. Само 2 (2%) испитаници никогаш не осмислуваат и не подготвуваат соодветни вежби за наставниот час. Наведеното е прикажано во проценти на графиконот кој следува во продолжение.




**17**. На седумнаесетото прашање, кое се однесуваше на тоа дали испитаниците ги **почитуваат дидактичко-методските насоки дадени во наставната програма**, со „секогаш" одговриле 57 (65%) испитаници, со „понекогаш" одговриле 29 (33%), додека со „никогаш", односно дека никогаш не ги почитуваат дидактичко-методските насоки дадени во наставната програма, се изјасниле 2(2%) испитаника. На следниот графикон се претставени во проценти добиените одговори по основ на ова прашање. Истиот би изгледал вака:



**18**. Дека секогаш испитаниците **ги користат предложените примери од добиените прирачници (на семинари, прирачникот за деветгодишното основно образование** и **сл.**), се изјасниле помал број испитаници, односно 32 (36%) од вкупно 88 испитаници. Дека само понекогаш ги користат предложените примери се изјасниле 50 (57%) испитаници, додека 6 (7%) од вкупниот број се изјасниле дека никогаш не прават така. Процентуално тоа би изгледало како што е претставено на графиконот кој следува во продолжение.




**19.** На претпоследното тврдење, односно дека испитникот секогаш **изработува потребни наставни материјали и инструменти за следење на учениците**, 67 (76%) од вкупниот број се изјасниле дека тоа е така, односно 17 (19%) дека тоа е само понекогаш така. Вкупно 4(%) испитаници одговориле дека никогаш не изработуваат потребни наставни материјали и инструменти за следење на учениците. Процентуално, тоа би изгледало како на графиконот кој е прикажан во продолжение.



**20.** Последното прашање се однесуваше на тоа дали **по реализираните часови испитаниците ги бележат забелешките и дополненијата и ги користат истите при наредните планирања**, 53 (60%) испитаници одговиле дека секогаш постапуваат така, дека тоа е така само понекогаш, се изјасниле 34 (39%) испитаници. Само еден (1%) од вкупно 88 испитаници одговориле со „никогаш", односно се изјасниле дека никогаш не ги бележат забелешките и дополненијата за потоа истите да ги користат при наредните планирања. Добиените резултати по основ на ова последно прашање наменето за самоевалуација на наставниците за планирањето на наставата се прикажани во проценти на графиконот кој следува.



## 3.2. Прашалник за имплементација на актуелните адаптирани наставни програми (наменет за наставниците во посебните основни училишта)

**– испитаници 85**

**N1- се согласувам; N2- делумно се согласувам; N3- не се согласувам**

| | ПРАШАЊЕ | N1 | % | N2 | % | N3 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Учениците може да ги постигнат планираните цели од адаптираната наставна програма. | 4 | **5** | 66 | **77** | 15 | **18** |
| 2 | Учениците може да ги усвојат планираните содржини од адаптираната наставна програма. | 3 | **3** | 66 | **78** | 16 | **19** |
| 3 | Планираните активности во програмата, ги даваат очекуваните резултати во стекнувањето знаења и развивање на способностите и афинитетите кај учениците. | 13 | **15** | 56 | **66** | 16 | **19** |
| 4 | Планираните методи во програмата, ги даваат очекуваните резултати во стекнувањето знаења и развивање на способностите и афинитетите кај учениците. | 11 | **13** | 62 | **73** | 12 | **14** |
| 5 | Предвидените вежби и задачи во програмата, се остварливи за учениците. | 8 | **9** | 63 | **74** | 14 | **17** |
| 6 | При подготовката е овозможено користење стручна литература, интернет и други извори. | 47 | **55** | 26 | **31** | 12 | **14** |
| 7 | При планирање и реализација на наставата овозможена е примена на специфични нагледни средства и помагала. | 41 | **48** | 37 | **44** | 7 | **8** |
| 8 | При планирање и реализација на наставата овозможена е примена на ИТ технологија. | 42 | **49** | 34 | **40** | 9 | **11** |
| 9 | Се применуваат изградени критериуми за оценување на постигањата на учениците, согласно нивните индивидуални психо-физички способности и можности. | 41 | **48** | 28 | **33** | 16 | **19** |
| 10 | Наставниците имаат можност стручно да се усоврш. преку учество на разни форми на инт. и екст. обуки. | 20 | **23** | 50 | **59** | 15 | **18** |

**1**. Со првото прашање од прашалникот за имплементација на актуелните адаптирани наставни програми (наменет за наставниците во посебните основни училишта), кое се однесуваше на тоа дали **учениците може да ги постигнат планираните цели од адаптираната наставна програма**, се согласуваат 4 (5%) испитаници, додека делумно се согласуваат 66 (77%). По основ на ова прашање, не се согласуваат вкупно 15 (18%) испитаници од вкупно 85. На графиконот кој следува во продолжение, наведеното е претставено и во проценти.




**2**. Понатаму, дека **учениците може да ги усвојат планираните содржини од адаптираната наставна програма**, се согласуваат 3 (3%) испитаници, а 66 (78%) од вкупниот број, се изјасниле дека делумно се согласуваат, додека 16 (19%) испитаници се изјасниле дека не се согласуваат, односно сметаат дека учениците не може да ги усвојат планираните содржини од адаптираната наставна програма. Добиените резултати по основ на ова прашање се прикажани процентуално на графиконот кој следува во продолжение.



3. Понатаму, со третото прашање, кое се однесуваше на тоа дека **планираните активности во програмата, ги даваат очекуваните резултати во стекнувањето знаења и развивање на способностите и афинитетите кај учениците**, се согласуваат 13 (15%) испитаници, додека делумно се согласуваат 56 (66%) испитаници, а 15(19%) не се согласуваат со наведеното. Наведеното е претставено на графиконот во продолжение, изразено во проценти.




**4.** Четвртото прашање наменето за наставниците во посебните основни училишта се оденесуваше на тоа дали **планираните методи во програмата, ги даваат очекуваните резултати во стекнувањето знаења и развивање на способностите и афинитетите кај учениците**. По основ на ова прашање, според добиените резултати, се утврди дека со истото се согласуваат 11 (13%) испитаници, додека делумно се согласуваат 62 (73%). Со наведеното не се согласуваат 12 (14%) испитаници. Изнесените одговори од страна на наставниците се прикажани на графиконот даден во продолжение.



**5**. Понатаму, дека **предвидените вежби и задачи во програмата, се остварливи за учениците** се согласуваат 8 (9%) испитаници, односно наставници во посебните основни училишта, додека 63 (74%) само делумно се согласуваат. Со наведеното не се согласуваат вкупно 14 (17%) испитаници, кои сметаат дека истите не се остварливи за учениците. Изнесените резултати по основ на ова, петто прашање се прикажани во проценти на графиконот кој следува во продолжение.




**6**. Понатаму, 47 (55%) испитаници се согласуваат со тоа дека **при подготовката е овозможено користење стручна литература, интернет и други извори**, додека делумно се согласуваат 26 (31%) испитаник/наставник. Со наведеното не се согласуваат 12 (14%) испитаници. На графиконот во продолжение се прикажани добиените резултати изразени во проценти.



7. Со тврдењето дека **при планирање и реализација на наставата овозможена е примена на специфични нагледни средства и помагала** се согласуваат 41 (48%) испитаник, додека вкупно 37(44%) одговриле дека не се согласуваат со наведеното. Само 7 (8%) испитаници одговориле дека не се согласуваат со тоа дека при планирање и реализација на наставата овозможена е примена на специфични нагледни средства и помагала.




**8.** Со следното прашање, кое се однесуваше на тоа дека **при планирање и реализација на наставата овозможена е примена на ИТ технологија**, се согласуваат 42 (49%) испитаници, додека 34 (40%) од вкупно 85 само делумно се согласуваат. Негативно се изјасниле по основ на ова прашање вкупно 9 (11%) испитаници. Процентуално наведеното би изгледало вака:



**9**. Дека во наставниот процес **се применуваат изградени критериуми за оценување на постигањата на учениците, согласно нивните индивидуални психо-физички способности и можности** се согласуваат 41 (48%) испитаник, односно наставник во посебно основно училиште, а 28 (33%) делумно се согласуваат. Со наведеното, дека не се согласуваат се изјасниле 16 (19%) испитаници, кои сметаат дека во наставниот процес не се применуваат изградени критериуми за оценување на постигањата на учениците, согласно нивните индивидуални психо-физички способности и можности.




**10.** На последното прашање, 20 (23%) испитаници, односно наставници се изјасниле дека се согласуваат со тоа дека **наставниците имаат можност стручно да се усовршуваат преку учество на разни форми на интерни и екстерни обуки**, а делумно се согласуваат 50 (59%) испитаници. 15 (18%) од вкупно 85 испитаници не се согласуваат со наведеното, а добиените резултати по основ на последното прашање се претставени на графиконот кој следува.



# IV. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 1. Заклучоци

Со компаративната анализа на програмата од 1960-та година со програмите од 1968, 1970, 1977, 1982, 1998 година како и со актуелните програми од 2008 - 2014 година, се воочуваат повеќе развојни компоненти.

Наставните програми од 1960-та година се структуирани по воспитно - образовни подрачја, предмети и одделенија, со заеднички општи цели и задачи, кои се однесуваат на сите одделенија од соодветното воспитно-образовно подрачје или предмет.

Во програмата од 1968 година покрај општите задачи се појавуваат и општи цели, кои се однесуваат на основното образование на ментално заостанатите деца. Во оваа програма почнува диференцијација на задачите по наставно - воспитни области, поединечно за сите одделенија.

Карактеристично за наставените планови и програми од 1970 година е обидот за диференцијација на наставните програми интерно во степенот на попреченост (дебилитет), односно програма по нивои за средни и тешки дебилни деца. Според програмата од 1977 година, наставата се организира и изведува како настава по предмети и настава по курсеви.

Пилот наставната програма за образование на лица со пречки во психичкиот развој од 1998 година се кракретизира по тоа што е стратифицирана по етапи, нивоа и подрачја, а не по одделенија.

Додека пак актуелните адаптирани наставни програми од 2008 - 2014 година се диференцирани по предмети и одделенија, со тоа што се изготвени посебни адаптирани наставни програми за ученици со интелектуална попреченост (пречки во психичкиот развој), засебно за секој предмет и за секое одделение, со што се потврдува првата хипотеза која гласи:

***“Наставните планови и програми за учениците со интелектуална попреченост, имаат позитивен тренд во развојот“.***

Во однос на развојноста на целите и задачите во наведените програми, карактеристично за програмата од 1960 година е што покрај општите задачи се појавуваат и општи цели, кои се однесуваат на основното образование на ментално заостанатите деца. Во програмите од 1968, 1970 и 1977 година се воочува

диференцијација на задачите по наставно - воспитни области или предмети, поединечно за сите. За програмата од 1998 година е карактеристично тоа што целите во подрачјата се таксативно наброени по тежинско ниво, од наједноставни кон посложени и од секоја наведена цел произлегуваат повеќе конкретни цели и активности, компатибилни со психофизичките способности и можности на учениците со пречки во психичкиот развој. Во актуелните адаптирани наставни програми 2008 – 2014 година, целите се диференцирани по развојни периоди, по одделенија и како конкретни цели за програмски подрачја. Врз основа на изнесеното, целите и задачите, следствено низ програмите, се диференцираат, конкретизираат, надоградуват и усовршуваат, а со тоа и соодветствуваат на степенот на интелектуална попреченост на лицата за кои се наменети, со што се потврдува втората хипотеза која гласи:

***"Целите и задачите низ наставната програма се диференцираат, конкретизираат и усовршуваат".***

Карактеристично за наставните програми од 1960 година е концентричниот начин на распоредување на наставните содржини со нивно повторување и проширување во погорните одделенија. Содржините на овие наставни програми воглавном се структуирани преку поими и активности. На ист начин, преку поими и активности се сруктуирани и проширени и наставните програми од 1968 година.

За програмата од 1970/71 година карактеристично е ставањето акцент на наставните содржини кои се редуцирани во интензитет и екстензитет и се прилагодени на нивоата на лесна интелектуална попреченост (дебилитет) за кои се изготвени. (средни и тешки дебилни деца).

Поголема развојност се воочува во пилот наставната програма за образование на лица со пречки во психичкиот развој од 1998 година, која се карактеризира со спирално распоредување на наставните содржини. Програмата е поделена на етапи, подрачја и нивоа, со таксативно наброени активности, чија структурата овозможува флексибилност во изборот на цели и активности, кои соодветствуваат на индивидуалните можности и потреби на секој ученик со пречки во психичкиот развој.

Развојноста на наставните програми кои се предмет на анализа е евидентна и преку екстензитетот, интензитетот и актуелноста на планираните содржини, кои во сите временски периоди ги следат психофизичките можности и способности на лицата со интелектуална попреченост, како и научните сознанија и општествениот напредок, со што се потврдува и третата хипотеза која гласи:

***"Развојноста на наставните програми е евидентна преку екстензитетот,***

***интензитетот и актуелноста на планираните наставни содржини".***

Врз основа на направената компарација и квалитативна анализа на сите сегменти од општата програмска структура, која се однесува на севкупното работење на посебните основни училишта во различните периоди на реализација на посебното основно образование за лица со интелектуална попреченост, може да се констатира значителен напредок и перманентен развој на сите битни компоненти кои се вградени во општата програмска структура.

Како особено значајни компоненти кои ја сочинуваат основата на програмската структура на посебното основно училиште и кои се предмет на анализа, се наставните планови и програми, односно нивната структура, содржини, цели и задачи.

Развојноста на наставните планови и програми од 1960 година до денес се манифестира преку воведувањето на нови воспитно-образовни подрачја и предмети, компатибилни на состојбите, можностите и потребите на лицата со интелектуална попреченост, вклучително и на актуелниот општествен развој.

Со доказот на сите 3 посебни хипотези, всушност е докажана и **генералната, односно главната хипотеза** која гласи:

***„Постои соодветен и континуиран прогрес и позитивен тренд во развојот на содржините на наставните програми во посебните основни училишта за ученици со интелектуална попреченост во Република Македонија, а со тоа постои и соодветен напредок и развој на самото посебно основно образование, кое низ содржините на наставните програми, соодветно ја извршува својата функција во образованието и во воспитанието на децата со интелектуална попреченост кои посетуваат настава во овие училишта".***

Со цел воочување на развојноста на наставните планови и програми кај лицата со умерено намалени ментални способности направена е анализа на општата програмска структура со наставен план и програми на воспитно-образовната работа со децата со умерено намалени ментални способности (училишна возраст), донесена 1979 година, кои се единствени и сеуште актуелени и според кои и денес се работи.

Самиот факт што се поминати скоро 4 децении од имплементацијата и реализацијата на оваа програма, укажува на потребата од нејзино итно менување, надоградување и усовршување, согласно барањата на лицата со умерена попреченост, при тоа земајќи ги предвид континуираниот развој на научните сознанија и општествените процеси во Република Македонија.

**Квантитативната анализа** е во функција на дополна на квалитативната анализа и има за цел да се согледа моменталната состојба во посебното основно образовение по имплементација на актуелните адаптирани наставни програми за ученици со лесни пречки во психичкиот развој (2008-2014 година) во посебните основни училишта за ученици со интелектуална попреченост во Република Македонија.

Врз основа на добиените резултати од двата прашалника и нивната интерпретација, може да се констатира дека во однос на планирањето на наставата на наставниците, резултатите од прашалникот се *со висок процент на исполнителност во однос на сите ставови.*

За разлика од нив добиените резултати од прашалникот за имплементација на актуелните адаптирани наставни програми 2008 – 2014 година (наменет за наставниците во посебните основни училишта), покажуваат висок процент на делумна реализација на планираните цели ( 77%), содржини (78%), активности ( 66%) и методи (73%) од програмите, што сигнифицира *делумен позитивен тренд во нивниот развој*.

Ваквата состојба се должи пред се на изменетата структура на учениците кои се запишуваат и образуваат во посебните основни училишта. Имено, учениците со полесна интелектуална попреченост, се почесто се вклучуваат во редовните паралелки во основните училишта, со што во посебни училишта или во посебни паралелки при редовните основни училишта се воспитуваат и образуваат ученици со се потешка интелектуална попреченост (долна граница на лесна интелектуална попреченост, умерена интелектуална попреченост и мултихендикеп). Оваа состојба произлегува од различните можности на учениците со интелектуална попреченост во усвојување на наставните содржини и нивно напредување во учењето.

Од тие причини, во основното образование на учениците со посебни образовни потреби се изготвуваат Индивидуални образовни програми (ИОП), со што се создаваат претпоставки за поуспешна организација и реализација на воспитно-образовната работа. Суштествено, училиштата за основно образование за учениците со посебни образовни потреби вклучително и за ученици со интелектуална попреченост се организираат врз исти принципи како и редовните основни училишта, со што на овие ученици им е овозможено елементарно основно општо образование, во склад со нивното функционирање и учество.

Општото образование во посебното основно училиште според своите цели и задачи, изборот и распоредот на образовните содржини, како и начинот, формите и средствата за реализација, е насочено кон развој на сите зачувани способности и

елиминирање, ублажување и корекција на недостатоците во физичката, менталната и емоционалната сфера на активностите и оденесувањето на децата со пречки во развојот. Всушност, целокупната воспитно образовна работа на посебните основни училишта е конципирана да им овозможи на учениците со интелектуална попреченост, добра основа за понатамошно работно или стручно оспособување во посебните средни стручни училишта и што поуспешна општествена инклузија.

Специфичните потреби, различните можности и ограничените способности на децата кои посетуваат посебни основни училишта, ја налага потребата од континуирано унапредување, надоградување и адаптирање на наставните програми.

Од изнесеното во трудот, се забележува дека оваа постапка не е ниту лесна, ниту едноставна, бидејќи под адаптација не се подразбира механичко скратување на обемот и на содржината на наставната програма за редовните основни училишта. Наставните програми за посебното основно училиште се фокусирани на значајните елементи на образованието, групирани по својата внатрешна содржинска логика на сите специфичности, кое иницира работа со овие деца. Реализацијата на адаптираните наставни програми, првенствено зависи од индивидуалните можности на ученикот и групата. Тоа го наложува и барањето за индивидуализацијата на наставата, што овозможува структурата да се прилагоди на можностите на учениците.

Преку планираното истражување е анализиран и степенот на развојност на наставните програми во посебните основни училишта, односно развојот на посебното основно образование низ содржините на наставните програми наменети за наставата во посебните основни училишта во Република Македонија, или попрецизно за децата со пречки во интелектуалниот развој.

Практично, од изнесеното, се заклучува дека постои континуиран тренд на развој, односно на унапредување или усовршување на наставните планови и наставните програми наменети за посебните основни училишта за ученици со лесна интелектуална попреченост, кои од содржински (1960-1998 година), се трансформираат во развојно целни (2008 – 2014 година).

Исто така се заклучува дека сеуште нема нова унапредена или усовршена наставна програма за воспитно-образовната работа со децата со умерено намалени ментални способности. Последен таканаречен напредок е забележителен 1979 година со усвојувањето и имплементацијата на општата програмска структура со наставен план и програми на воспитно-образовната работа со децата со умерено намалени ментални способности (училишна возраст), со Концепцијата за деветгодишното основно

образование и воспитание од 2007 година, Националната програма за развој на образованието 2005-2015 година, како и преку донесената Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018 година.

Од наведеното се заклучува дека постои значителен степен на напредок, кој во позитивна смисла, во голема мера влијае на развојот на посебното основно образовение во посебните основни училишта во Република Македонија, со што се остварени целите и задачите на магистерскиот труд.

Од изнесеното во трудот исто така се заклучува дека, со континуираното надоградување и адаптирање на наставните програми според потребите на децата со интелектуална попреченост, основното образование и воспитание се организира на најпогоден начин, со што се зголемува квалитетот и ефикасноста во очекуваното напредување на учениците во посебните основни училишта и се создаваат подобри услови за работа во овие образовни установи.

Во трудот, емпириски и дескриптивно е дадена соодветна димензија на искуствата во нашата земја во изминатите години, како и на поновите искуства со акцент на моменталната состојба преку која се покажува структурата на актуелните наставни програми наменети за учениците со интелектуална попреченост во посебните основни училишта во моментов, но и во минатиот период.

## 2. Препораки

Наставните планови и програми за основно образование во посебните основни училишта за ученици со интелектуална попреченост, според своите цели и задачи, изборот и распоредот на образовните содржини, методи, форми и средства за реализација, се патоказ кон сестран и хармоничен развој на зачуваните функционалности, одстранување на значителни ограничувања во интелектуалното функционирање и во адаптивното однесување и корекција на недостатоците во физичката, менталната и емоционална свера на активностите и однесувањето на овие ученици.

За таа цел при адаптирање, надоградување и усовршување на наставните планови и програми за работа во посебните основни училишта за ученици со интелектуална попреченост, а врз основа на направеното истражување во овој магистерски труд, произлегуваат следните препораки:

- При изготвување на програмите да се почитуваат можностите и способностите на учениците за кои се наменети, односно структурата на програмите да се прилагоди на можностите на учениците. Воедно, при адаптирањето да се имаат предвид актуелните општествени и технолошки промени и реалните потреби на децата со интелектуална попреченост.
- При надоградување, адаптирање и изготвување на нови наставни програми, да бидат вклучени експерти од повеќе образовни, научни, и други институции кои се занимаваат со оваа проблематика и стручни лица непосредно вклучени во воспитно образовниот процес.
- Доследна примена на современите дидактички принципи, правила и научни критериуми за избор и систематизирање на наставните содржини.
- Осовременување на наставните сретства со примена на ИТ технологија, вклучително и асистивна технологија.
- Континуирано усовршување и надоградување на стручните и образовни компетенции на наставниците-дефектолози за непосредна работа со учениците во наставата.
- Примена на современи интерактивни методи и техники во наставата за интензивирање на активноста на учениците и развој на способностите за самостојно учење.

- Развивање и унапредување на системот за следење и вреднување на постигањата на учениците, врз основа на целите и задачите кои треба да ги остваруваат учениците и наставниците.
- Поефикасно спроведување на стратегијата за интегрирано образование на лицата со попреченост од аспект на синергија помеѓу посебните и редовните основни училишта.

## Библиографија


1. Ајдински, Љ. (1997). *Методика на работа со лесно ментално ретардирани ученици*, УКИМ, Филозофски факултет, Институт за дефектологија, Скопје
2. Ајдински, Г.,и други (1998). Раната дијагностика како детерминирачки фактор за стручен, рационален и ефикасен третман на децата со пречки во развојот. *Дефектолошка теорија и практика бр. 2*, Скопје.
3. Ајдински,Г.,1997. *Од нормативно-правната регулатива за хендикепираните лица*, Дефектолошка теорија и пракитка, бр. 1, Скопје.
4. Ајдински,Љ. (1982). *Интегрална рехабилитација на ментално ретардираните лица*, ЈКСД, Белград.
5. Ајдински, Љ. (1995). Новини искуства и тенденции во интеграцијата и нормализацијата на третманот, образованието и оспособувањето односно рехабилитација на хендикепиранитре лица, *Прва меѓународна конференција*, Струга.
6. Ајдински,Љ. (1970). Завод за рехабилитација на деца и младинци, Скопје.
7. Ајдински Љ., Ајдински Г., Михаилов З. (1999). Основи на дефектолошката теорија и практика, *Сојуз на дефектолозите на Македонија,* Скопје.
8. Ajdinski Lj. (1997). Special Education in Macedonia, *European Journal of Special Needs Education*.
9. Avissar,G. (2005). Perspectives of teacher training for Special Education in the 21st century. *European Journal of Special Needs Education*.
10. Allen, D.W. (2003). *The effects of technology on educational theory and practice: A 20-year perspective*. Computers in the Schools.
11. Armstrong, K. (2003). Location of specific places on a map: Assistive technology for learning. *Special Education Technology Practice*.
12. Asuncion, J.V., & Fischten, C.S. (2003). Are you considering all students, including those with disabilities, when planning for technology integration? *Educational Technology*.
13. Бала Ј., Новак Ј. (1991). *Карактеристике развоја и психолошка процена ментално заостале деце*. Београд.
14. Bos, C. S. & Vaughn, S. (2005). Strategies for teaching students with learning and behavior problems. *Upper Saddle River*, NJ: Pearson.
15. Blake A. (1978). *The Mentally Retarded*. New Jersey. Prentice Hall, Cliffs.
16. Bowe, F. (2004). *Making Inclusion Work*. Upper Saddle River, NJ: Pearson.

17. Виготски Л. (1987). *Основи дефектологија*. Завод за уџбенике и наставна средства. Београд.
18. Влахов Г. (1965). *Социјални аспекти рехабилитације дефектних лица*. Београд.
19. Волф Н., (1971). *Превенција менталне ретардација*, Преглед.
20. Baker, S., Gersten, R., & Graham, S.(2003).Teaching expressive writing to students with learning disabilities: Research-based applications and examples. *Journal of Learning Disabilities.*
21. Banks, R.A., Santos, R.M., & Roof, V. (2003). Discovering family concerns, priorities, and resources: Sensitive family information gathering. *Young Exceptional Children.*
22. Baylor,A.K., & Ryu, J. (2003). The effects of image and animation in enhancing pedagogical agent persona. *Journal of Educational Computing Research.*
23. Boone, R., & Higgins, K. (2003). Reading, writing, and publishing digital text. *Remedial and Special Education.*
24. Bryant, D.P., Goodwin, M., Bryant, B.R., & Higgins, K. (2003). Vocabulary instruction for students with learning disabilities: A review of the research. *Learning Disabilities Quarterly.*
25. Bull, G., Bull, G., & Kajder, S., (2003). Writing with weblogs. *Learning and Leading with Technology.*
26. Burgstahler, S. (2003). The role of technology in preparing youth with disabilities for postsecondary education and employment. *Journal of Special Education Technology.*
27. Cass, M., Cates, D., Smith, M., & Jackson, C. (2003). Effects of manipulative instruction on solving area and perimeter problems by students with learning disabilities. *Learning Disabilities Research and Practice.*
28. Cawley, J.F., Foley, T.E., & Miller, J.,(2003). Science and students with mild disabilities: Principles of universal design. *Intervention in School and Clinic.*
29. Chapman, R. (2007). Discipline and disability: Determining when a child's misbehavior in school is related to a disability. *Pediatrics for Parents.*
30. Cortiella, C. (2009). *The State of Learning Disabilities*. New York, NY: National Center for Learning Disabilities.
31. Cradler, J. (2003). *Research on e-learning*. Learning and Leading with Technology.
32. Cradler, J. (2003). *Technology's impact on teaching and learning*. Learning and Leading with Technology.
33. Culatta, R. (2003). *The Internet unplugged*. Learning and Leading with Technology.
34. Davies, D.K., Stock, S.E., & Wehmeyer, M.L. (2003). *Application of computer simulation*

*to teach ATM access to individuals with intellectual disabilities.* Education and Training in Developmental Disabilities.

35. Davis, S., & Hastings, R.P. (2003). Computer technology in clinical psychology services for people with mental retardation: A review. *Education and Training in Developmental Disabilities.*
36. Day, J.N., & Huefner, D.S. (2003). Assistive technology: Legal issues for students with disabilities and their schools. *Journal of Special Education Technology.*
37. De La Paz, S., & MacArthur, C. (2003). Knowing the how and why of history expectations for students with and without learning disabilities. *Learning Disabilities Quarterly.*
38. Dissinger, F.K. (2003). Core curriculum in assistive technology: In-service for special educators and therapists. *Journal of Special Education Technology.*
39. Dockrell, J., Peacey, N. and Lunt, I. (2007). *Literature review: meeting the needs of children with special educational needs.* Institute of Education, University of London, London.
40. Dockrell, J., Peacey, N. and Lunt, I. (2007). *The excusal provision of the IDEA 2004: Streamlining procedural compliance or prejudicing rights of students with disabilities?* Preventing School Failure.
41. Edyburn, D.L. (2003). *Reading difficulties in the general education classroom: A taxonomy of text modification strategies.* Closing the Gap.
42. Edyburn, D.L. (2003). Measuring assistive technology outcomes in writing. *Journal of Special Education Technology.*
43. Edyburn, D.L. (2003). Learning from text. *Special Education Technology Practice.*
44. Embregts, P.J. (2003). Using self-management, video feedback, and graphic feedback to improve social behavior of youth with mild mental retardation. *Education and Training in Developmental Disabilities.*
45. Ericson, K., & Isaacs, B. (2003). Eyewitness identification accuracy: A comparison of adults with and those without intellectual disabilities. *Mental Retardation.*
46. Fish, T. (2003). Building a web site from the inside. *Learning and Leading with Technology.*
47. Furick, P.K. (2003). Teaching mind-reading: Making sense of social behavior. *Closing the Gap.*
48. Garber, S. (2003). Good tools plus good training equal good results for students. *Closing the Gap.*

49. Gardner, J.E., Wissick, C.A., Scweder, W., & Canter, L.S. (2003). Enhancing interdisciplinary instruction in general and special education: Thematic units and technology. *Remedial and Special Education.*
50. Harn, M.L., Torres-Rivera, E., Farrett, J.T., & Roberts, L.C. (2003). Open hands, open hearts: Working with native youth in the schools. *Intervention in School and Clinic.*
51. Hackmann, D.G. (2003). The promotion/tenure dilemma: Maintaining a research agenda while developing distance learning teaching excellence. *Journal of Technology and Teacher Education.*
52. Hall, D. (2003). Power strategy tool kit, Part 3: Managing the operations. *Learning and Leading with Technology.*
53. Harris, F., & Sprigle, S. (2003). Cost analyses in assistive technology research. *Assistive Technology.*
54. Hatley, M., Minnick, S., & Marfilius, S. (2003). Technology integration: A model for success. *Closing the Gap.*
55. Heiman, T., & Prevel, K. (2003). Students with learning disabilities in higher education: Academic strategies profile. *Journal of Learning Disabilities.*
56. Hetzroni, O.E., & Roth, T. (2003). Effects of a positive support approach to enhance communicative behaviors of children with mental retardation who have challenging behaviors. *Education and Training in Developmental Disabilities.*
57. Heward, W.L. (2003). Ten faulty notions about teaching and learning that hinder the effectiveness of special education. *Journal of Special Education.*
58. Hall, D. (2003). Power strategy tool kit, Part 1: Managing the vision. *Learning and Leading with Technology.*
59. Harris, J. (2003). Seek strategically, find answers appropriately. *Learning and Leading with Technology.*
60. Hitchcock, C., Stahl, S. (2003). Assistive technology, universal design, universal design for learning: Improved learning opportunities. *Journal of Special Education Technology.*
61. Hogan, B.J., & Dooley, P. (2003). Design and deployment of a computerized audio library with Internet streaming for students with print disabilities. *Journal of Special Education Technology.*
62. Holzberg, C.S. (2003). A must-know web guide for administrators. *Technology and Learning.*
63. Jeffs, T., Morrison, W.F., Messenheimer, T., Rizza, M.G., & Banister, S. (2003). A retrospective analysis of technological advances in special education. *Computers in the*

*Schools.*

64. Johnson, D. (2003). Choosing the right books for struggling readers. *Learning and Leading with Technology.*
65. Johnson, J.M. (2003). From lofty beginnings to the age of accountability: A look at the past 30 years of educational software. *Learning and Leading with Technology.*
66. Johnston, S. (2003). Making the most of single switch technology: A primer. *Journal of Special Education Technology.*
67. Lee-Tarver, A L. (2006). Are individualized education plans a good thing? A survey of teachers' perceptions of the utility of IEPs in regular education settings. *Journal of Instructional Psychology.*
68. National Education Association. (2007). *Special education and the individuals with disabilities education act.* Retrieved October from www.nea.org/specialed/index.html.
69. Nola P.& Louise E. (2005). A Review of the Empirical Evidence Identifying Effective Interventions and Teaching Practices for Students with Learning Difficulties in Year 4, 5 and 6". *ACEReSearch.*
70. O'Donovan, E. (2007). *Making individualized education programs manageable for parents: Reaching out is the right thing to do.* Retrieved October 15, 2007, www.districtadministration.com.
71. Sauer, J.S. (2007). No surprises please: A mother's story of betrayal and the fragility of inclusion. *Intellectual and Developmental Disabilities.*
72. Stayton, V.D. & McCollun, J. (2002). Unifying general and special education: What does the research tell us? *Teacher Education and Special Education.*
73. Tejeda-Delgado, M. (2009). Teacher efficacy, tolerance, gender, and years of experience and special education referrals. *Internationaл Journal of Special Education.*
74. Wallon H. (1985). *Психички развој детета.* Завод за уџбенике и наставна средства, Београд.
75. Wilmshurst, L., & Brue, A. W. (2010). *The complete guide to special education (2nd ed.).* San Francisco: Jossey-Bass.
76. *Наставен план и програми за основни училишта и паралелки за психички заостанати деца (дебили) во НРМ* ( 1960) Завод за унапредување и проучување на школството, Скопје.
77. *Наставен план и програми за специјалните основни училишта и специјалните паралелки за лесно ментално заостанати деца при редовните основни училишта во СРМ* (1968). Завод за унапредување и проучување на школството, Скопје.

78. *Наставен план и програма за специјалните основни училишта и специјалните паралелки при основните училишта за учениците со лесно намалени ментални способносто во СРМ* (1977). Завод за унапредување и проучување на школството, Скопје.
79. *Измени и дополнувањата на усовршените наставни програми за специјалното основно образование за учениците лесно попречени во психичкиот развиток.* (1982) Завод за унапредување и проучување на школството, Скопје.
80. *Пилот наставна програма за образование на лица со пречки во психичкиот развој.* (1998). Биро за развој на образованието, Министерството за образование и наука, Скопје.
81. *Наставен план и адаптирани наставни програми за деветгодишно основно образование и воспитание за деца со посебни образовни потреби во посебните основни училишта и посебните паралелки на основнитеучилишта 2008-2014 година.* (2008). Биро за развој на образованието, Министерството за образование и наука, Скопје.
82. *Општа програмска структура со наставен план и програми на воспитно-образовната работа со децата со умерено намалени ментални способности (училишна возраст)* (1979). Завод за унапредување и проучување на школството, Скопје.
83. *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование, Министерство за образование и наука.* (2007). Биро за развој на образованието, Скопје.
84. *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005 - 2015 со придружни програмски документи,* Министерство за образование и наука, Скопје.
85. *Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност* 2010-2018. Влада на РМ.
86. Петрушев, Г. (2013). *Специјална едукација и рехабилитација*, Гласило на Сојузот на дефектолози на Република Македонија.
87. УНИЦЕФ Македонија (2015). *Нацрт упатстава за спроведување на новиот модел за оцена.*
88. Пољак, В. (1990). *Дидактика.* Загреб: Школска књига.
89. Спасевски, Ѓ. (1985). *Планирање и подготовка на наставата за децата и младинците попречени во развитокот.* Скопје.
90. Правилник за начинот на водење евиденција и за категоризација на децата и

младинците со пречки во психофизичкиот развој. Службен весник на СРМ бр. 8/81.

91. *Наставен план и програма за основно образование на ментално заостанати деца, Републички завод за унапредување на школството на СР Македонија.* (1968), Скопје.
92. *Наставен план и програма за специјално основно училиште за средни и тешки дебилни деца* (1970). Завод за унапредување и проучување на школството, Скопје.
93. *Наставен план и програма за специјалните основни училишта и специјалните паралелки при основните училишта за учениците со лесно намалени ментални способносто во СРМ.* (1977). Завод за унапредување и проучување на школството, Скопје.
94. *Измени и дополнувањата на усовршените наставни програми за специјалното основно образование за учениците лесно попречени во психичкиот развиток.* (1982). Завод за унапредување и проучување на школството, Скопје.
95. *Пилот наставна програма за образование на лица со пречки во психичкиот развој*, (1998). Биро за развој на образованието, Министерството за образование и наука, Скопје.
96. *Наставен план и адаптирани наставни програми за деветгодишно основно образование и воспитание за деца со посебни образовни потреби во посебните основни училишта и посебните паралелки на основнитеучилишта 2008-2014 година*, Биро за развој на образованието, Министерството за образование и наука, Скопје.
97. *Општа програмска структура со наставен план и програми на воспитно-образовната работа со децата со умерено намалени ментални способности (училишна возраст*). (1979). Завод за унапредување и проучување на школството, Скопје.
98. *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005 - 2015 со придружни програмски документи,* Министерство за образование и наука, Скопје.
99. *Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност* 2010-2018. Влада на РМ

**Користени линкови:**


1. https://www.european-agency.org/country-information/sweden/general- information
2. http://www.unicef.org/disabilities/files/SNE_Country_Data_2012.pdf
3. https://www.gov.uk/government/uploads/system/uploads/attachment_da ta/file/447917/SFR25-2015_Text.pdf
4. https://www.gov.uk/government/uploads/system/uploads/attachment_da ta/file/276698/Building_Bulletin_102_designing_for_disabled_children_an d_children_with_SEN.pdf
5. https://www.european-agency.org/country-information/italy/general- information
6. http://www.ncca.ie/uploadedfiles/nccaeng.pdf
7. https://www.european-agency.org/sites/default/files/special-needs-education-in-europe_sne_europe_en.pdf
8. http://www.hfh.ch/fileadmin/files/documents/Dokumente_FE/D.20_Cou ntry-Report---Sweden-by-L-Thorsson.pdf
9. http://aaidd.org/intellectual-disability
10. http://www.cdc.gov/ncbddd/disabilityandhealth/people.html
11. http://victoriancurriculum.vcaa.vic.edu.au/

## Прилог 1. Прашалник за самоевалуација на наставниците за планирањето на наставата

**N1- никогаш; N2- понекогаш; N3- секогаш**

| | ПРАШАЊЕ | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Моето планирање е насочено кон постигнување на целите од програмата. | | | |
| 2 | Изготвувам интерен индивидуален образовен план во рамките на адаптираните наставни програми за учениците чиј степен на попреченост не дозволува следење на планираните цели, содржини и активности. | | | |
| 3 | Планирам различни облици на работа во функција на ефикасно стекнување на знаења. | | | |
| 4 | Планирам различни облици на работа во функција на ефикасно развивање на способности и вештини на учениците. | | | |
| 5 | Планирам различни методи на работа во функција на ефикасно стекнување на знаења. | | | |
| 6 | Планирам различни методи на работа во функција на ефикасно развивање на способности и вештини на учениците. | | | |
| 7 | Планирам различни места на изведување на наставата во функција на остварување на целите. | | | |
| 8 | Мојата подготовка за реализација на часот има јасна структура. | | | |
| 9 | При подготовката користам стручна литература, Интернет и други извори. | | | |
| 10 | При подготовката ги земам предвид разликите меѓу учениците во напредувањето, знаењата и искуствата. | | | |
| 11 | Подготвувам задачи и активностисо различна тежина. | | | |
| 12 | Планирам активирање на учениците заради користење на нивните предзнаења. | | | |
| 13 | Планирам користење на наставни средства, соодветни модели, материјали и прирачни средства. | | | |
| 14 | Планирам користење компјутер, интернет и визуелни и аудитивни наставни помагала. | | | |
| 15 | Осмислувам и подготвувам истражувачки активности. | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16 | Осмислувам и подготвувам вежби. | | | |
| 17 | Ги почитувам дидактичко-методските насоки дадени во наставната програма. | | | |
| 18 | Ги користам предложените примери од добиените прирачници (на семинарот, прирачникот за деветгодишното основно образование и сл.). | | | |
| 19 | Изработувам потребни наставни материјали и инструменти за следење на учениците. | | | |
| 20 | По реализираните часови ги бележам забелешките и дополненијата и ги користам при наредните планирања. | | | |

1- никогаш
2- понекогаш
3- секогаш

## Прилог 2. Прашалник за имплементација на актуелните адаптирани наставни програми (наменет за наставниците во посебните основни училишта)

**N1- се согласувам; N2- делумно се согласувам; N3- не се согласувам**

| | ПРАШАЊЕ | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Учениците може да ги постигнат планираните цели одадаптираната наставна програма. | | | |
| 2 | Учениците може да ги усвојат планираните содржини од адаптираната наставна програма. | | | |
| 3 | Планираните активности во програмата, ги даваат очекуваните резултати во стекнувањето знаења и развивање на способностите и афинитетитекај учениците. | | | |
| 4 | Планираните методи во програмата, ги даваат очекуваните резултати во стекнувањето знаења и развивање на способностите и афинитетитекај учениците. | | | |
| 5 | Предвидените вежби и задачи во програмата, се остварливи за учениците. | | | |
| 6 | При подготовката е овозможено користењестручна литература, интернет и други извори. | | | |
| 7 | При планирање и реализација на наставата овозможена е примена на специфични нагледни средства и помагала. | | | |
| 8 | При планирање и реализација на наставата овозможена е примена на ИТ технологија. | | | |
| 9 | Се применуваат изградени критериуми за оценување на постигањата на учениците, согласно нивните индивидуални психо-физички способности и можности. | | | |
| 10 | Наставниците имаат можност стручно да се усовршуваат преку учество на разни форми на интерни и екстерни обуки. | | | |

1 - Се согласувам

2 - Делумно се согласувам.

3 - Не се согласувам.